СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и втората на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**ШЕЕСЕТ И ВТОРА СЕДНИЦА (62) II ПР0Д0ЛЖЕНИЕ, 12.V.1993**

започнува од 5 точка
ТОЧКА 9- ДЕВИЗНИТЕ ШТЕДНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ

| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН | 130 |
| 2. АБДИ ФАИК | 79, 140 |
| 3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД | 3, 6, 67 |
| 4. АЛИУ ХАМИД | 9, 141 |
| 5. АРСОВОКИ БРАНКО | 38, 75, 157 |
| 6. АНАСТАСОВСКИ МИТКО | 44, 45, 106 |
| 7. АРСОВ ДРАГИ | 100 |
| 8. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР | 26, 22, 29, 32, 117 |
| 9. ГОШЕВ ПЕТАР | 152 |
| 10. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО | 156 |
| 11. ДИМОВ ТОДОР | 58, 62 |
| 12. ЖУТА БЕЌИР | 127, 128, 130, 133, 148 |
| 13. ИВАНОВСКИ СИМЕОН | 2, 3 |
| 14. ИВАН0В ИВАН | 23, 30, 64, 121 |
| 15. КРСТЕВСКИ НИКОЛА | 25, 123 |
| 16. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ | 62, 101 |
| 17. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА | 77, 79, 108, 132, 145 |
| 18. МЛАДЕНОВ ВАНЧО | 20,, 21, 24, 26, 40, 115 |
| 19. МИНОВ ПАНЧО | 24 |
| 20. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН | 35, 37, 114, 149 |
| 21. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР | 49, 110 |
| 22. МАРКОВСКА ЃУСЛИСТАНА | 101, 133 |
| 23. МАНЕВ ЕФТИМ | 104, 118, 137, 139 |
| 24. ПАНОВСКИ МИХАИЛ | 1,3,25,72,76,145,146,147,150,156 |
| 25. ПРЕВАЛА ШАБАН | 13, 21, 47, 143 |
| 26. ПОПОВСКИ НИКОЛА | 65, 75, 107, 112 |
| 27. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ | 134 |
| 28. ПОПОВСКИ ЉУПЧО | 154 |
| 29. СТАНКОВСКИ РИСТО | 2, 147 |
| 30. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА | 26, 69, 142 |
| 31. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 53, 136, 155 |
| 32. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 80, 119, 120, 121 |
| 33. СТАНОЕВСКИ БОРКО | 124 |
| 34. СТАНКОВСКИ РИСТО | 138, 140 |
| 35. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 159 |
| 36. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ | 102, 104, 105, 110, 165 |
| 37. ТАИРИ ЏЕЛИЛ | 18, 37, 159 |
| 38. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ | 5, 11, 13, 14, 15, 27, 41 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Денешната седница беше закажана во 10,00 часот. Ѕвоното почна да ѕвони во 10,30 часот. Сега е 11,30 часот и сеуште нема присутни пратеници за да се почне со работа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Секој може да си каже што мисли, но не можеме полноправно да одлучуваме. Инаку ова работно претседателство, овие пет души што седат горе еднаш засекогаш треба да сфатат дека кога ќе закажат седница со почеток во 10 часот тие треба тука да,бидат седнати во 10 часот, а нр ние да чекаме. Ако се закаже седницата во 10 часот, тие треба тука да бидат седнати. И да се врши прозивка кој не е тука, затоа што едните исти стално сме тука,едни исти ги нема. Не можат господата директори што се по фирми, доктори и т.н. си имаат работно место и тоа им е поважно отколку седењето во Парламент< Дајте да се прозиваме за да видиме кој е тука.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Точно во 10 часот Претседателството беше тука, само не беше седнато овде. Инаку јас бидејќи бев задолжен да ја почнам седницата, се симнав долу, дадов знак да се почне, меѓутоа, немаше доволен број на присутни пратеници. Молам, камерата нека ги објавува кои се редовни, а кои не се редовни и после еден час задоцнување.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас предлагам за да се отстранат некои дилеми што сега ги кажа и пратеникот Пановски, да се изврши поединечно прозивање на сите присутни пратеници и да се види кој е тука и да се презакаже седницата за половина час.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи немаме кворум за работа предлагаме да почекаме уште половина час.

Седницата ќе ја започнеме во 12,00 часот.

(Седницата продолжи со работа во 12,15 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За денешната седница најавија отсуство: Наум Симјановски Зоран Крстевски, Славе Наумовски, Ристо Стаменов, Благој Тошев, Симон Наумовски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точка 5** - Предлог на закон за кредитни односи со странство.

Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Јас имам процедурална забелешка. Во обидот, во 10, или во 11,30 часот да почне седницата беше изнесена една, нормално по мене правилна забелешка за закаснување на седниците. Имавме интервенции за сталното

доцнење, но во тоа беше изнесена една тотална невистина од господинот Пановски дека за доцнењето на седниците или прекинување криви се директорите и тоа комунистичките директори. Па јас малку погледав дека во овој Парламент има околу 15 директори и дека седницата би можела да почне кога и ниеден од директорите не би бил присутен. Овде има околу 80 платени пратеници, така што ако тие се присутни овде, седницата може секогаш да почне навреме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема процедурален карактер.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

да присуствуваат Има процедурален карактер затоа што не можат секогаш директорите за било што да се случува во Парламентот. Ние овде сме пратеници и не сме директори. И така треба да интервенирам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Тие што ме слушаа, ако ме слушаа внимателно никаде не кажав комунистички директори. Тврдам дека не сум рекол комунистички директори. Постои снимка, постои стенограм, ќе прочитате што сум рекол. Јас реков дека во Парламентот. има голем број на директори кои што си имаат обврски на своите работни места, раководат со големи. раководни организации и многу често не се присутни на седниците. Ние едните исти стално сме тука.

**СТОЈАН АНДОВ**

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас во начелниот претрес, општиот претрес по точката која е на дневен ред ќе искажам само некои мислења во врска со законот, па можеби ќе поставам и одредени

прашања и свои гледања, а доколку сметаат претставниците односно министерот за финансии за потребни може и да одговори.

Веднаш на почетокот да кажам дека се поставува една дилема, ќе го кажам тоа веднаш преку одредените членови цитирани во законот. На почетокот ќе почнам со членот 2: девизите можат да се користат само за плаќање во странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дневен ред е законот за кредитни односи со странство, а не е Законот за девизно работење.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Се извинувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор во општиот претрес? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за економска•политика и развој поднесе амандмани на член 8 и на член 9 став 1. Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 9 став 1 и 2. Член 11 став .2 и за бришење на ставот 5 и на член 19. Пратеникот Тодор Димов поднесе амандман на член 8 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандмани на член 3 став 1 , член 4, член 5, член 6, член 9;став 1, член 11, член 12, член 16 став 2 за бришење на став 2, на насловот на главата III за бришење на став 2 на член 18. Член 19 за бришење' на член 20. Член 21 став 1 и на член 25 став 1. Меѓутоа, на седницата на Комисијата за финансирање и буџет истите ги повлече.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 19 став 1 со кој не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 1 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Дали некој бара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи комисиите одржаа истовремено седници и имавме претставници од Владата различни. Истиот амандман беше и во Комисијата за финансирање и буџет каде што претставникот на Владата се согласил со овој амандман. Сега сакам да ве информирам ! дека Владата се согласува со овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, амандманот е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласа&е.

Кој е за, молам да крене рака (59)

Дали има некој против"? (никој)

Дали некој се воздржува. од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за кредитни односи со странство.

Минуваме на **точка 6 -** <u>Предлог на закон за девизно работење</u>.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој и Законодавно- правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Како што претходно читав, се извинувам, не следев, има промена на дневниот ред, како што кажав во член 2 за мене се поставува една дилема. Таму е наведено дека девизите можат да се користат само за плаќање во странство. Се поставува прашање, дали треба тоа само така да биде, или не? Кои причини? Дали при продажбата од консигнациони складишта исто ќе се смета дека тоа плаќање е со девизи. Од консигнациони складишта кога се продава стока, се продава за девизи. Сега дали ќе биде постапката таква да со претходно продавање на девизите на банките ќе биде тоа регулирано, или како. Како се мисли, јас мислам дека овде е одредена моја дилема и заради тоа реков дека доколку смета министерот може и да одговори.

Следната дилема е која претпоставувам дека сите нас не боли, особено ако се има во предвид состојбата со запленетите девизи и ќе сугерирам нешто, а тоа е врзано со член 8 став 3. Во предложениот текст се вели: за девизите на девизните сметки и на девизните штедни книшки гарантира банката кај која се вложени девизите со целокупниот свој капитал, или во рамките на обезбедената гаранција. Јас мислам дека, и се залагам за тоа овде гаранцијата да ја сноси државата. Немој да имаме состојби со банките ако веќе правиме одредени ограничувања, а тоа го видовме и со Законот за банките. Затоа мислам дека обврската, гаранцијата треба да лежи на државата, затоа што одредени доста големи ингеренции во банките, во правата, во издавањето на одобренија, односно овластување на банките ги има државата, односно Народната банка. Според тоа, мислам дека, мое сугерирање, е дека треба да гарантира државата.

Член 12 го регулира прашањето кое е претходно регулирано во врска со девизното работење на лицата од член 9, а тоа се домашни лица во смисла на овој закон, претпријатија, банки и други правни лица и тука се

вели дека: контролата над домашните лица во однос на девизното работење, дека овие домашни лица сите подлежат под контрола, под девизен надзор и контрола. Мислам дека исто по однос на ова прашање дека под таква контрола треба да подлегнува и Народната банка.

Следната моја забелешка е во однос на девизното работење на банките, посебно ставот 2 кој по мене создава одредена забуна. Ставот 2 од член 52, за издавање на овластувања на банките за вршење на платен промет со странство и кредитни работи со странство одлучува Советот на Народната банка, а за вршење на девизно валутни и менувачки работи во Република Македонија овластување издава гувернерот на Народната банка под услови утврдени со прописот од став 1 на овој член. А такви услови по мене не се утврдени во став 1 од овој член. Заради запознавање. Да кажам дека платниот промет со странство и кредитните работи со странство, девизно валутните и менувачките работи во Република Македонија ги вршат банките кои ги исполнуваат условите за вршење на тие работи .пропишани од страна на Народната банка,Како што зборува став 2 тие услови не се пропишани.

Следната моја забелешка е во однос на член 63. Таму е речено дека боновите за набавка на моторен бензин и дизел гориво ги издава Народната банка а дистрибуирањето и продавањето се врши преку АВТОМОТО сојузот на Македонија. Мислам дека овде се прави одредена неправилност. Мислам дека не треба само да се даде тоа право само на АВТОМОТО сојузот на Македонија. Сите тие кои што се чувствуваат способни и кои можат да одговорат на таа обврска, мислам дека може да се даде тоа право и сите тие да ги дистрибуираат

Да кажам пример, АВТОМОТО сојузот на Македонија не работи во Дебар и во Дебар не можат да се добијат бонови за бензин. Зошто?

Овде една работа која ми се допадна, меѓутоа незнам, поставувам прашање, односно дилема е во мене дали ќе бидеме во состојба тоа да го регулираме. Се надевам дека ќе го регулираме, меѓутоа во денешен момент претставува еден голем проблем, а тоа е прашањето на изнесувањето на девизите во странство, бидејќи такви случаи имаме. Еве и денеска имав еден случај, се запленуваат девизи и со право и без право по мене, а повеќе се во право тие кои што ги запленуваат бидејќи нивното оди, нивното се остварува. Поставувам едно прашање, став 2 односно став 3 од член 78 е: граѓаните можат да изнесуваат во странство само девизи кои ги подигнале од своите девизни сметки или девизни штедни книшки кои во согласност со овој закон ги купиле кај овластените банки, или менувачници. Сигурно претпоставувам дека ова претставува голем чекор напред, меѓутоа колку ќе бидеме ние во состојба тоа да го оствариме ќе каже практиката. Меѓутоа денес, ако се јави некој  па да купува во банка девизи,.знаеме дека не може да ги купува, бидејќи почесто дури и банката не беше во состојба да ги откупува девизите кои што ги даваат граѓаните затоа што немаше ликвидни средства, ќеш.

По однос на член 79 таму е регулирано прашањето на внесувањето. и праќањето на странски хартии од вредност. Мислам дека она што е предложено во став 2 треба да претрпи измена и мислам дека не треба да постои такво ограничување. Став 2 вели: "странските хартии од вредност можат слободно да се внесуваат и праќаат во Република Македонија, а нивното изнесување, или испраќање од Република Македонија може да се врши само со одобрение на Народната банка". Мислам дека тука одредена дилема кај мене се јавува дека такво ограничување не треба да има.

Следното прашање на кое сакам да се задржам е прометот со злато. Член 83 вели: производителите на злато можат1да продаваат не преработено злато на претпријатија кои златото го користат во рамките на своите редовни дејности преработувачи и на органите и организациите на државната управа за нивни потреби. Во натамошниот текст:корисници на злато како и на Народната банка. Нас ни е познато дека имаме развиена преработувачка на златото во Републиката, имаме развиено филигранство, мислам во приватниот сектор и тука тоа не е опфатено. Сугерирам и мислам дека тоа треба да биде опфатено да може и на нив легално. Зошто да не им биде нив овозможено легално да купуваат, за да можеме истовремено и легално да ги контролираме, а не да ни се случуваат овие работи, па да запленуваме по тајни канали. Тие сакаат да работат, а не можат да купуваат слободно. Зошто да не можат, сигурно со сите ти'е предвидувања, и почитувања на сите правила кои што се, предвидени со законот, со водење на евиденција што е речено таму и т.н. Тоа се моите забелешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, ценето претседателство мораме да признаеме дека во Законот. Заради тоа што е во последна. фаза сите наши забелешки по комисии и индивидуални се опфатени. Меѓутоа, заради изгубениот кредибилитет на нашите банки и финансискиот бонитет, јас би сакал некако во Законот, па и во практиката недостасува по мене и во, брзината на циркулација на обртните средства во циклусот и нивната трансформација. Второ, релативниот однос на обртните средства. Трето, композицијата на

финансиската структура која го означува релативниот однос на долговите и сопствените извори. Кога би ги имал и овие три параметри законот по мене би имал поголема финансиска стабилност, ликвидност и деловна способност.

Дали некој друг бара збор?

Има збор Џевдет Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Што се однесува до дилемите, забелешките и прашањата на господинот Ајдарага, формулацијата на членот 2 е воопштена, начелна и прашањето на продажбата во консегнациони скалидшта е уредена детално во царинскиот закон и таму нема дилеми. Овде, во воведот е како начело, општо познато како се врши плаќање во странство.

Што се однесува до членот 12, контролата над Народната банка, позицијата, статусот на Народната банка е уреден со посебен закон и контрола над работата на Народната банка има право само да врши Собранието на Република Македонија. Ингеренциите што се даваат на Народната банка со овој закон и со Законот за Народната банка да врши контрола на работата на деловните банки, се разбира дека е таа државна банка и тоа го врши во име на државата. Извештаите, Завршната сметка за работа на Народната банка ги усвојува Собранието на Македонија. Од таму не е' можно да важат истите на чела и споредувањата на деловните со Народната банка не можат да се прифатат:.

Продажбата на бензинските бонови, до сега праксата покажала дека успешна ја врши АМСМ и не гледаме потреба тоа да го менуваме во иднина.

Што се однесува до прашањето како граѓаните треба да ги изнесуваат девизите во странство, јас мислам дека е законот јасен. Дилемите произлегуваат од нашите моментални состојби. Сакам да подвлечам дека овој закон се прави за нормални околности, да важи на неопределено време. Моментално, во која ситуација се наоѓаме, сигурно дека проблеми има. Но, одредбите на законот не можеме да ги пишуваме според состојбите што ги сметаме сосема ненормални. Целата содржина на законот оди кон тоа да ги решава токму тие проблеми да се воведе флуктуирачки курс. Да имаме единствен курс, во тој случај со такви начелни

определби, со оваа реформа на монетарниот и девизниот систем која е на дневен ред во сите пакет на закони, токму се сака да се отстранат проблемите што се присутни сега во системот на плаќањето со странство, со изнесувањето, со внесувањето на девизите итн.

Хартиите од вредност од странство, забраната да се изнесуваат без одобрение на Народната банка, тие хартии од вредност се еднаш внесени во земјата и овде треба да се реализираат. Во исклучителни случаи е дадена можност, со одобрение на Народната банка повторно да се изнесат од земјата. Без таква контрола на Народната банка, која е одговорна за плаќањето со странство, одговорна за стабилноста на домашната валута, не е можно.

Тоа беа одговорите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 67 и на член 70 став 1 и 2.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 114 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 70 став 2, на член 75 став 2 член 93 став 2, член 94, член 99 став 3, член 102 став 3, член 108, член 109 став 1 и 2, член 112, член 114 став 4, член 115 став 1, член 116 став 1, член 122 став член 124 став 1 и на член 136 со кои се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овие амандмани. Дали тоа што го прифатил повереникот го прифатила Владата

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Сите амандмани што ги прифатил повереникот на седница на Комисијата ги прифаќа и Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Петар Ѓорѓиев поднесе амандман на член 30 став 2, по кој Владата не се произнесе.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман за бришеше на член 6 со кој не се согласи претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас очекував претставникот на Владата да се произнесе денеска, бидејќи не се произнесе на седницата на Комисијата.

Да потсетам дека членот 6, всушност регулира материја што е регулирана со Уставот на Република Македонија. Имено, според овој член Народната банка, во рамките на своите права и обврски одговара и за одржувањето на стабилноста на денарот.

Вториот став е од прилика така дека стабилноста на денарот се регулира со одредени мерки.

Мислам дека тоа прашање е регулирано со Уставот. Зошто мора да се оптоварува законот со таква една формулација. Затоа на Комисијата беше заземен став да се брише тој член, со цел да се растовари законот, а

при тоа законот да не изгуби ништо од својата суштина. Затоа се залагаме да се брише. Очекуваме дека Владата барем> тука ќе даде поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има претставникот на Владата, министерот за финансии господинот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Првите неколку членови на законот се од начелна природа. Точно е тоа дека таква формулација постои и во Уставот и во Законот за народната банка на Република Македонија. Меѓутоа, овие закони за кои се заинтересирани и странските партнери на Македонија и бараат да се преведат бидејќи и тие треба да се рамнат во односите со нас, цениме дека не е лошо да знаат и некои други одредби што ги има во други закони кај нас. Да1 ги имаат во целина. Сметаме дека не пречи да стои во законот, само може да користи на оние што го користат законот, што ќе го применуваат, да ја имаат целината на регуламентот на оваа материја во државата. Тој не мора многу да бара како е ова регулирано, туку како начелен став мислиме дека не пречи да остане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6 поднесен од Комисијата за економска политика и

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 2 поднесен од пратеникот Петар Горѓиевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Амандманот поднесен од господинот Петар Ѓорѓиев го прифаќаме, меѓутоа како е таму формулиран не може да се вклопи во ставот 2.

Затоа предлагаме да гласи членот 30, ставот 2: "по зборот "ПТТ сообраќајот" се става запирка (ова не стои во текстот на амандманот) и се додаваат 'следните зборови "како и за потребите на агенциите на ОН, меѓународни агенции и асоцијации"" и текстот продолжува до крајот на реченицата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со ова се согласува и предлагачот, така што станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот .2

Молам, кој бара збор? (Никој)•

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за девизно работење.

Минуваме на **точката 7** - Предлог на закон за надворешнотрговското работење.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство, ЗПК и Комисијата за надворешно- политички прашања и односи со странство и Комисијата за економска политика и развој ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сосема накратко ќе кажам по самиот закон, во делот на она што веќе два дена го оствaруваме.

Овој закон е дел од пакетот на закони што треба да предизвика промени кај сите стопански субјекти во досегашното нивно донесување и дел на надворешно- трговското работење кој беше проблем кај доста субјекти. За сега интересот за отворање нови фирми е доста голем. Но, сите беа судрени со проблемот, особено регистрираните за надворешно-трговско работење, за остварување на својата дејност за која што се регистрирани. Најмалку некаде околу 16 илјади стопански субјекти се заинтересирани и беа заинтересирани, имаше и доста интервенции што поскоро да се донесе овој закон, кој што во основа ќе обезбеди остварување на нивната дејност.

Пред се, со самиот закон се уредуваат односите за остварување на сите форми на увоз и извоз, односно долгорочна производствена кооперација за која што има повеќе интерес и од фирмите од странство. Но, засега,поради тоа што не беше уредена^оваа материја со закон, таквиот

интерес беше само на запознавање, а практична реализација немаше.

Делот на компензациските работи исто така претставува една од функциите што ќе се оствари со овој закон. Но, засега, и тој дел на односите на фирмите беше доста скромен или скоро никаков и остварувањето на овие функции во претпријатијата се одвиваше надвор од постојната законска регулатива.

Со донесувањето на самиот закон, сметам дека ќе се измени и структурата на делот на остварувањето, со донесувањето на законот за девизно работење, структурата на остварените девизи затоа што во отсуство на комплетна законска регулатива, а тоа се овие комплет закони, доста стопански субјекти и во она што го работеа беа принудени да го работат на начин што;не им одговараше. Односно, односите со странство ги врзуваа на еден начин со бартер аранжмани затоа што низ постојната законска регулатива тој дел не одговараше за остварување на функцијата што сами ја обавуваат од причина што немаа економско оправдуваше за едно такво однесување.

Со ова сметам дека ќе се предизвика една комплетна промена кај сите стопански субјекти. Од тие причини и во средствата за јавно информирање, за нив треба да постои обврска сите овие закони, покрај тоа што ќе излезат во "Службен лист на Република Македонија" да најдат адекватно место и во средствата за јавно информирање, дури и на одреден начин и во средствата за јавно информирање што се издаваат и во нашата дијаспора, затоа што интересот за сите овие закони е голем. Но, во секој случај, да биде поблизок до непосредните субјекти, затоа што низ законската регулатива ќе можат да ги остварат и своите права.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, сакам неколку зборови околу Предлогот на законот за надворешно- трговско работење.

Овој закон и во Комисијата за економска политика и развој долго се расправаше и меѓу другото за истите има амандмани. Не би сакал да ги повторувам, но во начелната расправа сакам да обрнам внимание на член 13 каде се разви голема расправа и во самата Комисија, а пред се кога се работи за распоредот на контингентите.

Тука, до сега имавме пракса тоа да го врши Стопанската комора. Сметам дека и понатаму треба да се задржи таа состојба, бидејќи сега со овој член се предлага тоа да го врши надлежното министерство. Мислам дека со тоа од една страна се централизираат одредени права на стопанските субјекти, а додека од друга страна Стопанската комора ни е таква, таква смееја развивале до сега, покрај другите работи ги обавува и овие.

Исто така, мислам дека во тој дел сите треба да го поддржиме бара&ето на Стопанската комора која што на овој план бара таа да врши распоред на контингентите. А, квантумот на контингентите да остане и понатаму на Владата да ги утврдува. Исто така, сакам да кажам неколку начелни забелешки, односно мои предлози во однос на главата XVI за казнените одредби.

Како што е предвидено овде, во член 84, па понатаму, мислам дека навистина овие казни се неиздржливи, со тоа што ќе ги доведеме стопанските субјекти во тешка финансиска состојба. Мислам дека казните треба да бидат такви што повеќе ќе делуваат превентивно а не на одреден начин со казнената политика во оваа област да вршиме и такви дејствија каде што практично треба да угаснеме стопански субјекти. Мислам дека малку ги претеравме овие казни7 не само по овој основ, по овој закон, туку

веќе сега се појавува потребата од барање измена на казнените за одредби, на пример во Законот за сообраќајни прекршоци итн. Сметам дека малку се превисоки и на тој план ќе на доста тешки ситуации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ванчо Младенов поднесе амандман на членот 18 став 2, меѓутоа на седницата на ЗПК го повлече.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 став 2,член 8, член 9 став 3, член 13 став 3, член 16 став 4, член 17 став 1 и 2, член 18 став 2, член 19 став 5, член 20 став 3, на членовите 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34, 58, 80 и 81, на член 48 став 2, член 51 став 3, член 79 став 1 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 80 став 1, член 89 став 2, член 90, член 92 став 2, член 94 и 95 и на член 98 со кои се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе дали Владата го прифаќа ставот на повереникот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа амандманите што повереникот ги прифатил на Комисијата.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Почитувани пратеници, точно е тоа дека претставникот на Владата на седницата на Комисијата за економска политика и развој не го прифати овој амандман, но сакам Парламентот да го известам дека Комисијата даде целосна поддршка на амандманот. Би сакал да кажам уште неколку зборови во врска со тој амандман.

Амандманот практично прави реконструкција на член 13 од Законот за надворешно- трговско работење во кој, на некој начин, една досегашна практика, што живее и денеска во практиката, сека и понатаму да ја озваничи во самиот закон. Со оглед на тоа дека практично не претставува никаква, да не речам политика, водење на политика или некое мешаше во политиката на Владата околу определување на контингентите.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ**: (продолжение)

Што се однесува до одредување на висината на контингентите, потреба од контингенти итн., овдека се работи за една практична и функционална работа за самата распределба на контингентите, и понатаму останува, односно заложбата на законот е дека за потреба од контингенти и висина на контингентите, тоа да биде работа на Владата односно на тековната економска политика.

Оттука мислам дека и Валата треба да некзј начи да го прифати овој амандман бидејќи како што реков се однесува за една практична примена на законот и она што на некој начин во практиката досега -1
живее. Со оглед на тоа што Стопанската комора и досега има такво ангажирање, таа е опремена и со луѓе и со техника, мислам дека практичната примена на овој закон, во секој случај би била по прифатлива и пореална доколку овој амандман биде составен дел на законот. Од таа причина мислам дека е прифатлив и за Владата, па би молел претставникот на Владата да го прифати, доколку не би молел пратениците да дадат поддршка на овој амандман и со тоа практично да дадеме придонес за една пореална примена на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Сакам да го потврдам тоа за што за овој амандман стана збор и на седницата на Комисијата за економска политика и развој, и притоа беше едногласно заклучено дека има потреба од интервенција со еден ваков амандман во законот, со оглед на тоа, што навистина, станува збор за реализација на една мерка во две фази. Првата фаза би била определување на контингенти од страна на Владата, мислам на надлежното министерство, а пак распределбата на контингентите да биде од страна на Стопанството олицетворена во Стопанската комора на

Македонија. Сметаме дека на таков начин ќе се обезбеди поголема прегледност, увид, а од друга страна ќе се обезбеди и отчет. Исто така сметаме дека на таков начин стопанството по непосредно ќе влијае врз распределбата на контингентите, дотолку повеќе што во Комората на Македонија постојат одделни одбори, здруженија итн., кои што на некој начин ќе водат поголема сметка за тоа која фирма, која организација ќе биде носител на остварувањето односно користењето на контингентите што глобално ќе ги определи Владата, а реализацијата да биде преку Комората. Решението што се предлага што амандманот на колегата Ванчо Младенов, го дополнува законот во позитивна смисла на зборот и оттука како Комисија стоиме зад тој амандман и молиме да се утврди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГЕИВ:**

Комисијата за стопанство расправајќи по овој предлог на закон посебно се задржа на амандманот што е поднесен од пратеникот Ванчо Младенов и беше дилема околу тоа дали да се изјасни за прифаќање на амандманот. Претставникот на Владата објасни сметам дека едно такво објаснување треба да уследи пошироко и пред Собранието, на опасноста од преголемо администрирање во делот на утврдувањето и распоредувањето на контингентите. Од страна на членовите на Комисијата посебно беше залагањето да не се испушти комората, туку да се најде начин за нејзино вклучување во одлучувањето за распоредување на контингентите. Во секој случај да се избегне администрирањето и да не се доведе во прашање самиот тек на .реализација и целта што треба да се постигне со овој член каков е предложен. Што значи малку да се измени, доколку има потреба и предлог од страна на предлагачот, а во целост да ни се отстапи или самото распоредуваше да биде во Комората, туку на одреден начин да се, обезбеди мислење од комората и на тој начин

субјектите да бидат вклучени во распределбата на контингентите а и да не се остави простор за одлучување, затоа што ќе се најдат две институции со еднакви права на одучуваше каде што субјектите најверојатно ќе се судрат со остварувањето на целта што треба да се постигне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, јас го делам мислењето дека ова што го предлага пратеникот Младенов е едно доста важно прашање на кое што ќе наидеме во практиката и од тие причини тоа заслужува внимание со предлагачот уште еднаш да го погледнеме во смисла на две работи. Прво, од аспект на досегашната пракса што постоеше и проблемите што ги исфрли праксата, иако секако треба да се имаат предвид и квалитативните елементи зашто порано во договорната комисија односите беа други меѓу стопанството и државата за разлика од;сега, посебново делот на оние работи каде што една ваква регулатива претставуваше и кочница во делот на побрзото договарање или навременото договарање на контингентите што беше и услов за да може во практика како обем и како квантитет да се реализира. Ова што се предлага во амандманот, јас лично го прифаќам и покрај тоа што во еден дел се плашам конкретно во делот на администрирањето и во фазата на утврдувањето на контингентите, а посебно во делот на распределбата, заради тоа за мене повеќе е прифатливо решението да се оди на линија на прибавување на соодветни мислења во фаза на утврдувањето, а во фазата на распределбата, преку принцип на една пооперативна распределба, кој што ќе бара ново дефинирање на овој дел како и на самиот амандман и на членот во целина. Од тие причини предлагам да му посветиме додатно внимание на овој парламент, а со тоа да се избегнат евентуалните последици во фазата на примената на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Од одделни колеги беа искажани одредени резерви околу ова администрирање. Мислам дека амандманот воопшто не прави ниту некои компликации ниту некои задолженија за некое поголемо администрирање од тоа што досега беше. Исто така не прави ниту ограничување ниту мешаше во работата на Владата околу потребата и големината на контингенти. Тоа навистина е оставено на Владата како надлежна и која што ја води економската политика и одговара за економската политика на државата, / таа и понатаму самостојно одлучува за потребата и висината на контингент. Овде се работи за едно задолжување со кое практично 'се прави односно се дава една отчетстно зашто и овде е кажано дека се дава извештај за извршените распределби на контингентите, и доколку во рок од 60 дена институцијата Стопанска комора не изврши распределба на тие контингенти, тогаш надлежното министерство односно министерството за односи со странство ја презема улогата да изврши преоценка на тие контингенти, дали тие контингенти што Владата ги има донесено навистина се реални и потребни или ме се. Според тоа тука не гледам некаква потреба од плашење за поголемо администрирање ако нема отчетност и да нема поголема ажурност и поквалитетно работење од тоа што било досега. За тоа не би требало кај колегите да постои некаква бојазност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Тргнувајќи од таму дека институтот определување контингенти ја има улогата на заштита на домашното производство и на планирањето на развојот, увозот и извозот, не одминлив е заклучокот дека е тоа чисто државна работа; Тргнувајќи од тоа мислам дека секоја дисперзија на

овластувањата од надлежниот орган за економски односи со странство на стопанска комора има бојазност од евентуално неуедначено применување на соодветните прописи како и бојасност од несоодветни решенија при различните специфики што ги има во регулираните односи и форми на надворешно- трговско работење. Во таа смисла не се согласувам со амандманот на колегата на Младенов

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Јас сум против амандманот. Тоа е едно самоуправно размислување, една работа да ја работат двајца а никој да не ја заврши. Стопанската комора е стара асоцијација во која приватниот сектор не е сто на сто опфатен за што е на доброволен принцип за што и тие во наредниот период треба да претрпат трансформација. Сега со оваа трансформација во овој период, оваа работа треба да остане во исклучива надлежност 1 на Владата, а инаку во наредниот период, и Стопанската комора во овој состав застарен а ќе треба да се трансформира, па после не ќе знаеме чија е обврската. Вака да се знае за брзина на протокот на распределба и ова работа да остане како што е во текстот во закон, односно во исклучива надлежност на Владата да може да се реализира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас сум против амандманот од една друга причина. Би сакал предлагачот на амандманот доколку е во можност да ми објасни, тој веројатно мисли на државата Стопанска комора, а меѓувреме се основаа и други конкурентски стопански комори, како комората на приватниот капитал итн. Дали со ова решение .ние тие комори не ги доведуваме до една

нерамнопавна позиција во однос на постојната комора. Знаеме дека членот 55 став 2, вели дека ќе се бориме за разбивање на монополите. Овој амандман би бил за него прифатлив, доколку бидат вклучени и другите комори на приватниот капитал. Ако приватните комори не бидат вклучени не можам да го поддржам предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Сметам дека не треба да се прифати овој амандман, бидејќи и според мое мислење не е битно само утврдувањето на контингенти, нивниот обем и висина што се во надлежност на Владата. Кога според мене, уште побитна е распределбата на контингентите кои што исто така, треба да ги донесе оној што го утврдува и обемот на контингентите. Инаку, сосема се согласувам со тоа дека во интенцијата на формирање на други комори, поставуваме одредена асоцијација т.:е. Стопанската комора во една така да речам на погодна линија и сметам дека, бидејќи имаме веќе формирано, сигурно дека ќе се формираат и други комори, не би требало ваква улога да се придава на Стопанска комора, туку ова треба да остане во рамките на Владата. Поради тоа сметам дека Собранието не треба да го прифати амандманот така како што е предложен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Панчо Младенов.

**ПАНЧЕ МЛАДЕНОВ:**

Беа поставени прашања до подносителот на амандманот иако направив напори да одговорам. Прво колегата Панче Минов рече дека со амандманот се прави дисперзија на овластувањата. Мислам дека навистина не се работи за никакво дисперзија на овластувања. Јас повторив и повлеков и дека и понатаму овластувањата се во рамките на Владата. Таа донесува одлука за потреба од контингенти и висина. Така овластувањата си остануваат во Владата. Овде се работи за една

практична примена и реализација. Нема никакви овластувања за донесување одлуки за утврдување контингент. Тоа си останува и понатаму на Владата.

Што се однесува до Законот, мислам дека на нам, пратениците ни е познато дека во нашата држава постои единствен закон за Стопанска комора. Се работи за таа Стопанска комора која е определена со Закон во Република Македонија. Доколку Собранието донесе друг закон за Стопанска комора и одлучи да има повеќе комори, така да тогаш така ќе се работи и за измени. Во овој закон нема други комори. Овој закон постои и јас мислам на оваа Стопанска комора што е основано со закон на Република Македонија. Приватните комори ќе бидат вклучени тогаш кога ќе бидат со закон регулирани. Јас не би сакал тоа што колегата Крстески го рече за одредени луѓе, не треба да велиме дека законите ги правиме според одредени луѓе, односно излегува дека такви луѓе имаме во Комората и дека законот го дерогираме. Законот го правиме како треба да биде, закон за правно однесување што се однесува на луѓето кои што совесно и одговорно ги извршуваат работите. Оние што неодговорно ги извршуваат работите, за нив постојат дисциплински мерки и против тие луѓе треба да се преземаат мерки. Мислам дека е погрешно ако законот го идентификуваме со одредени луѓе, имиња итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бара збор господинот министер за финансии Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифати овој амандман и од сосема други уште поначелни причини. Членот 13 од овој закон утврдува една компетенција на државата. Во извршните органи на државата, Владата на предлог на надлежни, пак, државни органи и министерства тоа ги прави. Имајќи ги предвид нашите генерални определби, не е можно, во никој случај,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Ванчо Младенов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за надворешно-трговското работење.

Минуваме на **точката 8** - Предлог на закон за странски вложувања.

Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за стопанство и Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам,кој бара збор?

За збор се јави господинот Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сосема на кратко ќе изнесам мислење на Комисијата за стопанство што ви е поделено со извештајот, но со неколку збора сакам да укажам на она што се уредува со самиот закон. Овој закон предизвика голем интерес за неговото донесување, бидејќи до сега во примена беше поранешниот сојузен закон, а овој закон е конципиран на амбиентот кој постои во Република Македонија на промените кои се во тек во Република Македонија и сметам дека е доста либерален и заслужува да биде објавен во сите средства за јавно информирање од причина што со него се отвораат доста простори иако немаме таков амбиент денеска за странски вложувања, но ако ништо друго барем да се создаваат предуслови за интерес за странски вложувања.

Посебно во членот 5 каде се уредуваат правата на странските вложувачи и нивната заштита каде на еден доста либерален начин се гарантираат правата на странските вложувачи и обезбедена е нивна заштита. Посебно ја истакнувам одредбата во членот 6 каде правата на странските вложувачи по основ на вложените средства се утврдени И заштитени со обој закон и посебно што не можат да се намалат со друг закон или друг пропис. Инаку, порано во практиката имаше и во поранешниот закон за странски вложувања, доста поволности и погодности за самите вложувачи, но тие, на одреден начин беа санкционирани со одредени измени на другите, закони што се непосредно ес врзани со овој закон.

Од тие причини сметам дека законот треба денеска да го донесеме и да овозможиме низ спроведувањето на самиот закон на одре ден начин да се пројави интерес, а и да се остварат одредени намери за странски вложувања кај нашите стопански субјекти и овој закон ќе дојде до полн

израз со неговото спроведување посебно во делот со реализација на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, го делам мислењето дека овој закон е многу битен за натамошниот материјален развој на Републиката и јас ќе гласам за овој закон. Исто така, сметам дека тој треба да направи значаен удел на собирањето на средства од надвор кои се нужни за натамошниот развој на Републиката.

Исто така го делам мислењето на господинот Горѓиев дека овој закон има квалитетни решенија во поглед на досегашната регулатива, меѓутоа повеќе заради сознанието и заради практиката која треба понатаму тоа да го потврди моето мислење е дека во делот на администрирањето односно контролата која на прв поглед е нормално да ја им.а државата, мислам дека се воведени едни бариери кои во практиката' ќе покажат негативни ефекти и од тие причини одредените сугестии кои беа искажани;во фазата на претходната расправа лично мислам дек^. предлагачот требаше да посвети поголемо внимание и тој' дел да имаше една поголема; либерализација.

Кога го кажувам ова, мислам, пред се, на делот на потребата на унифромисаноста на договорите кои треба да бидат и фазата на нивното претходно одобрување*што може да биде една кочница поради тие администрирања и во таа фаза да се направат извесни ограничувања или оспорувања на договорите кои можат да му направат добро на стопанството и на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 7, а Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 2 став 2 и на член 17 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани на член 7, член 9, член 18 став 1,2 и 3 и на член 27 со кои се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата ги прифаќа овие амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата ги прифаќа овие предлози, го утврдува ставот на повереникот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара §6ор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против?.(Дема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за странски вложувања.

Дами и господа пратеници, ние, усвојувајќи ги Законот за банките и штедилниците, а и сите други закони заклучно со овој закон направивме еден крупен чекор во заокружувањето на нашиот стопански систем на пазарна основа. Од битните закони остануваат Законот за приватизација и Законот за концесии, а и поединечното утврдуваше со новите закони, заедно со напорите кои ги вложуваме за вклучување во програмите на меѓународните финансиски институции како нивни рам но правни членки мислиме оти веќе создаваме основа за оправување на стопанскиот раст на Републиката и постепено подготвување да се излезе од оваа криза и да се отворат перспективи на нашата земја. Затоа мислам дека треба и овој акт да го поздравиме.

(Донесувањето на законот беше проследено со аплауз.)

Минуваме на **точката 9** - Предлог на закон за гаранција на Република Македонија за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонирани девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој и Законодавно- правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес!

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

За збор се јави господинот Петар Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Во делот на општиот претрес по Законот за гаранција на Република Македонија, за депонираните девизни влогови на граѓаните и за

обезбедување средства и начин за нивна исплата ќе изнесам мои видувања во поглед на донесувањето и потребата од донесување на самиот закон.

За самата потреба од донесување на овој закон во овој момент сметам дека не би требало многу да расправаме и да се задржуваме затоа што потребата од донесување на овој закон ја искажаа и самите штедачи кои на одреден начин притиснати со проблемите кои ги имаат за остварување на своите штедни влогови се организираа на соодветен начин и предлагаа соодветни решенија.

Мислам дека треба да се насочиме во делот на она што е предложено од страна на Владата за остварување на тие права на девизните штедачи и во тој контекст сметам дека би требало самиот проблем уште малку да се проанализира и на така согледаните состојби да се предложат адекватни решенија.

Самите девизни штедачи по структурата која ја имаа дадено како по нивниот број, така и поединечно по штедните влогови се поделени во три групи и сите три групи имаат свој интерес во делот на донесувањето на овој закон.

Во првата група се штедачи кои имаат штедни влогови над 50 односно 100 илјади германски марки и тие претставуваат 70% од вкупните депонирани девизни влогови, а тие се некаде околу милијарда германски марки и истите имаат интерес, а низ законот тоа се обезбедува од Владата односно од државата да добијат гаранција дека нивните штедни влогови се гарантирани и дека тие можат да ги располагаат. Тоа со самиот закон се обезбедува. Таа гаранција на одреден начин ја бараат и самите штедачи. Такви штедачи се околу 4500 штедачи со толку штедни книшки.

Втората група на штедачи се штедачи од 1000 до 10.000 германски марки и во вкупните депонирани девизни штедни влогови учествуваат со 17% или вкупно околу 250 илјади германски марки, а ги има некаде околу 150 илјади штедни книшки. Тие штедачи бараат на одреден начин, покрај гаранцијата и остварување на одредено право во одреден период заради задоволување на нивните итни потреби бидејќи се сметаат како средни штедачи или штедачи кои имале одредена цел за остварување на свои краткорочни цели, а тоа се оние потреби што секое домаќинство ги има и во Законот посебно се набележани и во законот се предлага разрешување на тој проблем.

Третата група на штедачи кои се од 100 до 500 германски марки или ги има регистрирано некаде 640 илјади такви книшки кои на одреден начин сигурно. не t:е. толку финансиски загрозени, но бараат својот штеден влог да го остварат на одреден начин. Таквите штедачи се најмногубројни и сметам за нив да се најде одредено решение и одредени приоритети во делот на разрешувањето,на самиот проблем. -

Бидејќи во Законот се нудат одредени решенија на краток рок, сметам дека во рамките на тие, решенија и во самата реализација на Законот треба да се создаде одредени приоритети.

Прв приоритет по мене од остварените средства, а се мисли и се очекува, а почнаа да се остваруваат одредени средства преку реализација на Законот за;продажба на општествените станови а сега и преку реализација на Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост лито значи првите средства што ќе се добијат треба прв приоритет да се даде да се ликвидираат книшките кои постојат од 100 до 500 германски марки и во рамките на таа ликвидација сигурно ќе се обезбедат правата на тие девизни штедни вложувачи.

По однос на втората група, а има еден таков амандман, сметам дека би требало да се прошири правото на тие штедачи, затоа што покрај своите потреби што се регистрирани и што ќе се алиментираат во законот сметам дека треба да се вгради еден таков амандман за изградба на куќа или градба на куќа со соодветна документација заради тоа што сметам дека за таквите штедачи, а тоа се тие од 1000 до десет илјади германски марки во овој момент во недостиг на средства едно такво решение сигурно за нив во овој момент би било погодно и би се искористиле тие средства.

По однос на решенијата за првата група, сметам дека тој дел на штедачи би требало, на соодветен начин, покрај известување што треба да го добијат по донесувањето на овој закон за гаранција1 за 500 штедачи со најголем влог дури и да се викнат на разговор, п; сите тие можности што ги дава законот сега во оваа фаза на одреден начин да ги искористат

Сметам дека на одреден начин полека овој проблем би се разрешил, а овој закон како што е предложено за овие две години треба да почне да го разрешува овој проблем и со тоа да се добива полека довербата кај идните штедачи кај новите субјекти кои сега стапуваат во тие односи на девизно штедење.

(Со седницата,:продолжи да раководи Џеладин Мурати потпретседател на Собранието)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, По трет или четврт пат сакам да го иницирам прашањето на штедачите од оваа говорница, но со овој закон само ја дуплираме законската процедура. Со

овој закон не значи дека нашите штедачи ја изгубија гаранцијата, гаранцијата постоеше, туку парите ги немаш Пописот што е направен не требаше оти сите си знаат кој колку има вложено што треба ние да кажуваме. Еве гледам од Извештајот на Влада толку книшки, толку пари, па сите си знаат колку книшки имаат. Треба да се овозможи да ги користат парите оти ова е извештај за статистика. Не треба да читаме колку книшки, туку да се овозможат парите.

Во членот 7 и 8 се дава само за недај боже смртен случај, свадба и други работи а другите се обесправени не можат да отворат стопанска дејност. Тука е причината. Тие пари треба да ги користат за набавка на опрема од странство, за развивање на стопанството кај нас, да можат да ги користат за изградба на куќи оти прво ги ограничиме при купувањето на куќи а тоа го сторивме таму каде што немаше и станарите ги искупија куќите џ. за штедачите не остана ни една. Истото ќе стане и со деловните простории и луѓето пак ќе бидат изиграни, а ние пишуваме само статистика. Нема потреба од читање од оваа говорница толку книшки, толку пари, туку зошто не станат акционери на банката. Зошто банката без пари е акционер односно чиновниците во банката а штедачите со толку пари не се акционери.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (Продолжение)

Тоа требаше да го кажеме. Неколку книшки има и колку пари. Јас сметам дека штедачите со толку влогови треба да ја преземат акционерската работа во банката затоа што се нивни парите, а не службениците со туѓи пари акционери. Зошто да не се даваат трие средства за градба на куќи итн. зошто ги ограничуваме само ако се разблелел за плаќање на болнички трошкови. Значи ги ограничуваме нивните права исклучиво на оние елементарни непогоди, а за развој на стопанството не му овозможуваме. Затоа предлагам вакви измени да настанат, а не донесуваме гаранција, ги лажеме. Гаранција си постоеше, не беше укината гаранцијата за штедните влогови.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, уште на почетокот сакам да ја изразам мојата поддршка кон овој закон бидејќи навистина Владата прави напори за решавање на ова тешко прашање,. Сметам дека решенијата што се предложени во членовите на овој закон навистина на одреден начин етапно и постепено Владата дава такви одредби кои одат во прилог кон решавање на проблемот со девизните штедни влогови. Мислам дека и во досегашниот период доста одрбдби од овој закон Владата ги применуваше преку надлежните министерства и банка. Меѓутоа сега и те како е потребно донесуваше на овој закон и цел на доста прецизен начин овие односи кои се присутни во оваа сфера да се решаваат така што во догледно време ценам дека ќе бидат разрешени во целост.

Јас не би сакал сега да истакнам и дел на амандмани кои беа и предмет на расправа на Комисијата за економска политика и развој. тоа ќе биде подоцна. Сметам дека со ваквите амандмани овој закон ќе се докомплетира и мислам дека оваа работа ќе земе еден нормален колосек,

во иднина да ги обесштетуваме граѓаните кои имаат штедни девизни влогови во нашите банки.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи законот е многу краток, има само 16 членови, а има едно огромно образложение, така да имав шанса и можност да бидам запознаен со целта и содржината на овој закон. Затоа не е спорно неговото донесување, заради тоа и ние како Собрание заклучивме на една од седниците да донесеме еден вакво закон, да ги регулираме односите на нашите штедачи кои сепак имаат одредени проблеми и во земање на своите лични средства од самите банки.

Меѓутоа, читајќи ја содржината на законот, неговите цели и образложението кај мене се роди една дилема. односно мојата констатација дека сепак со обој закон се нарушува принципот на правичност и еднаквост на сите штедачи кои ги имаат своите средства депонирано во одредени банки во таа смила' што самите критериуми кои се внесени во законот на некој начин даваат можност еден дел од штедачите да можат да подигнат дел од средства додека другиот дел на штедачи немаат никаква шанса бидејќи најверојатно нема да ги исполнуваат одредените критериуми штос е сместени во самиот закон.

Посебно сакам да го потенцирам проблемот од практична смисла тоа е реализирање на самиот закон во член 7 и член 8. Сакам да потенцирам дека член 7 посебно заговара еден критериум дека граѓаните можат да користат средства под. услов ако се нарушени нивните егзистенционални можности односно да ја нарушена семејната материјална положба за да дојде во ситуација да го користи правото , земање на тие 100дм. од самата банка.

Јас лично сметам, имам доволно искуство во оваа смисла, практично ние ќе имаме одредени сериозни проблеми во примената на членот 7. Зошто го зборувам ова? Ако направиме една анализа,и во образложението се покажува дека имаме околу 59 илјади односно 60 илјади штедачи само со вкупни износи на средства како уштеѓевина од 100 до 500 ДМ., една претпоставка дека тие семејствава заради уштеѓевина се наоѓаат најверојатно во една по неповолна положба, ние треба да очекуваме од 30 до 40 илјади граѓани кои треба да го остварат тоа право, а треба некоја институција тоа да го потврди дека лицето се наоѓа во таква и таква положба со низа документи за да го оствари тоа право. Мислам дека од тој член тој услов треба да се надмине и да се дозволи користеше на тие средства од сите граѓани кој имаат уштеѓевина во таа смисла.

Исто така член 8 за мене е дискутабилен заради тоа што се можни шпекулации. Ако се сеќавата ние со претходниот закон имавме забрана одредени средства да ен се подигаат од банките меѓутоа еден дел од граѓаните успеаа на еден или на друг начин да си подигнат средства, а оние како нас или како некој други што беа поштени во таа смисла немаа шанса да подигнат средства, дојдовме сега во ситуација со еден ваков закон да ни се регулираат односите на земање и давање на лични средства што ние сме ги внеле. Така да лично сметам( дека она што ќе нуди сега во законот ќе има многу голем број на практични потешкотии во негово реализирање. Така да законодавецот тука треба малку повеќе внимание да обрне заради тоа што во член 7 се кажува дека Министерството за труд и социјална политика односно Владата овие критериуми ќе ги уреди со посебна уредба, а тоа посебна уредба ништо не значи туку критериуми како ќе се користат овие средства.

Исто така имам и едно прашање до Владата дали размислувала колку средства би потрошиле во овие административни потреби кои треба да дојдат во смисла на користење на самиот закон.

**ВАНЧО МАЛДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас сакам на самиот почеток да кажам дека ќе дадам целосна поддршка за донесување на овој закон, меѓутоа истовремено сакам да кажам дека навистина не можам да се произнесам дека сум потполно задоволен со решенијата што ги нуди овој закон однос но за одговарање на потребите на девизните штедачи пред се од нашата држава. Меѓутоа најверојатно тоа се сите можности што Владата во овој момент може да ги направи за тој закон да има одредена практична примена односно да биде што е можно по реален, а да не биде надвор од реалните можности бидејќи можно е со законот да бидат предвидени и многу поголеми можности, меѓутоа тие можности да не бидат во практиката реално планирани и тие да останат како што и повеќе пати во практиката се случува како мртво слово на хартија.

Меѓутоа, јас излегов да искажам и одредени размислувања дека имало и други можности и начини како на некој начин барем дел од тие штедачи кои имаат поголеми суми на девизни штедни влогови да можат на некој начин да ги реализираат, а тоа е , незнам , веројатно и во член 8 алинеја 4 кажано меѓутоа на мене не ми е сосема јасно дали таа можност е реално да се реализира преку овој член. Имено познато ми е, барем во градот каде што јас живеам, а верувам дека тоа е состој ба и во другите градови во нашата Република, градежните организации, поготово поголемите градежни организации , "Пелагонија", "Маврово" "Бетон" итн. имаат голем број на изградени станови, а кои не се продадени и не се реализирани, а градежните организации, верувам имаат големи обврски спрема банките односно да не речам спрема државата.

Дали не е реално можно и зошто со овој закон не е предвидено девизните штедачи да можат со своите заробени девизи да ги откупуваат тие станови кои досега не се реализирани, не се продадени, не се ставени во реализација, а со тие штедни влогови девизните штедачи ќе ги дада во употреба на градежните организации, а тие организации ќе имаат можност своите обврски спрема банките кои се од порано останати или кои се сега настанати да можат на некој начин да ги отплаќаат односно да стане едно порамнување и на тој начин тие станови да влезат во една практична приемна, односно да можат да се користат, а дел од тие штедачи кои имаат потреба да земат дел од тие станови, а градежните организации своите долгови спрема банката ги порамнат и на тој начин тој круг да може да биде затворен. Мислам дека ова е една практична работа со која сите можат да добијат односно да ги задоволат своите потреби, а исто така и што е основно државата на некој начин према одреден број девизни штедачи, се работи за штедни влогови кои на некој начин се сега заробени не се можни да се реализираат, на тој начин да ' најдат една практична реализација. Мислам дека една ваква можност, доколку има ш потреба би можела да се преточи во амандман за да може да биде изоставен дел на овој закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, сакав со неколку збора да изнесам што се претензиите и димензиите на законот што е денес на дневен ред.

Од мислењата што се изнесуваа и од некои амандмани очигледно е дека не мислиме исто, не се сваќа намерата на Владата за донесувањето на овој закон. Ние закон по поволен од овој за обврската на банките да ги исплатат девизните штедни влогови имаме донесено и тој е на сила

Според тоа сакам секој да сфати дека не значи многу акод ава идеи да се платат поголеми износи, поголем број намени. Тука само чукаме на отворена врата. Со овој закон тој закон престанува да важи, тој е поповолен. Праксата покажа дека тој бил нереален. Затоа апелираме да не донесеме уште еден исто таков нереален закон и да остане само мртво слово на хартија. Проблемот на девизното штедење нема брзо да се реши ни со голем број на закони ни со дискусии. Тој ќе се реши со изнаоѓање на реални извори на средства. Никакви компензации не помагаат меѓу градежни претпријатија и банки доколку на банките тие пари од некаде не им се исплаќаат. ве молам тоа да се има предвид. Во крајна линија треба да се најде реалниот извор при предлагање на сите финансиски трансакции, а реален извор е , бидејќи државата должи на овие луѓе, државен имот, она што реално располага државата,примарна емисија и ништо друго.

Вас ви е познато дека тргна продажбата на општествените станови. Од тоа се собраа одредени средства,а јас можам да искористам прилика и да ве информирам со последната состојба. Во готово се уплатени 12 милиони 635 ДМ. Намалено е девизното штедење за 165 милиони дм. и собрани се 104 милиона односно околу 5 милијарди денари. Тоа се пари. Органите на државата секојдневно се соочуваат со драматични случаи каде освен што има девизно штедење нема ниеден друг извор за живот, за лекување за исплата некоја обврска со странство во која влегол и т.н. Намерата на овој закон е да не се допушти и овие мали пари што се собрани да одат таму каде што не е правично каде што на некој денес не му е неопходно потребно туку да биде Владата овластена за овие случаеви

повторно да расправа нај ефикасно тие да бидат користени и да залечат некоја рана која крвари, а ние секој ден се соочуваме со такви случаеви.

V/7.-

Точно е тоа и јас лично тврдам , а и Владата дека при трансформацијата на општествениот капитал прва категорија на население кое има предност да стане сопственик на тоа што ќе биде трансформирана да биде оваа категорија на граѓани кои навистина се ограбени од еден друг систем, дали се од една друга држава и т.н. меѓутоа сакам да подвлечам дека притензиите и димензиите на овој закон не се денес со овој закон да се решаваат сите тие проблеми. Во таа смисла ако успеам да придонесам да знаеме барем за што расправаме. Нема потреба да се натпреваруваме на кои како ќе му текне да си ги зголеми износите или намерите затоа што со ни еден закон , господа, не е забрането да се платат , ако има пари уште поголеми износи.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Турците имаат еден збор...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте по законот молам. Да ги пуштиме Турците. Ве молам за законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

За законот. Ајде ќе ви го дам во превод, нема да кажеме турски, бидејќи турски некој нејќе. Мене ми е се едно. Дали по турски ќе го кажеме или вака. Да се лажеме може, а да не се караме. На турски малку подруго изгледа, но така почнува еве зошто.

Дали законот доцни? Да. Претходната Влада при една критична ситуација за Владата, кога требаше да си оди Владата, сакаше или не сакаше Владата требаше да каже една голема вистина која ја бараше народот, која ја бараа штедачите. Јас директно не сакам никого да обвинувам од тука но на местото каде што седи почитуваниот потпретседател на тоа место седеше господинот Кљусев. При еден директен одговор на едно мое прашање човекот дојде до една голема вистина, но не го исполни она што требаше да го каже, или она што го кажа не го исполни така да пак сонцето падна жетва на облакот. Реков дословно вака: "во овие клупи има и такви луѓе кои што земале од тие штедни влогови", и уште еден збор кој што не сакам да го кажам затоа што не сакам никого да увредам. Меѓутоа, реченото е речено. Вие господа таму ако не сакате да слушате не слушајте ако не ве интересира. Се однесува за левата страна односно од мене лева од таа десна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Затоа што народот, 30 илјади штедачи чекаат таков момент каде што ќе се каже вистината. А вистината е јасна и гласна. Каде е вистината? Вистината лежи каде што лежат и парите. Каде лежат парите. Тука веќе е и високата препрека , сопката и невистината. Парата ако не ја потроши човек ќе соти во џеб. Парата ако не се гибне од местото, од штедилниците, значи ќе си стои во штедилниците Значи ќе ја има некаде. Меѓутоа парата ја нема. Ни ние, ни претходната Влада ни оваа Влада не се заинтересирале да видат со какви ноџина избегаа штедните влогови од банките. Летнаа, или гасенички избегаа? Парите ги нема. Каде се парите? Кој ги зел парите? Одговор две ипол години не го добивме. Имајте во предвид едно, мене не ми треба за никого рејтинг, ви кажувам отворено ама сум рекол дека не сум случаен во овој Парламент и ќе ја кажам целата вистина што се случува. Ни Влада ни Парламент не донеле закон , не ставиле рака врз тие луѓе за да ги убива, не да ги суди. За да ги вратат парите од таму каде што летнаа, од таму каде што лазеа. Меѓутоа ако се земе во предвид дека нашите луѓе кои дословно порано ги нарекувавме луѓе вработени привремено во странство, а многу од нив се веќе покојни, поминале многу многу години и не се виделе со нивните семејства. Тоа е вистината. Децата растеле сами во куќите и имале право да дојдат на една до две години и за 25 години додека децата растеле тие ги оставиле по една година, а ги виделе 3-4 пати, што значи пораснале 3-4 години. Не пораснале 3-4 години, пораснале 25 години станале. Таа е вистината. И тие луѓе се денес без пари. И тие луѓе се денес со деца неженети, со девојки неомажени, без куќи, бездомници без пари. Две ипол години господа носиме закони, две ипол години господа седиме во овој Парламент и филозофираме. Тоа не може. Тоа не може да го истрпи и

сатана ако беше ќе пукнеше, а не човек кој внесувал, кој работел кој се трудел кој се потел.

Читајќи ги амандманите поодделно, јас прочитав доста амандмани и дословно се запрев на амандманот на Трајан Мицевски, мој колега од иста партија. Не дека е од иста партија, но гледајќи го амандманот, не во целост да ги задоволува апетитите и заштедите на штедачите меѓутоа има голема објективност и реалност и ја гледа работата малку пошироко, има дадено и амандман, треба малку повеќе господа и госпоѓи да го прочитате тој амандман и да видите дека е многу објективен и реален и со тоа ќе се помогне во сите области за кои се заинтересирани гледачите не целосно, но сепак 70% се задоволуваат барањата на штедачите. Реков дека ги читав амандманите, ги видов амандманите, ја погледнав вистината. Вистината ми се чини дека лежи кај сите амандмани, кај сите амандмани има по некој грев. За жал кога мислам грев не мислам грев за тој што го пишувал амандманот, но ги сожалувал на некој начин штедачите. Кај амандманот на господинот Мицевски има повеќе сожалување кон штедачите. Сега уште еднаш ќе потврдам реалниот извор за да се задоволи правдата е враќаше на парите кај штедачите. Тоа е вистината. Секое друго дискутирање, филозофирање итн. за мене е само демагогија, само е бескорисна фантазија и опфаќање од некоја опсесија која го води штедачот кој никогаш нема да ги задоволи своите захтеви и барања. Затоа ги молам сите партии, овој Парламент, сите парламентарци обратете внимание, сожалете ги луѓето и задоволете ги барањата. Мене лично како Митко не ме интересира кој ги зел парите. Мене ме интересира да ги врати парите. И тука треба да се задржиме на тоа да видиме кој ги зел и зошто ги зел. И едно друго прашање кое го поставив на почетокот, дали тој човек е меѓу нас? Ако е меѓу нас што не сакам да верувам, не правам демагогија, ако ги има доброволно да стане тој да оди во банката и да каже повелете толку јас

земам и гревот си го мијам, како што направив Пила, обесете ме но јас гревот го фрлам кај вас.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Јас мислам дека за поздравување е така да кажам третиот обид на Владата на РМ преку ваков закон да се придонесе за решавање на проблемот на девизните штедни влогови. Мислам дека токму заради тоа и заради широкиот спектар на можности да се реши проблемот овој закон заслужува поддршка генерално.

Јас мислам дека каков и да е обид да се направи решение децидно или конечно не може да се најде. Мислам дека сите ние и во поранешните прилики се солидаризираме со нашите ценети штедачи меѓутоа состојбите се такви какви што се и во оваа прилика законот што се предлага мислам дека нуди решение што во секој случај ќе биде од корист за штедачите. Меѓутоа, земајќи збор јас за овој Предлог на закон јас морам да истакнам генерално дека тој освен заслужената поддршка како од Комисијата за економска политика и развој така и од мене лично, сепак до конечното негово усвојување, односно до гласање по истиот мислам дека ќе треба да се договориме за одредени принципиелни решенија што треба да ги содржи законот.

Имено, јас мислам дека заслужува внимание залагањето за посободветно формулирање на членот 7 со кој што се мисли да се обезбеди можност да се расчисти со девизните штедни книшки со износ до 100 илјади ДМ. До колку се договориме така да пристапиме кон расчистувањето на огромниот штедни книшки кој изнесува некаде до 8 00 илјади, а само штедни книшки со износ до 100 германски марки или од 100 германски марки зафаќаат бројка од околу 600 илјади книшки што претставува некаде околу 70% од вкупниот број на девизни штедни книшки. Мислам дека доколку се прифати формулацијата што се нуди за член 7 освен што ќе се овозможи исчистување на преку половина од девизните штедни книшки и

времено мислам дека ќе се овозможи да се одговори на барањата и потребите на поголем број на девизни штедачи од кои мислам дека токму грото на тие штедачи припаѓа на лица навистина што се на некој начин загрозени и имаат потреба од користење на заштедените девизни средства. Веројатно дека и штедачи до 200 илјади марки, што исто така претставува некаде 1% од вкупниот број на износ на штедни влогови заслужува внимание, меѓутоа јас мислам дека би требало генерално да се согласиме и со цел за расчистување на тие фондови, штедни книшки на банките, а од друга страна и да одговориме на потребите на граѓаните за надминување на своите потреби сега и кога тие и објективно се соочени со проблемот на заробените девизни средства.

Истовремено, тргнувајќи од потребата таквите заробени средства да се ставаат во движење не само за директна потрошувачка, туку размислувам, а и во Комисијата тоа беше поддржано таквите средства да се користат и за вложување во градба на семејни куќи. Значи, освен можност за купување на општествени станови би се заложил и за тоа дел од тие средства да се користат и за градба на семејните куќи. За таа намена дури и средства од примерната емисија да се користат мислам дека нема да бидат залудни и нема да би; тоа таков генератор на инфлација, каков што би бил генератор на инфлација доколку се користат за директна потрошувачка. Таквите средства ќе овозможат анимирање на материјали, ставање во движење на претпријатија кои што произведуваат градежни материјали и од друга страна задоволуваше на потребите на граѓаните од станови.

Ние, решавајќи го проблемот на девизните штедни влогови истовремено мораме да мислиме и за банките кои што тоа досега на некој начин го вршеле колку под притисок на законот што важеше досега толку и

под притисок на самите девизни штедачи. Со Предлогот на законот се обезбедуваат 50% од досега исплатените средства од страна на банките. Залагањето на банките, а и одредени мислења на седниците на Комисиите водат кон тоа да се создадат можности од Владата или со законски пропис на банките да им се обезбеди целиот исплатен износ по основ на девизи, до колку повеќе што како што е познато нашите банки се до крај исцрпени и дека навистина доколку тоа не се обезбеди тие ќе бидат доведени во уште потешка положба. Во тој поглед сигурно дека ќе мора да се анимираат и средства на буџетот и средства од примарната емисија, меѓутоа во секој случај ќе мора да се води сметка да се излезе во пресрет на банките дури и по цена на откажување од одредени намени сега за сега, и буџетски и други и по цена на користење на дел од примарната емисија. Но пак ќе подвлечам до колку се овозможи проширување на намените меѓу другото покрај купувањето на станови овозможување и на користење на средства за градење на семејни куќи мислам дека покомплексно ќе се придонесе и за користењето на заробените девизни штедни влогови, а од друга страна и за поголема динамичност во самото одвивање на стопанските процеси кај нас.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници јас не сум економист, но ќе се обидам да дадам свој прилог за разрешување на овој проблем. Сите дискутанти беа едногласни дека ваков закон треба да се донесе и ќе се донесе сигурно. Чувме повеќе дискусии од компетентни луѓе, за мене компетентен е министерот за финансии, компетентен е господинот Превала, меѓутоа овде имам едно писмо од, за мене најкомпетентен човек а тоа е гувернерот на Народна банка господинот Борко Станоевски кој се обраќа до претседателот на Собранието и сугерира членот 7 по обемните дискусии

што тој ги обавил со штедачите во целата Република, предлага измени на членот и има свој заклучок , незнам , веројатно тој нема право тоа амандмански да го направи, меѓутоа ова би требало самата Влада да го направи амандмански како вчера кога направи измена од 10 до 20% како акционерски влог при формирање на нови банки. Според тоа сметам дека најкомпетентен човек од оваа сфера е гувернерот на НБ на Македонија за кого вчера видовме какви се права му дадовме како гувернер на Народна банка.

Тој исто така ни предлага и извори на средства за разрешување на овој проблем. Предлага прво, измената на овој член, неговиот предлог е сличен со предлогот ка господинот Мицевски по штедна книшка односно по штедач сите рамноправно да добиваат секој месец 100 германски марки по средна вредност од банковниот курс на Народна банка на Македонија. На ваков начин , бидејќи предлогот е од компетентен човек тој самиот поаѓа од претпоставка дека меѓу овие штедачи има многу богати и сиромаси. Зошто богати и сиромаси? Има девизни штедачи кои работниот век го поминале во странство како гастајбајтери, стекнале имот од 500 до 600 илјади марки и сега тие пари само ги имаат на книшка и фактички се богати сиромаси. Од тоа поголема иронија нема. Затоа мислам дека господинот Мицевски и претходниот дискутант кажа е човек кој зборува со јазикот на народот, а јас такви луѓе ценам, така зборуваат сите штедачи кои ги опседнуваат нашите банки, а тој притисок го осетил и гувернерот на Народна банка. Според тоа мислам дека овој негов предлог би требало да се преточи како амандман и во членот 1, кога ќе одиме по текстот и по амандманите да биде содржан во членот 7. Според тоа сите штедачи да имаат право секој месец линеарно да можат преку своите книшки да извлечат по 100 марки. Бидејќи многу релативна работа е кој е егзистенционално загрозен, ќе направан една

смешна дигресија. Најверојатно меѓу нив ќе се најдат и доктори,здравствени работници кои на два пати месечно ја добиваат својата плата, априлска плата уште не спомнуваме, разликата половина ја земавме, според тоа смешно ќе изгледа дека некој доктор ќе треба со таква потврда од Министерството за социјала и труд, јас од Бранко Арсовски од Куманово треба да земам потврда и да отидам во Стопанска банка и да ми исплатат 100 германски марки во против вредност. Поголема иронија од тоа нема. Според тоа пак се враќам на компетентноста. Мораме да го послушаме гувернерот на НБ на Македонија, тој многу учтиво се обраќа до претседателот, јас очекував дека стручњаците економисти тоа ќе го спомнат, па би сакал, тука е и потпретседателот на Владата и тој да се изјасни по овој предлог.

Има и други разни предлози, како што дискутираше магистерот Превала, зошто дел од тие девизни средства не би се користел и за изградба на семејна зграда. За купување на градежен материјал и за други намени а не само за оние најцрни ситуации во животот, смртни случаи, свадби, а знаеме сега при овој пад на стандардот колку свадби имаме.

Инаку, господинот Станоевски ги предлага и изворите како би се дошло до подмирување на овие потреби. Прво, продажба на општествени станови, потоа на деловен простор и трето од буџет, задолжување кај Народна банка. Нормално тоа можеби ќе генерира малку и инфлација, но ќе најде на задоволство.-

Друго, јас мислам дека крајно време е веќе да не префрлуваме одговорност на онаа Југославија што веќе ја нема и да тврдиме дека таму се парите. Еднаш овде слушнавме од оваа говорница дека дури 96% од девизните резерви што РМ ги дала во Народна банка на Југославија останале во оваа Република, па се вградени во разни претпријатија и други

намени. Можеби во тоа време се ревитализирало стопанството, подигнато е мало стопанство , па според тоа парите се тука.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Молам кој друг бара збор?

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, во образложението за донесувањето на законот за гаранција на РМ за девизните влогови на граѓаните и обезбедување средства и начин за нивна исплата во 1993 и 1994 година во точката 1 стои дека: "уставен основ за донесување на овој закон е членот 68 од Уставот"каде меѓу другото стои дека ова Собрание донесува закони и ништо повеќе. Никаде не се наведува дали овој и ваков закон е во согласност со Уставот на РМ. Оваа и ваква пракса на Владата на РМ честопати го доведува и ова Собрание во незавидна положба затоа што поедини закони или одредби во тие закони што ги донел Собранието се прогласуваат за неуставни од страна на Уставниот суд на РМ.

Во членот 8 од Уставот на РМ во темелните вредности на уставниот поредок е гарантирана и правна заштита на сопственоста, а во случајот или ако сакате аферата со девизните заштеди на граѓаните имаме неостварено право на слободно располагање со сопственоста. Единствено со членот 30 од Уставот став 3 може да се ограничи сопственоста кога се работи за јавен интерес утврден со закон односно ние како пратеници со изгласувањето на овој закон ќе им го ограничиме правото на согласност и располагање со сопственоста на девизните штеда

Обврска на ова собрание како законодавна власт е да донесува закони во согласност со Уставот према член 51 од истиот, кој вели: "Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со уставот, а сите други прописи со Уставот и законот." Секој е должен да го почитува Уставот и законите. Затоа почитувани пратеници моето размислување во однос на донесувањето на овој закон се движи во следната насока.

Владата како предлагач на овој закон за девизните заштеди сака одговорноста која морам да напоменам не е нејзина да ја префрли на ова Собрание како законодавна власт, притоа ниту сака да ја спомне уставноста на предложениот закон затоа што вака предложен закон нема ниту правна ниту економска основа ниту логика. Освен фактографија никаде во своето образложение Владата не ги наведува крајните корисници на овие да ги наречам сега фантомски девизни средства кои се земени од граѓаните. Никаде не стои кој е тој што крајно ги искористил овие средства затоа што тие постојат само во девизните книшки на граѓаните и во нивните девизни сметки и во записите на банки' Никаде на друго место не постојат. Тие се фиктивни затоа што ги нема. Тоа сите го знаеме овде.

Се поставува прашањето, дали граѓаните треба да добијат информација каде се испарени нивните девизни заштеди односно кои сега ги користел. Тоа почитувани пратеници во образложението Владата не го соопштува. Далеку е да тврдам, ќе повторам дека оваа Влада е одговорна за исчезнувањето на девизните заштеди на граѓаните, затоа што ако треба некој да каже сигурно ќе кажам дека е крајно злонамерен. Меѓутоа, право на секој граѓанин во оваа држава, а најповеќе на девизните штедачи кои се некаде према образложението околу 800.000 или околу 500.000 илјади под 100 германски марки, 300.000 над сто германски марки итн. итн., 23 како што кажаа и некои други пратеници овде дури имаат некаде и по милион германски марки. Значи обврска има оваа Влада да ги означи крајните корисници на овие средства и евентуално одговорност на поединци или тогашни политички субјекти, кои со политички декрет им наложувале на банките да доделуваат девизни средства на поединци, стопански субјекти итн. Тоа никаде до сега, само се шушка во јавноста, средствата се отидени

во стопанството, ги земала Народната банка на бившата СФРЈ итн. Меѓутоа, званична информација околу тоа, почитувани пратеници никој од вас нема добиено ниту оваа македонска јавност. Да се види каде со еден би рекол така со едно добро известие да се види кој се ги користел овие средства. Тоа никаде досега го немаме, само зборуваме за некои исчезнати девизни средства.

Одговорноста и онаа правната и моралната во оваа држава сеуште не постои со тоа и затоа имаме недоверба од страна на граѓаните кон институциите на системот, па ќе кажам и кон ова Собрание. Финансискиот дефицит од над милијарда американски долари создаван на 20 години како што стои во Информацијата како преземена обврска е навистина многу сложен за разрешуваше ако се знае дека освен овој дефицит, ќе потврдам милијарда американски долари кон штедачите постои и еден друг дефицит би рекол, тоа е малку поголем или тука се движи оној дефицит што РМ го држи спрема странските доверители кои на времето и давале кредити. Овој закон според образложението не предвидува никакви реални извори, без разлика што тоа се вели и за претходниот закон. Овде мисла дека министерот кажа една јасна вистина дека реални услови не постојат и со овој закон и не се ни предвидуваат тие, би рекол, реални економски оправдани извори за враќање на средства затоа што се ова е без економска логика. Затоа што нешто што го немаш и исчезнало не може да има реална основа на повраток освен при изнаоѓање на корисниците, ќе повторам уште еднаш, на овие средства, и евентуална наплата од тие корисници, дали се тоа поединци, стопански субјекти, можеби политички партии итн. Меѓутоа, треба да се најде и може од нив да се наплати, инаку нема реалност како со економска логика овие средства да се наплатат.

Значи овој закон се сведува, би рекол на една што ни предлага Владата да имаме една општа солидарност сите граѓани што живеат во оваа држава, една општа солидарност кон девизните штедачи. Јас ќе кажам дали е тоа солидарност кон девизните штедачи или ние со овој закон ќе пројавиме една солидарност кон тие што ги користеле овие девизни средства. Па можеби тука и Југохром користел итн., гледам директорот мавта со рака, но треба да ги врати ако користел Југохром од Јегуновце итн. затоа што со овие така на ги наречам трансакции со продажба на деловен простор, со трансформација на капиталот тоа е почитувани пратеници кажано со јазикот и изразувањето на народот претставува претурање од шупливо во празно. Затоа како што е предвидено во членот 8 од предложениот закон средствата за свадби, смртни случаи и школување, исплата на обврски кон банките, лекување, плаќање данок, царини итн. итн. е само чиста солидарност, ќе повторам, која девизните штедачи нема да ја добијат во секој случај, меѓутоа мене ме загрижува ќе повторам, онаа другата солидарност кон корисниците да не пројавуваме солидарност, а тие сега како крајни корисници можеби отвориле и некои големи фирми и се големи газди.

Мислам дека е наша обврска и како законодавна власт, а најповеќе на извршната власт да се најдат и виновници кои ги има. Не можеме да кажеме во овој случај ги нема виновниците односно може да се постави прашањето дали девизните заштеди отидоа само на купување на телевизори, видео- рекордери, автомобили и др. техничка стока увезена која што се продаваше за тогашни динари и тоа морам да признаaам дека така беше или пак имало и разни малверзации и прелевање во приватни раце на девизите кај луѓе кои како бивши директори на општествени фирми корисници на овие средства сега располагаат со капитал во девизи и се ново печени како што народот ги нарекува црвени буржуи. Тие и таквите

недозволени со закон малверзации ги нема во образложението на овој закон дадено од Владата. Такво нешто, ќе повторам треба Владата да му понуди и на ова Собрание и на целата јавност како сатисфакција и морална должност затоа што има начин, а особено Владата има начин да испита и се соопшти на јавноста затоа што во Владата е и МВМ итн. итн. да не повторувам, кога тоа ќе се случи со име и презиме, кога и тие, едни да речеме од кривците ќе му бидат запознати и на ова Собрание и н јавноста тогаш мислам дека и ова Собрание и оваа Влада и државното раководство ќе го повлечат угледот односно ќе имаат углед во народот, ќе бидат сметани за чесни и сите политички партии што опстојуваат во овој Парламент исто така ќе бидат сметани за чесни ако се најдат и виновници со име и презиме.

Се покажа дека ниту со прибирање на средствата за продажба на становите, општествените станови, дека вкупната сума не е намалена. Тоа го тврди Владата каде што вели и покрај прибирањата и овде бевме свесни дека, премиерот се пофали дека од продажба на општествените станови е прибрана сума од 200 милиони ДМ меѓутоа гледаме дека вкупната сума, односно вкупниот долг на девизните штедачи не се намалат од причини што истовремено пристигнале каматите. Тоа значи дека секоја година на овој долг ќе имаме уште еден и ќе имаме уште едно зголемување би рекол така хипотетично во однос на каматите кои се гарантираш со облигационите договори кои што би склучиле со банките.

Со пред малку искажаното како пратеник во ова Собрание ќе кажам дека нема да гласам за овој закон и од следните причини:

Прво, со овој закон не може да се разреши мошне сложеното прашање на девизните заштеди затоа што законот не е ниту правно издржан, а уште помалку економски логичен и се сведува на политичка одлука, ќе повторам, овој закон е само политичка одлука што по мене треба

да ја донесе само Владата како извршна власт во оваа држава, а не ова Собрание кое е законодавна власт. Што значи дека ваков закон може Владата да го донесе како одлука со кое ќе сака на некој начин да го разреши ако може овој проблем.

Второ, Законот не предвидува правна одговорност за можните прекршители на тогашните и сегашните законски решенија. Во целиот свет е предвидена правна одговорност на учесниците во облигационите односи односно ако јас и должам на банката таа со правна постапка ќе си ги наплати средствата што јас ги должам, ќе најде начин, ќе ме тужи и ќе си ги наплати тие средства. Во случајов со девизните заштеди тој однос не е почитуван и банките што како облигационен партнер кој не ги исполнил обврските во овој случај кон девизните штедачи не одговараат и ако имаат имот, ќе повторам, меѓу другото и недвижен имот, тоа е имот на банките, а државата како гарант исто така имот има и со тој имот на некој начин со продажба на тој деловен простор, сака да го разреши прашањето. Овде, вчера ми се чини, меѓу другото донесовме и закон за банките и штедилниците каде што тие односи исто така се регулираат со закон, а ние сега треба да донесеме закон кој нема да ги почитува тие облигациони односи кои што се почитуваат во целиот свет. Јас не верувам дека со ова ќе се поврати и довербата во банките ако не се почитуваат договорните односи и не се санкционира одговорноста, пред се, правната, затоа повторувам нема да гласам за овој закон.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани претенции, јас ќе бидам сосем краток и ќе ги изнесам своите видувања во поглед на овој закон кој што е сега на дневен ред.

Прво, веднаш на почетокот ќе изнесам дека му давам поддршка на ваквиот закон и сметам дека тој е неопходен за разрешување на тензијата

која што од ден на ден се повеќе се зголемува во девизните штедачи. Меѓутоа сакам да ги изнесам своите резерви во поглед на нереалните извори кои што се предвидуваат со член 5 и б.

Сметам дека изворите кои што се предвидуваат во член 5 и 6 во поглед на прибирање на средствата и тоа девизните резерви на РМ од продажба на општествените станови, од продажба на деловни згради, од трансформација на претпријатија со општествен капитал, кажа и министерот во своето излагање дека се нереални односно дека се на база на претпоставка. Тие засега не можат да се дефинираат. Мое мислење е дека бидејќи се тие нереални сметам дека ќе предизвикаат уште поголем револт кај штедачите затоа што со донесување на овој закон кој што ста пува на снага со денот на донесувањето ќе се јави огромен интерес со оглед на тоа што на член 7, 8 и 10 огромни права им се даваат на штедачите по сите тие основи што се наведни во овие членови. Голем број на штедачите ќе се јават кај банките за остварување на овие права Средствата ние сеуште ги немаме дефинирано,а сигурно затоа и долго време каснеше овој закон. Тој беше во неколку верзии предлаган од страна на предлагачот, меѓутоа, поради немање на реални услови тој доцнеше доста време и со тоа уште повеќе се создаваше недоверба од страна на штедачите кон државата.

Исто така кај мене се јавува една дилема во поглед на гаранција та. Со овој закон се предвидува гаранција на РМ за депонираните девизни штедни влогови за обезбедување средства за 1993 и 1994 година. Меѓутоа, со законот за девизно работење кој што го донесовме со чл.8 став 2 видовме дека таму за средствата на девизните штедни влогови, на девизните сметки гарантира банката. Значи гаранцијата од страна на државата во поглед на новите девизни штедни влогови е укината. Според

мене се јавува еден празен вакум што со оние средства на девизни штедни влогови, да ги наречам стари, до денеска кои што се наоѓаат во девизните штедни книшки и девизните сметки после 1994 год. кои што штедачите не можат да ги подигнат врз основа на правата што ги имаат по член 7, 8 и 10.

Исто така свое видување во поглед на член 7 и член 11. Сметам дека амандманот кој што е поднесен, кој што го имаме, за мене е многу поприфатлив со оглед на тоа што предложените решенија во Законот со кои што по 100 ДМ се исплатува за егзестенционални потреби, сметам дека со ваквите решенија кои што се предложени во член 7 и со образложението на законот каде што вика ова право ќе го стекнат штедачите со добивање на одредена потврда, мислам дека непотребно се оди во едно администрирање. Исто така со ова решение што е предвидено со законот ги навредуваме штедачите, значи ги тераме тие да одат од една врата до друга за да си го остварат своето право. За мене е поприфатливо решението во амандманот.

Исто така во член 11 со кој што Република Македонија се обврзува да му обезбеди 50% од износот од противредноста на исплатените средства на банките. Мислам дека ние расправавме во поглед на ликвидноста и доходовноста на банките и на 16март донесовме еден закон за задолжување на Република Македонија од НБ за средствата кои што беа исплатени од страна на банките од 1 јануари 1992 год. до 26 април 1992 година. Меѓутоа, од тој период од 27 април 1992 година денеска банките продолжија и покрај тоа што немаше ваков закон продолжија да исплаќаат од девизните штедни влогови. Во овој материјал е искажано дека се исплатени 80 милиони ДМ средства кои што банката по разни основи, дали се тоа за смртни случаи, за свадби за егзестенцијални потреби ги исплатија и затоа со оглед на тоа што банките се наоѓаат во една крајно лоша

ликвидна состојба, за мене поприфатлив амандманот кој што се нуди во член 11.

На крајот сакам да истакнам овде едн дискутант изнесе, зошто не им се дозволува на девизните штедачи своите заштедени девизи да ги употребуваат за вложување во стопански дејности. Мислам дека со решени јата кои што се понудени односно со правата кои што се дадени во член 8 алинеја 8, а тоа и во други случаи определен со закон. Ние го имаме законот за трансформација на претпријатијата со општествен капи ал, таму е дозволено да девизните штедни влогови ги користат за купување на акции. Значи целиот износ кој што го имаат на девизните сметки и девизните штедни книшки можат да го употребат за купување на акции, односно за вложување во стопански дејности.

**ТОДОР ДИМОВ:** (продолжение)

Беше изнесено едно обвинување на банките зошто не им се дозволува на девизните штедачи да стануваат акционери. Сигурно дека дискутантот мислеше на основачки влогови. Вчера доста дискутиравме во тој поглед. Мислам дека неосновани се обвинувањата на банките, бидејќи банките по постоечкиот Закон за девизно работење беа само сервис, средствата ги прибираа и ги депонираа во Народна банка. Така што воопшто не располага со девизните заштеди на граѓаните. Според тоа сметам дека таквите обвинувања не се на место

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, бидејќи се наоѓаме на една таква точка каде што не можеме да го заобиколиме ова прашање околу донесувањето на новиот закон донесени сме во таква ситуација да мора денес да го гласаме. Меѓутоа, има две нешта за кои во овој момент сакам да ве потсетам, за две нешта за кои во Република Македонија требаше да се води сметка, а некои во овој Парламент, а исто така во институциите на системот во оваа држава се потсмева тогаш кога стануваше збор овде.

Прво, ќе ве потсетам на аспектот распаѓањето на Југославија, осамостојувањето на Република Македонија. Кога ние овде во Парламентот со упадот на Хрватска, на Србија во паричниот систем на Југославија укажувавме како национален стратешки интерес на оваа држава треба да биде заштитата, аналогно на тоа и нашите банки треба да играат соодветна улога во тој грабеж во поранешна Југославија. Никој од Република Македонија и од овие институции не водеше сметка за штетите што настанаа во Република Македонија. И денес, се префрлува само на тоа дека еве, Македонија е во таква состојба каде што мораме овој закон да го донесеме и едноставно овие пари ги нема. Ако ништо друго, барем Владата

со овој закон што ни е доставен овде и што неспорно ќе го гласаме требаше да достави и една целосна анализа за тоа колку се направени штети во тој поглед со упадот во паричниот систем на Југославија, мислам на штетата направена во Македонија, после оние трансакции ако се сеќавате добро со откупувањето на девизите од страна на Словенија и Хрватска и незнам кои други. Исто така овие институции, банки што се наоѓаат во Република Македонија поединечно требаше да се увиди кои од сите тие директори, структури беа послушни на тој југословенски систем, или нивни сирачиња, па за сметка на оштетување и загрозување на националниот интерес на Република Македонија настојуваа да ги задоволат сите интереси на Југославија само за да останат на тие функции. Ние денес како политички сили во овој Парламент и како повеќеполитички партии на тоа прашање требаше да дадеме одговор и да се види од таа дистанца на тој временски период кој за што се залагаше и за што се бореше во оваа Република Македонија, а не сега дојдовме во една ситуација, ќе го донесеме законот, виновници нема, девизните штедни влогови ги нема, а знаевме дека девизите се даваа на било кои стопански субјекти, било каде да се даваа, се даваа со камати и со враќање на тие девизни средства и со камата. Ние ништо поопипливо немаме овде сега во овој закон. Тоа е едно крупно прашање на кое треба да дадеме одговор и да сносат одговорност актерите на таквата нечесна и антинационална и државна стратегија што ја водеа тогаш. А мене добро ме служи памтењето, некои и овде на оваа говорница се потсмеваа кога овде се дискутираше дека Југославија се распаѓа, дајте господа, политичкиот врв во Република Македонија, институциите во системот, директорите да се заштитиме од оваа ерозија што ни се наметнува од страна на помоќните Републики во поранешна Југославија. Тоа е моето видување на овој проблем.

Сакам да дадам целосна поддршка на дискусиите на Бранко Арсовски за член 7, на Шабан Превала од примарната емисија со што сметам ќе се даде голем поттик со тоа на целото тоа стопанство што зависи од изградбата и репродукцијата на тој капитал во областа на градежништвото, нормално тука се и другите стопански субјекти.

На крајот да завршам, давам поддршка и на амандманите од Трајан Мицевски кои мислам дека успешно ќе се вклопат и што беа во склад со оние размислувања на гувернерот на Народната банка на Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, понудениот закон јас го прифаќам и за него ќе гласам. Сигурно дека овој закон нема да донесе и решение на тешкиот проблем со депонираните штедни влогови на граѓаните во Република Македонија, напротив тој закон како што веќе беше истакнато од страна на предлагачот нуди решени; кои што ќе треба времено и постепено да разрешуваат дел од присутните проблеми. Мое видување е, а и замолница до сите вас ние да не се впуштаме и во денешната расправа да ги бараме кривците, или да бараме решение на целокупниот проблем. Напротив со давањето на придонес за прифаќањето на овој закон практично ќе придонесеме за едно долгорочно разрешување на присутниот проблем. Од тие причини предлагам да поминеме на произнесување по амандманите и усвојување на предложениот закон.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед дека расправата долго трае, само накратко ќе го изнесам моето мислење. За многу од амандманите со гласање ќе го кажам моето мислење со оглед дека дел од нив навистина ако се прифатат мислам дека целиот закон нема да има никаква смисла повеќе. Меѓутоа, сметам дека овој закон не треба да го гледаме изолирано и јас се обидувам целиот закон да го гледам во едни пошироки рамки што ги предлага Владата. Сметам дека навидум нерешливиот проблем со девизните штедни влогови може да се разрешува само така, чекор по чекор, односно скала по скала како што предлага Владата и го гледам во контекст на повеќе закони кои ги предложи и ко ги донесе ова Собрание и некои од законите кои следуваат да се дон сат во ова Собрание. Пред се Законот за продажба на општествените ставови, Законот за трансформација на општествениот капитал, Закон за продажба на деловниот простор итн. Јас тој закон што се предлага сега за депонираните штедни влогови го гледам во рамките на сите овие закони и од тие причини мислам дека чекор по чекор, може да се разрешува проблемот со девизните штедни влогови на тој начин. Не треба никој од нас да очекува дека со еден закон, со овој, или само со некој што следува, или само со оној што го донесовме веќе ќе се разреши проблемот. Исто така, сакам да укажам дека можеби од Владата без потреба е доведен Парламентот во извесна неинформираност, или можеби,тежок е зборот, не мислам баш така, манипулација со тоа што е дадено дека постојат 800 иљjади девизни штедни книшки меѓутоа 530 иљјади до 100 марки. Сите сме свесни дека тоа се девизни книшки кои дефакто се поништени. Некој имал 15.530 марки штеден влог, ги извлекол 15.500, а 30 марки му останале и тоа веќе е девизна штедна книшка на која никој сериозно не смета. Така што треба и во тоа светло да гледаме дел од штедните книшки кои овде се изнесуваат

како огромна сума која постои во државата. Се разбира дека оние кои се со соодветен износ треба и така да се третираат. Од тие причини јас ќе гласам за овој закон, затоа што мислам дека е еден од многуте начини кои треба во Собранието да влијаат за да се разреши проблемот со девизните штедни влогови, со тоа што мислам дека треба, барем чувствувам јас потреба од оваа говорница да се каже со оглед на сите проблеми заради кои влеговме во блокада на девизните штедни влогови треба и Владата можеби јавно да се обрати до сопствениците на потешките да речам девизни штедни влогови и книшки со поголеми износи, дека ќе биде многу тешко да очекуваат дека оваа Република во сите овие околности во кои се најде во последниве неколку години ќе може да ги поврати средствата во девизи или во денари и дека треба да се даде совет, па можеби и правна помош на дел од тие лица тие средства да почнат стопански да ги ефектуираат преку механизмите кои ги нуди Владата со неколку закони и на таа варијанта да се надеваат дека ќе можат да почнат со враќање на делови од своите девизни штедни влогови, а не онака како што за жал треба да се овозможи, меѓутоа, не може. Од тие причини јас во основа ќе го гласам законот и за оние амандмани кои концепциски и билансот кој го предлага Владата по основ на закон во основа нема да гласам.

Ќе ја искористам оваа прилика да изразам и едно јавно несогласување со еден допис кој ни е доставен до пратениците од страна на претседателот на Собранието кој допис е од една од републичките институции надлежна во оваа област. Јас нема да кажам која, чисто заради мојот респект кон таа институција и кон луѓето кои ја предводат пред се кои раководат со неа. Лично ги почитувам и институцијата и раководството на таа институција, меѓутоа сметам дека дописот кој е доставен до Собранието и од кој произлегува еден амандман кој треба да се предложи во Собранието со речникот со кој е напишан од институција која нема такви

ингеренции да врши политички притисок врз Собранието во најмала рака е обид" да се прави политички притисок врз Собранието, односно врз пратениците и врз мене како пратеник со зборовите кои се таму употребени дека се можни политички импликации, дека се можни политички дестабилизации на Македонија, социјално загрозување на миљето во Македонија итн. Ценам дека таа институција не требало да дозволи во рамки на дописот кој го има да го употребува и тој начин на притисок врз мене како пратеник со оглед дека таа институција нема такви надлежности да дава политички оценки за настани кои се во сферата на монетарната политика на Република Македонија. И затоа изразувам несогласување со тој дел од писмото и го сфаќам како политички притисок врз мене.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, веднаш на почетокот да кажам дека со големо внимание го читав законот, а истовремено и образложението дадено кон законот. Мислам дека за разлика од друг пат сега е пријдено доста сериозно од страна на Владата за решавање на проблемот. Знам дека многу од нас нема да бидеме задоволни, меѓутоа лично ценам дека состојбите се такви и можностите се толкави. Како таков материјалот, односно образложението претставува добра анализа за сето она што можело да се стори и да се нуди решение. Поаѓајќи од податоците дадени во прегледот едно ми паѓа во очи, а тоа е дека во банките каде што стојат штедните влогови ќе се намали бројот на штедните книшки при претпоставка сите оние што имаат до 100 марки да ги подигнат девизите. Со тоа ќе настане големо намалување на штедните

книшки. "Од вкупно по моја проценка 854 илјади колку што се дадени податоците и 282 книшки моја проценка е дека тие ќе се намалат за преку 700 илјади што значи банките ќе работат наместо толку администрација колку компјутерите се ангажирани за водење на тие книшки, сега ќе падне таа бројка на околу 150 илјади, а можеби и помалку, бидејќи оваа проценка ја чинам дотаму што сум го зел бројот на книшките до илјада марки. Бидејќи ќе имаме и над илјада при претпоставка 12 месеци да се земат по 100 марки, 1.200 марки, значи бројката ќе биде многу помала.

Имам една забелешка по однос на материјалот, односно понудениот закон. Во образложението се вели, односно во пресметката е земено дека дел на средства ќе бидат потрошени мислам како образложение и за патување во странство. Меѓутоа, во законот таква обврска нема, значи не можат да се користат средства. Ако образложението е направено па понудено порано, а таква работа подоцна во Владата не поминала тоа е друго, тогаш во тој случај треба да има исправка во образложението. Посебно е прашањето и кај мене останува една длабока дилема бидејќи во образложението се вели дека правата, односно обврските и правата на девизните штедачи во овој период 1993 и 1994 ќе мирува. Тоа во образложението е речено .Законот како што рече и министерот нема своја граница, значи доколку се создадат подобри услови тој тоа не го оневозможува. Заради тоа мислам дека една обврска треба да стои на Владата за во иднина а верувам дека тие и сами ќе го прават, но јас сакам да го потенцирам тоа е прашањето и натаму Владата доколку настанат одредени нови состојби, мислам во подобра состојба да се измени да такви ќе бидат должни да ни нудат бидејќи состојбите кај граѓаните навистина се тешки, луѓето ги вложиле тие средства, ги заштедиле, меѓутоа сега како да

ги немаат, дури би рекол дека е полошо што ги имаат, отколку што ги немаат, бидејќи оној другиот момент, оној психичкиот е уште потежок. Мислам дека од денешната расправа во оваа општа расправа, општ претрес, мислам дека треба да произлезат некои заклучоци за кои Владата во иднина треба да поведе, мислам дека таа води сметка, но би требало да води уште повеќе сметка, а тоа е што побрзо да го реализираме Законот за продажба на општествените станови. Ако од таму се јават одредени работи мислам дека треба да ни биде обврска на сите да ги надминеме тие проблеми што е можно повеќе да успееме да покриваме повеќе средства по овој основ.

Второ, она што останува, а со кое доцниме е донесувањето на законот за продажба на деловниот простор. Заправо тука мислам гледајќи ја структурата на штедачите, мислам дека може повеќе да се направи иако и тука стои една голема обврска како што е речено во образложението,не се знае сеуште колку е тој деловен простор што и припаѓа на државата.

Следната, а воедно и последна обврска по однос на решавањето на ова прашање е и што побрзото донесување на Законот за приватизација што ние доцниме, а истовремено заедно со него и Законот за концесија.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи имавме доста обемна расправа во Комисијата и таму расчистиме доста работи околу овој закон, јас само сакам да се осврнам на едно писмо кое што ни беше испратено со доста добра волја за разрешуваше на овој проблем. Мислам дека и во ред е добрата волја која што ни беше испратена од страна на Народната банка и сосема така да кажам ни се издржани двата предлога кои што ги имаме во ова писмо во делот на квантумот и обемот на средствата, бидејќи тие се

фактички содржани и во законот кој го имаме сега на дневен ред. Но, мене најмногу некако ме стави во дилема и заради тоа излегов на говорница за да го расчистам третиот извор на средствата кој што се предлага во добрата волја испратена со писмото. Имено, зошто се работи? Кога го прочитав прво мислев дека тоа е нов извор, односно штампање на нови пари. Но, кога убаво разгледав ми изгледаше дека не се тоа нови извори и нови пари, пред се со штампањето бидејќи не упатуваше еден дел од овој став дека се работи се она што се предлага во овој став да биде во рамките на проекцијата на монетарната политика за 199 3 година. Значи, да не се пробие рамката на монетарно кредитната политика за 1993 година.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**: (продолжение)

Ако е така, тогаш од кои извори треба да бидат при утврдувањето на овие средства?

Па, дојдов, како што е и крајот на писмото, дека тоа треба да бидат средствата од селективните кредити. А, што тоа значи? Тоа значи дека треба да се земе од средствата за земјоделието, пред се од средствата за производство на пченица, од средствата за залихи за пченица, за маслодајна репка, шеќерна репка, вино, пченка, оризова арпа. Тоа е се средства со кои што треба да се откупи производството од 1993 година.

Тогаш, ако е така, фактички писмото не упатува дека од едни корисници на средствата, од земјоделието треба да ги пренамениме кај девизните штедни влогови. Мислам дека, сигурно, во моментот кога е пишувано писмото, сигурно под одредени импресии, се чинело дека така можеби треба да биде. Но, јас се прашувам ако така треба да направиме, сега пак ќе немаме други реакции од другата страна. Од страната на земјоделието, бидејќи во проекцијата што сега треба да ја добиеме за 1993 година, се определени одредени средства за селективни кредити. Одредени кредити ние со законите што ги донесовме за конверзија од краткорочни во долгорочни, досега се земени, но сепак до крајот на 1993 година, остануваат одредени кредити со кои што треба да се кредитира земјоделието во 1993 година.

така што, на крајот заклучив дека предлогот е, а фактички не е предлог за разрешување на вкупните состојби што ги имаме и вкупните проблеми што ги имаме и во земјоделието и во девизните заштеди на граѓаните. Па, мислам дека упатеното писмо со добра волја фактички не нуди одреден конкретен извор кој што навистина ќе го разреши од сто

западногермански марки се исплаќаат 200 и сите оние намени напред што се наведени во писмото, што се фактички проширување на она што е понудено во овој закон.

Бидејќи ги имаме тие дилеми, сакав пред Собранието да ги изнесам и да ги има предвид при одлучувањето и при вкупните согледувања при гласањето за овој закон.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници.

Најпрво сакам да кажам збор- два за чесноста на намерата на тој што го предлага законот и за тоа дали навистина сака да се разреши и тој проблем.

По мое длабоко убедување, доколку имаше навистина намера да се реши проблемот со девизните штедачи многу порано ќе беа предложени мерки и закони од оваа област. Уште пред повеќе од година дена се предлагаа предлози на закони, се предлагаа решенија за ублажување на последиците настанати со овој проблем. Но, Владата, како поранешната така и оваа немаа никаков слух за решавање на оваа проблематика.

Тука го гледам и моралниот аспект од причина дали може некој да решава проблем ако пред тоа си го решил својот личен проблем на нечесен начин, а потоа сака да решава проблеми на господата, мислам за народот.

Пред повеќе од пола година, како пратеник поднесов иницијатива што е заробена во тие прекинати седници, ако не се лажам беше 51-та, каде што барав сите ние пратеници и министри во Владата, да се види дали ние сме го прекршиле законот како пратеници, како министри во Влада и на нелегален начин сме успеале да ги подигнеме нашите заробени девизи. Од, за мене непознати причини, ние пратениците од опозицијата немаме

никаков удел во подготовка на седницата, оваа иницијатива е закочена и имињата, ако ги има, на тие пратеници и министри кои успеале да ги подигнат своите заробени девизни средства, своите девизни заштеди а широкото граѓанско не успеало да ги подигне своите заштеди, јас се прашувам како ние сега ќе понудиме решение за граѓаните кога ние сме си ја искористиле нашата позиција и сме ги подигнале на нелегален и незаконски начин, повторувам, парите наши заробени.

Тука, кога еден пратеник дофрли "кои сме тоа ние", сите ние имаме име и презима како пратеници, како министри и секој од нас поединечно треба да ја понесе одговорноста ако го прекршил законот и како пратеник ја злоупотребил својата позиција и како министер и ги подигнал своите девизи. Јас барем така ја сфаќам демократијата и за таква демократија ќе се борам додека сум овде во овие клупи.

Господинот Никола Поповски може на говорница да реплицира колку што сака, јас не му забранувам но недофрлам никогаш.

Понатаму, тука се јавува уште еден друг, многу специфичен проблем со банкиве. Ние сме светски феномен, како држава во поглед на банките, тие што се најголеми должници на банките истовремено тие управуваат со банките тука се создава еден перпетум мобиле, еден затворен круг. Тоа го нема, тврдам, во ниту една земја во светот. Ние сме светски шампиони во поглед на недоследноста. Тие што најмногу должат управуваат со банките. А, сите банки истовремено должат на граѓаните, бидејќи граѓаните во банките ги ставиле своите девизи, и, според мене, единствено можно решение е имотот на банките, комплетен каков што е да им се даде на девизните штедачи тие да станат акционери, да управуваат со банките и ги решаваат своите проблеми со заробените девизни заштеди од оние стопански субјекти и индивидуални кои должат на банките. Јас барем така гледам, тоа е решение на проблемот. Тука не треба да бидам голем економист и голем филозоф му продаваш на народот, да го маткаш

народот, и да го лажеш и лажно да му ветуваш сто години. Тука е и законот за приватизација господинот Ајдарага ми се чини го спомна, треба да се донесе да се земат предвид овие луѓе што се оштетени на драстичен начин од оваа држава и да им се реши проблемот.

Воопшто не ја прифаќам изјавата од министерот, многу ми е жал што не е тука, кога велеше дека треба да се решаваат проблемите со емисија на пари. со тоа само ќе стимулираме инфлација во нашата држава ќе се обезвреднува стопанството и денарот и никако не можеме да зборуваме дека ќе имаме просперитетна економија.

Значи, единствено решение е да се дадат банките на управување на оние луѓе кои целата своја девизна заштеда ја дале. А, јас верувам дека доколку тие луѓе станат акционери, ќе знаат на многу брз начин во рекордно време да ги решат проблемите со своите девизни заштеди.

И уште нешто. Овде, двајца пратеници од СДС во текот на денешниот ден, ми се чини госпоѓата Славјанка и господинот Никола Поповски, иако не сакаа да кажат, јас барем така го сфатив, нека ме демантираат ако не е така фрлаа "дрва и камења" по гувернерот на Народната банка во врска со неговиот допис. Исто така, имаше случај на таков напад од ПДП врз гувернерот кога го носевме законот за парите на почетокот на седницава.

Јас мислам дека се тие владејачка коалиција, ако не им се допаѓа нека го сменат, но начинот на кој сакаат да го сменат не ми се допаѓа и со тој начин не се согласувам. Тоа не е принципиелен начин.

Или, амандманите поднесени од господата пратеници од владејачката коалиција. Не прифаќам и во принцип не гласам за ниту еден амандман од пратеник од владејачката коалиција. Сите свои заложби

пратениците од владејачката коалиција нека се обидат да ги решат на своите партиски состаноци, на ниво на својата партиска Влада. Можеме да поднесуваме амандмани единствено ние, пратеници од опозицијата кои немаме можност да влијаеме на формулирањето на овие закони.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека мојот многупочитуван колега Пановски се огради, доколку не го разбрав, еве јас ќе му потврдам, ниту ме разбрал изгледа ниту ме чул, за да нема дилеми.

А, доколку тој, како пратеник од опозицијата има решение за девизните штедни влогови, јас го повикувам, не да нуди амандмани нека понуди решенија на законот.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мислам дека не ми е својствено "фрлање на дрвја и камења" како што сакаше господинот Пановски, да го оквалификува моето излага а, по се изгледа не сакам, ништо друго да кажам , ќе кажам дека господинот Пановски воопшто не разбрал што сакам да кажам. тоа е негов проблем.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Често пати од оваа говорница сите пратеници се ставаме во еден ист кош. Така воопштено дискутираме дека "ние пратеници", "ние пратеници" нелегално подигавме толку и толку девизи според претходниот закон.

Јас јавно изјавувам , како пратеник Бранко Арсовски, во името на моите бирачи, да знаат дека ниту една банка, ниту една девиза не сум подигнал и покрај тоа што имам некоја заштеда на пример во Југобанка. Во таа смисла се оградувам од мислењето на колегата Пановски. Изјавувам дека јас како пратеник не сум подигал такви средства од банка кога беше забрането подигање девизи.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да почнам по ред.

За предложениот закон предложив амандман единствено со цел ако веќе се носи, а гледам дека коалицијата се што предложила досега не се случило да не пројде, овој парламент досега скоро 99,9% од законите поминале што биле понудени а бидејќи верувам дека и овој ќе помине, и овој ќе биде изгласан,за негово подобрување предложив амандман.

За тоа дали ќе нудам законски проекти или не, за жал на господинот Поповски немам намера да нудам од оваа област бидејќи немам намера да ви дадам аргументи утре да се китите со туѓо перје.

За господата Славјанка исто така тврдам дека многу добро сум разбрал што сакала да каже. Постојат стенограми. Јасна е желбата да се критикува гувернерот на Народната банка на начин што јас не го прифаќам. Не ја прифаќам оваа критика што упорно се протнува овде на еден не фер начин кон гувернерот,иако човекот не го ни познавам лично но ако веќе сакате да го смените, најдете подобар начин Ова не е начин.

Тоа што предложив секој од нас пратеници и министри да ка» дали со изјава како сега господинот Арсовски, јас не сакам сите да бидеме ставени во ист кош и секој мора да ја понесе одговорноста на јавната функција. Зошто цел парламент да се напаѓа, зошто цела Влада да се напаѓа. Нека се каже кои од старите министри и од сегашниве и од пратениците сме ја злоупотребиле нашата позиција кога обичните граѓани не можеле да ги подигнат своите пари. Не се работи тука за 1000 или 2000 марки, во весниците се кажуваат цифри 40-50 илјади марки.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, во врска со многу закони сме добивале писма и дописи па ниту едно од писмата не добило оваков третман во расправата за еден закон да се оддалечи темата од законот за едно писмо.

Во врска со законот, би сакала да го прочитам член 5 каде се вели дека РМ девизните средства за исплата на депонирани девизни штедни влогови во 1993 година и 1994 година ги обезбедува секоја година:

1. Од девизните резерви на РМ ;

2. Девизни средства остварени од продажба на станови во општествена сопственост;

3. Продажба на деловни згради и деловни простории

4. Од трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал задолжувања и други избори.

Во член 6 се повторува истото само за денарски средства за исплата на депонирани девизни средства, вели дека во 1993 година и 1994 година ги обезбедува од 1) денарски средства остварени од продажба на станови во општествена сопственост; 2) од продажба на деловни згради и деловни простории; и 3) од трансформација на претпријатијата со општествен капитал и други извори.

Придонесувањето на законот за продажба на општествени станови, барем ние членовите на Комисијата за градежништво и урбанизам, доста зборувавме за намената на средствата собрани од продажба на општествените станови. Како што знаеме Уставниот суд го поби тој член за намената на средствата, каде се вели дека Владата располага со средствата и најверојатно Владата ќе мора да оди со измени и дополнувања на Законот за продажба на општествени станови токму во делот каде што се работи за намената на средствата.

Така што сметам дека околу донесувањето на овој закон за гаранција на Републиката за депонирани девизни влогови на граѓаните и за обезбедување на средства и начини на исплата на депонирани девизни влогови се дигна многу голема прашина. Му се даде многу голем значај, а всушност, не претставува ништо друго освен озаконување на одлуката на претходната Влада за подмирување на обврската према девизните штедни влогови.

Сметам дека овој закон е донесен по чиста претпоставка затоа што, прво, немаме донесено закон за продажба на деловни згради и деловни простории, потоа го немаме донесено законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Иако го имаме донесено Законот за продажба на станови во општествена сопственост Владата ,како што барем се изјаснија на неколку наши комисии, воопшто немаат, бидејќи продажбата е во тек, немаат согледување до каде би можело да се оди со прибирањето на средства и колкави би биле тие средства. Така што сметам дека овој закон е донесен по чиста претпоставка. Не се знае дали ќе се реализира или не.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА**: (Продолжение)

Досега со одлуката на старата влада, исто така се доделуваа истите средства, за свадби најмногу до 1000 германски марки, за смртни случаеви мислам дека беше до 500 сега е до 1000, и понатака истите начини на исплата.

Исто така сметам дека овој последниот член т.е. 8 начин на исплата вели"и во други случаи определени со закон". Овде не е кажано кој се тие други случаи, а во член 9 вели дека Владата на Република Македонија по потреба утврдува приоритет за исплата на одделни намени од член 8 на овој закон. Затоа сметам дека овој закон ќе беше поцелисходен ако се донесеше по согледувањето на собраните средства од продадените станови, од продадениот деловен простор и од трансформацијата на општествениот капитал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ФАИК АБДИ:**

Господа пратеници, јас навистина, ја разбирам тежината на овој закон, тежината на се она што се случува овие две три години со девизните заштеди на граѓаните во Република Македонија. Исто така го сфаќам законот односно ситуацијата да може да настане натпревар меѓу владејачката коалиција и опозицијата итн., и стекнуваше на не знам што, поени и т.н. Меѓутоа, ќе се осврнам на едно прашање што е многу битно, овде кај нас на проблемот што го чув од господинот од мојот почитуван , добар пријател колега Пановски. Не може д£ се смета за позиција и опозиција , па било позицијата да предложи на секој граѓанин на Република Македонија, за тоа што сме многу богати да им се дадат по сто илјада марки. Ќе излезат против само за тоа што ние сме го предложиле. Тоа не е

конструктивна опозиција. Во парламентот треба да се создаде конструктивна опозиција, а не опозиција по било која тема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, ве молам ајде за законот да расправаме.

**ФАИК АБДИ:**

За законот, да господине претседателе, но ја користам оваа мала шанса затоа што некој така рекол.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, јас ви велам ако почнете еден што рекол, друг што рекол, тоа е друга тема. Овде законот е тема.

**ФАИК АБДИ:**

Во врска со законот таму каде што се предлага за патни трошоци некаде до повратен билет итн., мислам дека тоа треба да биде нешто повеќе, затоа што покрај патувањето има и дневни трошоци па да се види начин и можност тоа да се зголеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На секоја работа, па и на оваа и приоѓам од позиција на позиција на практична примена. Дами и господа, единствено што гледам во овој закон е настојувањето на Владата, на некој начин да најде средства или начин, по кратко кажано, да се одолжи спрема девизните штедачи. Меѓутоа , досега никогаш не сум користел афоризми, ќе кажам една мала, за овој закон. Отишол еден да студира ветерина. После седум осум години се вратил

дома и затекнал болна коза. Селаните го прашале од што е болна оваа коза? Тој бидејќи не завршил, рекол оваа коза има дијагноза. Бидејќи луѓето не знаеле што значи дијагноза, рекле "учен човек". Зошто ова го кажувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе мора една седница да имаме за приказни, навистина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, ќе кажам зашто го реков ова. Кога се приоѓа до приодот да се вратат парите , да се обезбеди, наместо да се одложи и каже наш термин да се одложи враќањето на парите на земјоделците односно на долгот од примарната емисија, се употреби терминот "конверзија". Значи преодот на ова одлагање на плаќањето не се кажува народски, туку се кажува конверзија. Па сега кои има речник на странски зборови ќе го разбере, а кој нема не го разбира, ќе праша, ако не праша ќе остане да не знае. Наука, се знае, конверзија! Меѓутоа, имаме средства.

Што станува сега со вториот дел. Тие средства што се давале о, примарната емисија, ќе ги насочиме кон другите корисници, а тие ќе бидат овие, оние и нема да имаме налог од примарната емисија за да се наплатуваат средства. Нема да имаме инфлација.

Госпоѓа Стојанова зборуваше дали ќе се постави прашање. Да, се поставува прашање и одговорот е во нејзиното размислување, инфлацијата ќе оди и понатаму затоа што е само сменет корисникот и начинот на користењето на примарната емисија, а не да се запрело користењето на примарната емисија.

Понатаму, во средствата за јавно информирање и граѓаните и штедачите сите сфаќаат дека со донесувањето на овој закон, да го

оправдам само својот термин, има намера само да реши, граѓаните сфаќаат дека секој ќе има право 100 ДМ и кога ќе прави свадба или кога ќе има покоен ќе има 1000 марки, како и другите основи. Не! таму да се знае дека е до може некој да користи една марка , а некој сто. Еден за свадба може да користи една марка , а некој илјада марки. Значи се остава исклучиво право, пак на банката, која зборува во нормални услови, ние на штедачите немаме пари за да им ги вратиме штедните влогови. А сега со овој закон на банките им налагаме да плаќаат толку и толку девизни средства. Каде е изворот? Се споменува дека тоа треба да биде девизната резерва, средствата од продажба на становите, од трансформација и сл. Па, вчера, кога јас зборував дека треба да влезат средствата од штедните влогови во капитал за основање на банка се рече не може. Е, како ќе може сега да бидат тие? Како тие банки ќе можат да ги вратат тие средства кога ги немаат? Овде е сега реалното давање.

И, господа пратеници, има едно правило, ако го избегнете првото тркало од камионот, ќе ве згазне последното, товарот е тамо. Е, сега, во овој закон е товарот, да најдеме кај се навистина живите пари. Ако пак има живи пари,тогаш зашто ги лажеме штедачите дека нема. Тоа е правилото на односот на водењето на политика. А само да се користи средството за информирање, телевизијата или да се повика новинар и да му се рече напиши ваква информација, која што на мене ќе ми ја одобри политиката без да се проверувам, тогаш политиката ќе биде или ќорава или слепа. А знаете меѓу корав и слеп има разлика. Ќорав е со едно око а слепиот е слеп на двете очи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Николов.

**ДУШАН НИКОЛОВ:**

Лично мислам дека во делот на овој закон се отвори поголема полемика што практично произлезе од делот на гувернерот на Народната банка. Ако подобро се проанализира неговото мислење, само може да биде предмет на добра волја и ништо повеќе. Зашто? Затоа што решенијата што се понудени во законот, секако оперативни решенија како реални извори за финансирање и следење на целиот овој проект, се далеку по објективни и одговараат на реалноста. Зашто? Затоа што мислењето што направи збрка сега овде, има четири лимитирачки фактори.

Прво, еден од факторите се врзува за проекцијата. Вториот фактор што исто така лимитира на оперативноста на овој закон, едноставно не се прави математиката но набрзина кога се посматра, се однесува на изворот на станбениот фонд. Чувме колку досега сме успеале во првата транша да обезбедиме пари од тој фонд. Третиот извор што во законот се потенцира тоа е изворот на средствата од продажба на деловниот простор. И тој извор е познат и наскоро ќе се трансформира, без разлика дали ќе биде овој месец или наредниот месец. Според тоа, во целина кога се гледа понуденото решение, само преку овие три фактори, практично останува добра волја дека ако се петстотини илјади штедачи по сто марки тоа се петсто милиони Реалните извори само преку проекцијата не даваат шанса повеќе од 60 милиони годишно. Значи ќе остане само ставена цртичка во законот како право. Таков амбициозен закон претходно имавме. И мислам не треба сега да ги залажуваме штедачите дека ние со овој закон што го предлагаме или оној што постоеше, или пак сега што заговараме нови решенија дека практично обезбедуваме и решавање на проблемот.

Објективно речено и овој закон ваков што е, основна карактеристика на целиот закон без разлика кој од изворите да ги спомнеме ја има инфлаторната карактеристика. Тоа е затоа што ги немаме изворите, а ги имаме реални и објективни, тогаш овој закон е беспредметен. Затоа сега имаме префрлување од една страна Народната банка, а од друга страна граѓанинот, од трета го имаме стопанството, четврта страна ги заговараме банките и т.н. Всушност извори нема и затоа се донесуваат овие закони, па ги покриваме со три основни критериуми и велиме дека едното е гаранција, другото, преку гаранција обезбедуваат извори и трето во некој период на догледно време, ете вака ако малку можеме да се доближиме до штедачите, па да речеме малку ни е незгодно да кажеме објективно нема услови и реални извори за враќање, без инфлација, па викаат еве да направиме една динамика, толерантно да се доближиме до штедачите, во период од една или три години и нешто да ублажиме. Тоа е објективноста. И јас сум длабоко убеден и овие извори ан средства овде, ако се избалансираат и направи попрецизна математика, веројатно применливоста на овој закон на крајот на годината нема да биде повеќе од 50%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Не сакам повеќе да дискутирам, само ќе кажам една реченица. Како мислиме ние на ваков начин да ја повратиме довербата кај штедачите . А јас сум сигурен дека во оваа криза ако ја повратиме довербата и ова ако го усвоиме и да им удоволиме на штедачите, сигурен сум дека во рок од еден месец ќе има голем прилив на девизи во банките, зашто сега мислите нема девизи кај народот. Народот можеби има три или четири пати повеќе

девизи што ги чуваат дома, а од овие, вакви стеги и ваквите недоверби, нема прилив во банките. Затоа се плашам од ова вака да го донесеме зашто само мами, а јас ви гарантирам дека брзо ќе има брзо прилив на девизи. Полно има во народот девизни средства. сите ги чуваат сите се плашат од ваквите санкции , од ваквите грабежи, од ваквите злоупотреби, до ваквите ограничувања од моќниците, само тие да господарат со нив, да ги земаат, па народот затоа не ги дава девизите. Направете го овој гест, па ќе видите дали ќе има или ќе нема. Полно има девизи во народот. Повеќе има девизи отколку денари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 7, член 10 за додавање нова алинеја 5 и на член 11, пратениците Хамид Алију. Џелил Таири, Шабан Превала и Сејфедин Харуни поднесоа амандман на член 8 став 1 за додавање нова алинеја. Пратеникот Трајан Мицевски поднесе амандман на член 7 став 1, член 8 став 1 за додавање две нови алинеи, за додавање нов член 10-а. Пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 4 став 2 по кој Владата не се произнела. Пратеникот Михаил Пановски поднесе амандман на член 11 и пратеникот Ванчо Златанов поднесе амандман на член 7 за додавање нова алинеја, што сега ви се доделени, за што Владата се нема изјаснето.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Молам да се изјасни претставникот на Владата.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, текстот на овој амандман е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман од следните причини затоа што бришењето на компонентата до 100 германски марки да се исплатуваат само на луѓе кои имаат исклучива потреба и ширење на дијапазонот на тие права , на сите носители на штедни книшки го губи елементот и смислата на член 7, а материјална база за измирување на обврските во толкав обем не може да се обезбедува во овој момент и од тие причини ве молиме да не се прифати овој амандман на член 7.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор ? Господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас веќе кажав околу новиот текст, сега би додал, се работи само за десет илјади марки, не се работи за голем износ. Спрема тоа за десет илјади марки имате во спецификацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор по амандманот, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 3 6 пратеника.

Според тоа амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Од истите причини, зашто истиот амандман е истоветен со текстот на амандманот што Комисијата го предложи , а го прифати Собранието, ние не го прифаќаме и молиме да не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Господин Мицевски бара збор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Амандманот на член 7 што го поднесувам потребен е и произлегува токму од типот на денешната дискусија што ја водеа сите пратеници, треба да се прифати. Не можеме ние да ограничиме 100 марки, кога пред две години таа беше 45о односно 650 денари , а сега да му плаќаш пак 100 марки кога вредноста е зголемена. Како второ ние не ги задоволуваме нивните потреби со 120 илјади денари денарска против вредност на овие денешни плати што ги имаме. Затоа предлагам во овој став да се додаде односно да биде наместо 100 да стои до 30 0 марки. Од тоа, ич не треба да се плашиме затоа што со првото исплаќање, второ и трето веќе ќе се намалат за околу 524 илјади штедните книшки. Според тоа нема бојазност да не се остави затоа што после ќе останат многу малку . На 50 и повеќе посто ќе се повлечат штедните книшки зашто ќе се исплатат. За

обезбедување на средства со ова што реков, ако вака се удоволи , ако може да се зема, ќе ја вратиме довербата кај штедачите, за што пред малку дискутиравме тие ќе вложуваат пак во банките, ќе биде загараниирано и ќе си речат, еве се врати довербата и кај Владата и ќе можат да се внесуваат и ќе можат да се подигаат, на тој начин ќе се внесуваат и девизни средства.

Јас предлагам и други средства, зашто на пример не се предвиде, покрај овие средства што се предлагаат во законот, не се предвиде и член и со средства од трансформација на општествениот капирал, да се издвојат и оттаму такви средства какви што издвојуваме, и после да се трансформира тој износ од 10 или 15% од вредноста на општествениот капитал прво да се издвои па да се распределува.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ** (продолжение)

За исплаќање на средствата на штедачите што велиме по овој основ имаме забелешка и плус тоа со оглед на тоа го оправдувам затоа што велиме дека средствата на штедачите се тука и дека се вложени во стопанството. Штом се вложени во стопанството редно е сега стопанството на овој начин да им се оддолжи за услугата до сега што им беа запленети. Затоа предлагам да помине овој амандман и покрај тоа да се брише членот каде стои за егзистенцијата. не треба само на тие што имаат егзистенција туку сите зависат од тоа и кога ќе им се овозможи на сите ќе можат сите и да подигаат и да внесуваат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (32 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 7 став 1 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

(пратениците од ВМРО-ДПМНЕ бараат поединечно гласање)

**ИГОР СПИОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2 . ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3 . ЕШРЕФ АЛИУ | не е тука |
| 4 . ХАМИТ АЛИУ | не е тука |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6 . СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8 . ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12 . БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17 . АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | воздржан |
| 20 . ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22 . РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРЃЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33 . ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34 . ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37 . ЉУБОСАВ ИВАНОВ | воздржан |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39 . СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОБСКИ | не е тука |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | воздржан |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

66. НАИФ МУСТАФА воздржан
67. ПАНЧЕ НАСЕВ не е тука
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ не е тука
69. СИМОН НАУМОСКИ не е тука
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ не е тука
71. ЈОВАН НИКОЛОВ не е тука
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ против
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ за
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ за
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ против
76. ТОДОР ПЕТРОВ не е тука
77 .ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ не е тука
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ не е тука
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ воздржан
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ против
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ против
83. ШАБАН ПРЕВАЛА за
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ против
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ воздржана
86. ИВАН РАМБАБОВ против
87. ШУКРИ РАХИМИ воздржана
88. ФЕРИД САДИКУ воздржана
89. НЕИМ СЕЛМАНИ за
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ не е тука
91 АЦО СПИРОВСКИ не е тука
92. РИСТО СТАМЕНОВ не е тука
93. РИСТО СТАНКОВСКИ не е тука
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ за
95 .СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА воздржана
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ против
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ против
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ не е тука
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ не е тука
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ не е тука

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ за
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ не е тука
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ не е тука
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ не е тука
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ не е тука
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ не е тука
109. АГИМ ФАЗЛИУ воздржан
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ за
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ не е тука
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ против
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ за
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ против
116. НЕЏАЈТИ^ЏАФЕРИ воздржан
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ против
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ не е тука
120. ХИСНИ ШАКИРИ за

**СТОЈАН АНДОВ**

Гласале 70 пратеници, 34 за, 15 против, 21 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Ве молам сакам да се консултираме дали да одиме на пауза, оти доста долго работевме , но овој Закон да го завршиме. Инаку, гледам доста заморени луѓе ми даваат знаци да прекинеме. Но, да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1 за додавање нова алинеја, поднесен од пратениците Хамид Алиу, Џелил Таири, Шабан Превала и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор господинот Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Со сиот респект што го заслужува ова прашање да се додаде уште оваа алинеја, Владата не може да го прифати од причини што ова значи дополнително ангажирање на материјални средства кои не се обезбедени со пресметката и ја доведуваат во прашање реализацијата на целокупниот концепт на законот.

Не може да се поистоветува купување на општествен стан и изградба на нова куќа од причини што за изградба на новата куќа се ангажираат средства за набавка на градежен материјал и се друго што е сврзано со тоа, а тоа значи празнење на пресметката и неостварување на основните елементи во концепцијата на законот.

Ве молам, овој амандман да не биде прифатен од билансни причини, затоа што ќе го доведе во прашање целиот концепт на законот.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, и покрај образложението што го даде потпретседателот на Владата, сметам дека има потреба од едно додатно образложение од страна на предлагачите што го поднесовме овој амандман.

На прв план со овој амандман ќе се постигнат четири основни цели и тоа:

Прво, ќе се овозможи решавање на станбеното прашање на граѓаните односно на девизните штедачи со градење на семејни куќи.

Второ, ќе се изврши изедначување со девизните штедачи кои своите влогови, согласно Законот за продажба на становите во општествена сопственост, ги користат за отплатување на стан во општествена сопственост.

Трето, стопанските субјекти кои произведуваат градежни материјали ќе ја зголемат реализацијата на своите готови производи и

Четврто, со ова се намалува притисокот врз примарната емисија. Ова значи дека овие четири работи што ќе се постигнат со поднесениот амандман сметаме дека и те како бе придонесат во намалувањето на притисокот на јавноста во решавањето на оваа доста горлива проблематика, а во однос на тоа дека ќе се менува целокупни концепт на овој предложен закон, сметам дека потпретседателот добро кажа точно е дека ќе се менува концептот, меѓутоа, состојбата е таква и ние како подносители сметаме дека би требало и ова да влезе па натамошниот тек на спроведувањето на законот ќе покаже дали сме во право или не.

**СТАШО МИЛКОВСКИ:**

Јас сакам лично да се изјаснам дека ќе гласам за овој амандман и гласајќи за амандманот мислам дека ги изразувам желбите на 60 илјади вработени во градежништвото затоа што нивната судбина моментално е неизвесна, нивната опрема и девизните заработувачки се заробени во странство, готови станови седате не продадени и чија судбина од ден на ден односно неизвесноста нивна се повеќе се зголемува.

Затоа, и покрај укажувањата на господинот потпретседател, мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Ќе беше многу добро кога на овие причини наброени за потребата од вградување на овој амандман, како што господата пратеници се обидоа да ги набројат само уште еден момент да се наброи, новиот извор на средства за да се покрива оваа потреба.

Ве молам, билансните можности не допуштаат простор да се вградуваат нови намени затоа што ќе се доведе во прашање реализацијата на целиот концепт, бидејќи нема извор на средства за да ги покрие задоволувањето на потребите за нова станбена изградба во овој момент. Ве молам, истиот да не биде прифатен.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да го свртам вниманието на пратениците дека овој амандман не е потполн, евентуално да не се усвои. Ќе остане мртво слово на хартија од причини што во членот 8 после седмата алинеја се додава нова алинеја, после ставот 1, а ставот 2 односно ставот 3 го регулира начинот на исплатата и изворите на средства што се предвидени во седумте алинеи. Овде се предлага осма алинеја, нова алинеја за нови намени каде што начинот на исплата и средства не се предвидуваат. Тогаш би останало само фиктивно дека ќе може да се исплатуваат овие средства на начин на кој е даден амандманот. Значи нужно е ваквиот амандман што се предлага бара дополнување и на ставот 3 од членот 8.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака. (31 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 за додавање нова алинеја, поднесен од пратениците Хамид Алиу, Џелил Таири, Шабан Превал и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по Амандманот на член 7.Член 7 се менува и гласи: "од депонираните девизни влогови на граѓаните банките се должни во текот ан 1993 и 1994 година да вршат исплати во денарска противвредност во висина по 100 ДМ по штедна книшка по курсот на НБ на Македонија на денот на исплатата."

Предлагачи се пратениците Гулистана Марковска, Билјана Лазаревска и Ефтим Манев.

Кој бара збор?

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека го немате образложението, што овде беше истакнато во голем дел од дискусии на повеќе пратеници. Тоа е пред се да се овозможи на сите штедачи во старт да имаат исти услови за подигање на дел од својот штеден влог односно да не мора да бараат потврди, за кои што јас не сакам да преаудицирам, меѓутоа верувам дека во голем дел ќе бидат со малверзации пропратени. Од друга страна како што најавува гувернерот на Народната банка на Македонија, г-динот Борко Станоевски, кој веројатно е самостојна личност и кој најмногу треба да ги познава и монетарните можности на Република Македонија, меѓутоа воедно и материјалните можности кои што во низа разговори со девизните штедачи,веројатно и овој проблем доста добро го познава и знае и покрај тоа што голем дел од нас имаа можности за индивидуални средби и разговори, цени и покрај нивните позголемени можности дека на ваков начин сепак ќе се овозможи еден дел од средствата да бидат исплатени, голем дел на книшки кои што имаат мал износ на средства во текот на првите два три месеци, или пет, шест месеци бидат поништени како такви, а воедно пред се да се оневозможи понижувачкиот статус на голем број на граѓани да бидат сместени во категорија на социјално загрозени.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Амандманот не е јасен. Дали технички, правно, логично или народски незнам. Таму е прецизно месечниот термин. Овде не се знае две години во една вреќа се ставени. Јас мислам дека предлагачите треба да си го појаснат амандманот, па да се знае која е обврската. Дали секој месец во текот на 1993 и 1994 година, или еднаш годишно или два пати годишно, или пак кој кога ќе дојде.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас на некој начин сакам да ги разберам предлагачите на амандманот меѓутоа сепак не ми се јасни некои работи.

Мислам дека ги разбирам во овој однос каде што сакаат сите штедачи кои имаат штедни книшки да може да добијат месечно во текот на 1993 и 1994 година до 100 ДМ. Значи, се разликува од Предлогот на Владата, членот 7 каде што вели само за егзистенцијални потреби на граѓаните кои не си ги задоволиле тие потреби до 100 ДМ. Јас молам овде, до 100 ДМ означува од една до 100 ДМ. Кој е тој што ќе уреди дали ќе добие една марка и во членот 7 како што е предложено од Владата и во овој амандман што е предложено сите да добијат до 100 ДМ. Јас мислам дека поцелисходно би било од 100 ДМ да кажеме, инаку ова до 100 ДМ и како што се предлага од Владата е неадекватно. Затоа и амандманот што беше поднесен од пратеникот Мицевски вели до 200 ДМ, исто почнува од 1 до 200 ДМ. Кој е тој што ќе цени на кој човек колку му треба, дали 10 или 20 или 30 или 40, или пак 100 ДМ. Јас мислам дека не е прецизен амандманот и вака не можам да го прифатам.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас навистина се извинувам, но има една техничка грешка бидејќи се правеше набрзина и имаше голем број на дискусии, а мислам дека нема потреба од никакво карикирање. Дали една или две марки сигурно не се

правеше. Наместо "до", треба да стои "по 100 ДМ" и "месечно" е испуштено во куцањето, а во оригиналниот текст стои.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман ќе го поддржам од следните причини. Луѓето кога ги внесуваа девизите веруваа и во банките и во државата. Сега ниту едниот ниту другиот одговараат. Ниту едниот ниту другиот кажува што ќе биде. Државата за да на некој начин да доведе до некакво си поверение кај луѓето вели вака ќе постапиме. И од Владата се доби еден текст. Овој текст овде избегнува едно понижување што не беше кога граѓанинот ги вложуваше парите во банката, тогаш беше горд, затоа што има гаранции и од држава и од банка, сега кој е тој што треба да одлучи и да го натера некој кој имал и вложил милион ДМ сега да се појави со едно напис мено написмено и да каже јас немам денеска да јадам леб затоа што државата ме направи слепец. Сега ќе се најде некој кој ќе цени до каде овој е слепец. И потврда да му се даде.

Овој амандман има смисла ако навистина државата имала намера нешто да чини према штедачот а ако немала намера тогаш нека се уважи владиниот амандман.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Амандманот за мене е прифатлив и ќе гласам, ќе го поддржам, но сакал предлагачите, бидејќи сметам дека има една мала недопрецизирано ако може тоа да го разјаснат. Вели"по штедна книшка". Што ако еден граѓанин има 10 штедни книшки, а има и такви. Има некои што имаат к по 20. Мислам дека тоа треба да се допрогнозира до кој број на штедни книшки може да има граѓанин, или на еден граѓанин да му следуваат само 100 марки месечно.

Сметам дека ова е од интерес за една рамноправност помеѓу граѓаните. Еден човек може да има милион марки заробено, на една книшка, а некој може да има 10.000 марки на 10 книшки. Тоа значи дека тој што има многу повеќе пари ќе биде онеправдан. Ако може предлагачите оваа работа да ја разјаснат ќе биде од интерес, а јас инаку ќе гласам амандманот.

**ДРАГИ АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, посебно изразив благодарност на предлагачите на амандманот бидејќи во права суштина ја сфатија мојата претходна дискусија во однос на член 7, кога реков дека ќе се намали целокупната администрација во остварување на правото од 100 ДМ.

Меѓутоа, апелирам до предлагачите да го допрецизираат самиот амандман, инаку вака како е поставен тој прави забуна.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници. Текот и на оваа седница скоро со ништо не се разликува од претходните. Ценам дека дефинираме на говорницата да внесеме сосема површни и неважни работи и факти. Апсолутно не осеќам, воопшто не е присутно залагањето кај нас со духот на законот и со наше залагање, наш конкретен ангажман да внесеме доза на нова сигурност кај граѓаните, кај себеси и кај установите за кои носиме закони и зошто ги формираме. Сета дискусија оди во насока како да ние формираме банки за да земеме по 100 ДМ месечно. Ова е крајно несериозно и негативно делува апсолутно кај луѓето.

Амандманот онака како е напишан кажува колку е сериозен и апсолутно не треба да се прифати. Се залагам за напори да се обезбеди враќање на девизите целосно кој колку ги има. За такви закони да се залагаме и за таков начин на работа, а не да градиме многу евтин, многу лесен политички маркетинг.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас навистина жалам поради вакви дискусии и начелни согласувања во кои што се вели ќе им ги вратиме девизите на граѓаните, а со прст нема да мрднеме тоа да го направиме реално односно во животот и стварноста. Исто така, мислам дека не е лесен политички маркетинг ако некој се труди да некому дел од неговите средства, кои што тешко ги заработил верувам народот на ова подрачје тешко ги заработува вложените средства за да може да штеди, ако се труди на некој начин сите во старт да бидат изедначени. Затоа ќе се залагам, а можеби не само за 100, и 50 марки да можеби да им бидат дадени на граѓаните, меѓутоа на сите во старт да бидат изедначени, затоа што никој не го прашува никого од каде ги добил тие пари. Тој човек ги заштедил и има право да располага со својот девизен штеден влог.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господо, овој амандман ќе го гласам. Со оние забелешки што рече некој дека треба да се допрецизира, меѓутоа сакам пред сите да кажам дека јас бев во Австралија на печалба и имам заробени мои девизни пари. Од оваа говорница не сакам еден господин Ештреф Алиу да ми врати пари и да донесе таков закон што не е можно да се донесе, да се вратат сите пари. И овде продава постојано ум на сите луѓе и некаква си демагогија дека еве само тој се залага за овој Парламент, или овој народ, а некој друг само прави маркетинг. Ова не е маркетинг. Зошто еднаш не се сфатиме сериозно во овој Парламент и да работиме како што треба. Јас гледам дека во Законот и на крајот таму добро стои колку пари од НБ се земени како кредит за покритие на оваа трансакција. Јас тоа го сфаќам, меѓутоа не ги сфаќам ваквите дискусии со кои некои пратеници овде солат памет, а сите сме доволно мудри и школувани, интелектуалци да ја сфатиме цела ситуација. Да престанеме еднаш. Не е маркетинг оваа работа. Има луѓе кои навистина во Битола починаа таму каде што

штрајкуваа за своите девизни пари. Татко ми беше 13 години во Австралија, работеше, не може пари да земе од банката, а некој друг можеби и во овој Парламент се наоѓа ги подигна навреме тие пари, баслословни цени сега со приватни претпријатија прави итн.

Уште еднаш апелирам каде се тие овде што дискутираа во овој Парламент кога ние апелиравме Македонија да стане во одбрана на своите национални и државни интереси, кога се правеше пробив во монетарниот систем на Југославија, кога се пљачкаа девизите од страна на Словенија, Хрватска итн. Сега сите молчиме. Дајте на виделина тој политички проблем да го изнесеме и да видиме кои се виновниците. Да ги казниме а не да стојат во истите места директорски, во истите банки во Република Македонија. Тие се актерите, кои се, јас не сум ни крив ни должен, си дојдов со чесна мисла и со чесно лице и образ да работам во овој Парламент.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сега сакам да кажам нешто како штедач кој се што има заработено во животот е во Стопанска Банка е кај Јаким во Битола и кој ваквиот закон што се предлага сега ќе го поддржам иако знам дека јас од овој вкупен број на штедачи што е овде нема да го решам проблемот. се надевам дека другите штедачи што ќе се пронајдат внатре и ќе го решат проблемот ќе ми овозможат еден ден мене, или на некој или евентуално ќе може да ги наследи тие мои права да ги оствари дефакто. Од тие причини нема да го поддржам и овој амандман, како што гласа и пред малку за амандманот против во поединечната прозивка, иако беше примамлив во однос на искажувањето на амандманот, а не и во аргументацијата дека може да се оствари правото за кое се предлагаше тој амандман.

Овој амандман нема да го прифатам од причини што според мене има една огромна мана. Решението од членот 7 на постојниот член, што г предлага предлагачот, Владата нуди да од вкупниот број на штедачи, според образложението 20% на штедачи и оние граѓани кои се наоѓаат навистина во егзистенционална загрозеност го остварат тоа право и со тоа се обезбеди на некој начин можност за еден социјален мир, за да може и понатаму да делува механизмот на решенијата со ново доградување на законот и со нови извори до крај да се перфектуираат односите за гаранциите што ги дава државата Република Македонија во остварување на правата од депонираните штедни влогови.

Амандманот што предлага? Амандманот предлага да на сите штедни книшки, 854.000, кои ги има овде презенитирано само еднаш годишно се даде противвредност од 100 ДМ.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Или всушност до 100 марки, тоа значи дека секој штедач всушност сопственик на штедна книшка или имател на штедна книшка од 854 илјади добива за 19 93 година по курсот што се предлага овде од 780 денари и целата битка е за тоа, притоа занемарувајќи гс основниот концепт дека членот 7 има и своја функција да ја амортизира онаа група на штедачи кои што се наоѓаат навистина во таква социјална половжба за кои добар дел на пратеници зборуваа од оваа говорница, а и претходниот пратеник што кажа со конкретни примери. Според тоа, затоа ќе гласам против овој амандман, затоа што мене како на штедач ми носи поголема перспектива предлогот на решение, и поголема можност за надеж дека ќе ги остварам своите девизи заробени во Стопанска банка Основна банка Битола.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, само би сакал да дадам одговор на претходниот дискутант господинот Наќе Стојановски. Сигурно не ја слушал исправката која што ја даде потписникот Гулистана Марковска. Во предложениот амандман е испуштен зборот "месечно". Госпоѓата Гулистана тоа го објасни и амандманот е исти како и предлогот на Владата со тоа што ги ослободуваме граѓаните да докажуваат социјала. Ништо друго. Суштината е иста. Место да одат граѓаните секој месеи да пријават дека е тој социјален случај, да добие потврда да подигне до 100 ДМ. На таквиот чекор се одлучивме од самото образложение на гувернерот на НБ кој во своето објаснување дадено со писмо смета дека такви средства може да се обезбедат.

Лично јас се прашувам дали некој орган од центрите за социјални случаи, дали ќе може да не му даде на некој граѓанин потврда да погине 100 германски марки ако ги има такви. Дали ќе оди тој на терен да испитува

дали е социјален случај или не. И затоа ми се чини дека амандманот е прифатлив и остварлив за овој период од времето во кое што го донесуваме законот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се обидов со внимание почитуваниот колега да го слушам и се надевав дека ќе ми понуди можност да го прифатам амандманот затоа што јас сум позагрижен за моите девизи веројатно од него, но сепак не најдов. Амандманот што се предлага без разлика на дополнението на предлогот што значи до- од и предлогот на решението се сосема различни, јас колку што го читам а не се исти. Па да кажам, амандманот предлага дека во текот на 1993 и 1994 година да врши исплати во динарска противвредност во висина, сега веќе коригирам, од 100 ДМ по штедна книшка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Рекоа месечно.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не гледам овде месечно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не тој. Тој кажа на говорницата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Не гледам дека е тоа техничка, тоа е суштинска работа, а сега дополнително да се додаде и тој атрибут месечно износот од 845 број на штедни книшки во Република Македонија помножете го со 1.200 ДМ годишно ќе ја добиете сумата од некаде 900 милиони ДМ што треба да ја исплати РМ, дозволете ако вие ги определите изворите и ме убедите дека јас ќе го остварам тоа од половината од тие средства или една десетина

јас, не само јас со два прста ќе гласам со 10 раце овде за тој амандман. Тој ќе остане мртво слово на хартија, таквото решение законско ќе испадне дека Парламент и пратениците се залагале, а некој друг е виновен, затоа што цело време ние оперираме со заробените штедни влогови, притоа доведувај: одредени граѓани во заблуда дека не се работи само со заробени штедни влогови, туку и за потрошени кои ги нема. И, евентуално ги има во форма на друга вредност во државата која треба да наоѓа мерки како што наоѓа преку создаденото државно богатство, преку становите, деловниот фонд, трансформација на општествениот капитал итн. и евентуално нови форми преку кои треба државата да се оддолжи на граѓаните се додека почне да функционира банкарскиот систем и се врати довербата на граѓаните во постојниве или во други банки и почне да циркулира целиот организам и да може да се реализира целиот долг.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кој многу бара не добива ништо на крајот. Така ми се чини мене. Тој амандман е толку необичен и толку е милослив што просто тоа е една милостиња за тие што работеа, не се смејте, затоа што тие денес плачат дома. Тој амандман е милостиња. Со она што бара многу, многу и сега еден амандман направија тројцата пратеници да им дадеме по 100 марки месечно. Господинот пред мене направи една голема математика, но да ја видиме математиката на оние што штедеа, што ги доведоа до нула. И кога станав првиот пат, реков да не станувам повеќе кога мислев малку повеќе да се направи, гледам дека навистина оние кои ги украле парите не ги враќаат. Стави му крст. Амин. Тие пари се украдени. Тие пари се земени. Арамијата никогаш не враќа пари, бре. Не со амандмани, не со незнам со што, тој не ти враќа пари. Кој ги зел, ги зел, а другите на здравје. И јас се

чудам сега некој да стане да брани некого кој зел пари. Пак ќе постапам така. Барам од Владата, ја молам Владата, оваа Влада да го замоли Никола Кљусев или ако ви го даде списокот на арамиите да ги прочитаме кои се арамиите што ги зеле парите и каде ги употребиле и некаде да ги има дадено како инвестиции тие се украдени пари од некого. Никој не ве овласти вас да давате туѓи пари. Прашајте го светот надвор во која држава се крадат пари. И пак ќе ви речам, ова го слуша светот, на арамија пари нема да дадат, кога вие не сакате 100 марки да му дадете на едно семејство да живее. Кој е тој што ќе ви даде од Европа толку или од Америка ќе ви пушти да ги украдете, кога на свој човек не му давате. Срамота.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дел од мојата дискусија ја кажа пратеникот Стојановски. Мене навистина не ми е јасно за што ќе гласаме. Доколку текстот што ни е предложен треба да се гласа не го прифаќам заради тоа што мислам дека е понеповолен од тој што го предлага Владата. Владата предлага месечно до 20% од штедачите, а овде се предлага годишно за 100% од штедачите. Доколку го прифатиме усниот предлог што беше овде од предлагачите, не го прифаќам заради тоа што предлогот е по 100 марки месечно, по усменото излагање, а сега јас прашувам бидејќи имаме 52 0 илјади штедни книшки до 10 0 марки, тоа вклучува и 16 марки, по таа одредба од усмено изложеното (се обраќа на неко од пратениците) покажувајте си вие тоа за себе тоа што го покажувате, бидејќи законот е прецизен по 100 марки на тие што се со 16 сигурно нема да додадеме со законот по 10 0 марки да исплатуваме Значи, треба да стои до 100 марки а не по. Значи и предложеното не го прифаќам затоа што фали месечно и усмената корекција не ја прифаќам заради тоа што се брише зборот "до". Ако имате

сега трета варијанта повелете изложете ја и за неа ќе размислиме и средете се пред да го предлагате амандманот.

Ако го прифатиме она што вие евентуално мислите дека треба да се прифати тоа е предлог по кој секој штедач ќе добива по 1.200 марки годишно 12 месеци по 100 марки. Книшките што можат да дојдат до таква исплата се сите што имаат над илјада марки. Тоа се негде околу 200 илјади книшки доколку бројката од 5 илјади нагоре до 5 илјади е 95 илјади книшки, тука не е разбирливо, ако е 35 се намалува за 60 оваа бројка од 200 илјади. Двеста илјади марки најпростата математика односно 200 илјади книшки по 100 марки месечно се 20 милиони марки месечно по 12 месеци 240 милиони марки со овој амандман вие нудите државата да исплаќа годишно на девизните штедачи.

Го поддржувам пратеникот Стојановски кој укажува и се сложувам дека таков амандман не е гаранција дека нешто воопшто ќе се исплати. Едноставно нема да се исплати зошто ако е можно со амандман да се исплати не ставајте вие воопшто по 100 марки ставете по 1000 марки да исплатиме и место 240 милиони нека биде две милијарди и 400, ако е можно, проблемот е што не е можно. Ние сакаме 100 пари да ги поделиме на 2 илјади луѓе ама секој да земе по една пара. Не може да земе по една пара. Затоа ги одбива овие амандмани.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Сарказмот на помладите пратеници не ме натера да се откажам од амандманот бидејќи амандманот е срочен и е потврден од гувернерот на Народната банка кој што ги знае можностите на државата, и кој што вели дека ценејќи ја тежината на револтот и незадоволството на девизните штедачи и последиците што можат да произлезат од тоа, а имајќи ги предвид и материјалните можности на РМ во овој момент се предлага итн.

итн. Инаку, господинот Наќе Стојановски кажа овде дека имаме околу 854 илјади штедни книшки што ни е дадено во прегледот во склоп на законот. Оттаму можеме да видиме дека штедни книшки во кои што има до 100 ДМ има 528 илјади и 154, а до 200 ДМ 68 илјади, до 300 ДМ 59 илјади. Што значи оние огромни цифри што ги спомнуваше господинот Наќе Стојановски веќе третиот месец ќе бидат енормно намалени и место 854 илјади книшки со кои што овде манипулираше ќе треба да се одбијат 660 илјади книшки и ќе останат околу 200 илјади книшки, околу 190 илјади книшки.

Бидејќи вие зборувавте (се обраќа на пратеникот Никола Поповски) сакав да се поврзам јас на вашата претходна дискусија, а никако на сарказмот, туку на првата дискусија каде што зборувавте дека ќе се намали бројот на штедните книшки, овде во образложението на членовите вели дека средства се собираат од продажба на деловен простор, станови во општествена сопственост и од трансформација на претпријатија со општествен капитал. Најверојатно Владата има податоци колку средства од оваа продажба ќе се собере, така да не манипулирам овде со бројки, некој ќе ги зголемува бројќите, некој ќе ги намалува.

А господинот Наќе Стојановски кажа дека повеќе ќе му одговара предлогот на Владата во член 7 каде што вели треба да се изврши исплата за задоволување на егзистенционалните потреби, најверојатно очекува и се надева дека на крајот и тој ќе дојде како социјален случај па да извади 10 0 марки, а не да може легално да добие по 100 марки секој месец.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, пак ќе се вратам малку на својата дискусија односно само дел од неа ќе кажам. Овде на оваа говорница претходно неколку дискутанти направија еден егзибиционизам со свое математично знаење. Без дигитрон израчунаа огромни цифри на пари. Јас мислам дека гувернерот на НБ на Македонија господинот Станоевски кога веќе нуди промени на членот 7 каде што вели дека по штедна книшка дека треба секој штедач да добие месечно има право да извлече пари и на крајот нуди решение како да се дојде до ова, тој веројатно е многу подобар од нас со математика. Јас сум лекар и слаб сум со математика, морам да признаам, меѓутоа овде некои колеги пратеници направија прав егзибиционизам со своето математичко знаење. Ако некој мисли дека знае има квизови на телевизија па нека изнесе таму/

Јас навистина го ценам и Станоевски пред малку дигна рака, претседателот не знам дали го виде или се направи дека не го виде, одовде многу добро се гледа, сакам него да го чујам. Ако не разубеди дека она што го напишал не е во право јас нема да гласам за овој амандман.

Исто така амандманот на госпоѓа Јумеровска и Лазаревска се многу јасни, додека правевме хумор со нив, па како не разбираме дека се однесува месечно, па годишно е, па тоа кога ќе се добие, тоа може само да им служи на чест на некои пратеници.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина ми стана беспредметно да излегувам и нема да излегувам повеќе, ако некој рачуна со дигитрони 845 илјади штедни книшки по илјада марки тоа е проблем на тој што рачуна со дигитрон. Јас само уште еднаш

сакам да кажам, овде не се прави разлика а се меша, дали од една страна по амандманот што е основан што го предложија двете госпоѓи и господинот, кој во меѓувреме е изменет од оваа говорница се работи за сосема два различни амандмани и постои една конструкција во предлог на писмото на гувернерот на НБ исто така тоа е различна ситуација и да се мешаат од оваа говорница по исти амандман тоа мене како штедач не може да ми помогне. Јас ги молам да ми помогнат да сфатам дека навистина оваа држава со тој амандман или со амандманите што претходно се мешаа дека ќе ми овозможи што побрзо да дојдам до моите девизни заштеди. Инсистирањето да се прифати амандманот од предлагачите и предлага чот исто така инсистирам да се формира амандман во смисла на писмото што го има доставено гувернерот во однос на предлогот на решението во член 7 јас останувам на предлогот на член 7 и понатака затоа што тоа е една сигурност во целата конструкција на решенијата што ги предлага законот.

Додека другите амандмани сепак за мене се фикција и не носат и не доведуваат до реално решение по мене кој во овој момент можам да го согледам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам на сите оние кои мислат дека не треба на оваа говорница да се прават и математиките, меѓутоа, ние сме доведени во една позиција што пет минути пред расправата ни е доставен амандман со кој се бара од државата, ќе објаснам повторно 240 милиони марки. Јас не можам никако да влијаам како пратеник на останатите пратеници освен тука да ја покажам таа математика. Ако се даде и од амандманот време утре да расправаме, ќе доставам писмено, не е проблем. Меѓутоа ситуацијата е таква, сега се нуди и треба да дигнеме рака за, или не. Проблематиката е многу сложена. Јас ќе сакам навистина од истите причини да го ислушам и гувернерот кој има сличен предлог во писмото на кој се заснова и предлогот од два или трк пратеници. Меѓутоа, госпоѓата Лазаревска мене многу ми помогна со тоа што дојде до фактот дека по нивниот предлог 200 илјади книшки ќе се исплаќаат секој месец 200 илјади книшки по 100 марки месечно се 20 милиони марки, годишно 20 милиони марки 12 месеци се 240 милиони марки. Таа математика е таа едноставна. Вие требаше да продолжите, дали има средства за таа работа, или не надлежна е Владата како предлагач. Владата во сопствен предлог, со Предлогот во член 7 кажува колку се средствата. Да имало повеќе средства ќе укажала на повеќе. Тоа е сосема јасно дека Владате во билансот одела со тоа. Тука има и таков спор. За да се укаже што значи 240милиони марки јас се послужив и со провизорна математика во овој момент. Ако новиот предлог на буџет е 1500 милијарди во оние до пред новата деноминација по курсот од 1300 до новата номинација ова е годишно 312 милиари што значи дека ние 20% од буџетот со овој амандман го ставаме на располагање на републиката премногу лесно. Ние можеме да помогнеме на тие девизни штедачи без проблем, ќе го изгласаме така. Само не сум убеден дека ќе

направиме добро на Република Македонија заради тоа што ќе предизвикаме дефакто, а ко не инфлација од 200 милиони марки годишно, од 240 колку што е билансот 40 нека се покријат, барем 200 милиони нема да се покријат заради тоа што и продажбата на општествените станови оди преку пребивање пред се не оди преку ќеш. Од информацијата на Владата гледаме дека малку се готови девизи. Што значи пребивањето е основата, а не исплатата на готови пари како што се нуди во амандманот. Исто така, сум убеден дека токму оние девизни штедачи кои ќе добијат по 100 марки месечно врз основа на ваквата заснованост на законот во моментот кога ќе ги добијат парите од банка ќе бидат 100 марки, меѓутоа исто така сум убеден дека додека одат на бит пазар да си ги претворат веќе ќе бидат 80 марки,, а утредента 50 марки во нивна рака во денарска противредност. Токму затоа мислам дека не треба да ги прифаќаме овие амандмани кои се туку така дадени, извинете ако е тоа нешто навредливо дека е туку така даден амандманот. Меѓутоа, за мене е туку така даден амандманот. Ќе им даваме на луѓето пари кои на улицата додека преминат ако сакаат повторно да ги претворат во девизи ќе им се стопат во раката. Тоа е огромна инфлација врз основа на која вие го предлагате амандманот. Никој нема да го поднесе тоа. Плус таа инфлација нема да биде само за оние кои ги влечат девизите таа инфлација ќе биде за 2 милиона и 100 илјади граѓани, ќе биде за цело стопанство во Република Македонија и ќе влеземе во еден вртлог од кој јас лично незнам како ќе излегуваме понатаму. И токму затоа, извинете господине Владимир Митревски што морав тука да ја правам математиката, меѓутоа така е предложен амандманот, тука пред пет минути. Како да се браниме од таков амандман кој ни носи сериозни импликации за инфлација„Јас ќе слушнам овде и други аргументи дека е, или не е така, ќе одлучам сам. Меѓутоа, моите аргументи се тоа . Доколку чујам други информации кои нудат поинаква математика тоа ќе го

прифатиме. Се разбира дека ќе го прифатиме, никогаш не испуштам аргументи. Меѓутоа, стравот е дека се амандмани кои дефакто не носат ништо ново, туку покривање од страна на државата. Тоа Владата ако мислеше дека е добро ќе го предложеше во амандман.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Овој амандман го поддржувам со тоа што уште со излагањето на господинот Арсовски беше укажано на упростувањето на администрацијата. Наместо ние сега да ја намалуваме администрацијата, со ова вака ги зголемуваме административните работи и затоа амандманот држи да биде поддржан и да се усвои. За средства? Како ние можеме да донесеме дека немало пари, да ги ограничиме сега на сто и помалку бидејќи немало пари. Зошто господата Влада и сите не ги ограничија моќниците по 40, 50 илјади марки да подигнат во забранетиот рок. Еве ги парите. Зошто не донесеме пропис да ги вратат парите кои што се незаконито земени. Тоа беше ембарго заведено. Не смееше никој да користи средства. Тие ги подигнаа девизите и сега нема. Значи тугите пари тие ги земаа и сега за овие нема пари. На овој начин можат да се најдат пари. Нека ги вратат парите, па ќе има пари. И да се достави список. Инаку ќе поднесеме и барање секој од парламентот кој , колку земал, она што го премолчи Владата и затоа таа падна. Ако Кљусев ги прочиташе тие, таа Влада ќе проспериаше и ќе останаше и понатаму. Падна Владата, затоа што премолчи и не ги кажа арамиите кои што седат во првите клупи. Ете ги парите. И сега ние овде го осудуваме целиот народ за десетина,20 моќници. Срамота е ова што го правиме на овој наш намачен народ кој донесе толку пари од Австралија и цело стопанство го оживуваа и сега им ги даваме на неколку мокници и сега ги ограничуваме, немало пари. Зошто нема пари? Зошто им ги потрошивте

кога нема пари? Зошто им ги земавте парите кога нема пари? За нив има пари да купуваат тојоти и телевизори од странство, а за овие сега за леп нема да има што ги донесоа парите тука. Мора да се донесе пропис да се жигосаат овие луѓе кои подигнаа такви пари во незаконскиот рок и да ги вратат дури и со камата досега што ги користеа.

**ВАНЧО МЛАДНЕОВ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да се произнесам по амандманот. Предлагачите на амандманот во своето образложение се осврнаа, односно својот амандман го поткрепија со писмото од гувернерот на Народна банка кој исто така јас морам да кажам дека многу го ценам, меѓутоа овој пат морам да кажам дека не се сложувам пред се како стопанственик бидејќи тој предвидува средствата кои се наменети од примарната емисија за кредитирање на селективни , однос давање на селективни кредити пред се во стопанството и во аграрот да се пренаменат за испраќање на противвредност на овие германски марки во денарска противвредност. Мислам дека тоа претставува на некој начин пресипување од шупљо во празно, бидејќи треба да се даваат пари за она што веќе на некој начин го нема, или за она што е потрошено, а да се одземаат парите од таму каде треба да се вложи во производство пред се во стопанството и во аграрот, таму каде што имаме можност да добиеме производство, да добиеме нова вредност која вредност практично кога ќе се реализира на пазарот ќе добиеме прав вредност, односно ќе добиеме права валута, валута која има своја поткрепа која има свое покритие и со таква валута мислам дека ќе можеме во права смисла да ги отплатуваме долговите спрема штедачите или во девизни штедни влогови, или во денарски штедни влогови. Оттука мислам дека нелогично е, неоправдано е ние како пратеници да поддржуваме нешто што навистина нема реална можност, навистина што

нешто не е реално покриено. Инаку нелогично би било, ниту ќе биде оправдано ниту пред нас самите, ниту пред нашите бирачи ние да не поддржиме едно решение кое е многу поприфатливо и за граѓаните и за самите штедачи и за сите нас. Мислам дека треба да бидеме во рамките на реалноста она што ќе го донесеме како закон да има практична примена и да не ги доведуваме и штедачите и самите бирачи во една неизвесност дека донесуваме закон кој навидум навистина е примамлив и прифатлив а додека подоцна во неговата практика не ќе може да биде во можност да се реализира. Со тоа практично доколку се прифати овој амандман, јас реков би гласал прв за тој амандман доколку бидам убеден дека изворите се реални и дека тоа може да се исплати. Меѓутоа јас сум длабоко убеден дека изворите кои што се предлагаат се нереални, односно се одземаат од таму каде можеме да создадеме реални услови за донесување и на денарска и на девизна валута, односно вредности кои ќе можат да се прелеат во банките и кои подоцна ќе бидат реално можни да бидат исплатувани. Оттука велам да не ги ставиме во неповолна улога, односно состојба и оние што сега Владата со својот реален биланс на некој начин направила пресметка дека барем на оние кои се навистина во една егзистенцијална потреба за да можат да им се исплатат по 100 марки месечно и нив да ги доведеме во неизвесност и тие да не можат да го остварат тоа бидејќи со промената на законот, односно со усвојувањето на овој амандман практично и овие граѓани односно штедачи не ќе бидат во состојба да ги добијат тие 100 германски марки во противвредност. Оттука велам не би можел да го прифатам овој амандман бидејќи навистина се залагам средствата што се предвидени од примарната емисија за селективни кредити навистина да бидат усмерени токму таму, да бидат усмерени во производството, во стопанството, во аграрот, каде сепак имам длабоко убедување дека е можно да се оствари ново производство, нова

вредност со која на некој начин и државата и штедачите ќе добијат сигурно посериозна и посигурна можност за да може да ги повратат своите заштеди.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, амандманот кој што ни е понуден од предлагачите Гулистана Марковска, Билјана Лазаревска и Ефтим Манев, е доста непрецизен. Сметам дека во ваква форма како што е предложен не ќе можам да го прифатам. Но, поаѓајќи од тоа затоа што некако набрзина поминавме кон амандманите кои што ни беа претходно предложени на истиот член 7, уште еднаш би ја замолил Владата своето решение кое што го има дадено во член 7 на одреден начин да го изменат, само тие тоа можат да го направат. Инаку ние нашиот дел го поминавме веќе, немаме пишан предлог, само да го допрецизира, а да биде во функција на задоволување на предлогот што сега е предложен и да се исфрли делот на член 7 за задоволување на егзистенцијални потреби. Со тоа сметам дека ќе се разреши целиот проблем, бидејќи во делот на објаснувањето, на обезбедувањето на средствата од страна на потпретседателот на Владата јас не сум убеден дека баш толку средства и можат да се остварат и дали ќе бидат повеќе или помалку така што ниту изворите не можат сега на одреден начин не можат да се потврдат колку ќе бидат, а сигурно ниту обврските. Во секој случај тоа би било само за штедачи, а тоа во делот на обврската на Владата каде што вели во последниот став: каде што ќе пропише Владата со посебна одлука само на штедачи кои што ќе се јават во банката да го остварат ова право. Така што да не ги натераме штедачите да одат по социјалните установи и од таму да бараат некои потврди, со тоа што на одреден начин само ќе се зголеми администрирањето. Не сум убеден во тоа да на одреден начин се зголеми износот заради тоа што и досега беше речено и јас во општиот претрес кажав дека до 100 германски марки имаме штедачи од 528 илјади штедни книшки. Од тие најмалку 50% се штедни книшки што се отворани во

времето само да го остварат правото за променување на границата заради добивање на потврди за тоа дека имаат штедни книшки итн. Така што на тој начин сигурно дека не можат да се загрозат овие извори што се на одреден начин планирани, а со тоа ќе се разреши и проблемот да се избегне администрирањето. Инаку, да ги упатуваме сега штедачите по социјалните установи и таму да бараат потврди, мислам дека не е во ред и не се во рамноправна положба. Оттука уште еднаш Владата нека види, тоа би било најлесна интервенција и со тоа би се разрешил целиот проблем.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Мојата интервенција е скоро во ист правец тоа што го кажа претходниот дискутант. Инаку, пратеникот Никола Поповски се изјасни дела амандманот бил ставен на самата седница што е неспорен факт, но треба да знаеме дека неспорен факт е дека и самиот закон е ставен на самата седница. И ние не можеме да бараме нешто повеќе од тоа што се случува денеска. Инаку, јас незнам од каде од оваа страна пратениците изоценуваат дека ако се примени овој начин дека државата ќе заглави со 200 милиони, или 300 или 500 милиони марки. Дали не би заглавила на истиот начин како што е сега предложено? Кој ќе ја прави таа селекција? Јас само би кажал едно, од буџетот на Република Македонија се исплатуваат средства за социјални случаи. Јас сум длабоко убеден дека такви средства користат луѓе што возат и мерцедеси на територијата на Република Македонија. Која е таа служба што ќе може тоа доволно да го иззоцени кој е социјален случај или не во ова време. Затоа што социјални случаи можеме да ги најдеме и најразлични шпекулации да вршат и да се побогати далеку од било кој, дури и од некој министер. Па во тој дел сметам дека ако та тежи овој амандман неопходно е да прекрати расправата по овој закон и владата да го преиспита уште еднаш и да понуди решение во

духот на тоа што зборуваше Петар Георгиев. Од каде би знаела Владата колку свадби ќе има во 1993 година и 1994 година. Од каде ќе знае колку ќе има умрени луѓе. Од каде ќе знае како ќе расте бројот на социјалните случаи. Затоа сметам дека и планот на Владата не е до тој степен реален што сметаме дека државата нема да биде потресена. Може да биде заштитена државата само во тој дел што пишува до 100 марки ќе одиш и нема 100 марки, ќе му даде 20 марки, нема денес, утре нем ми се чини дека треба малку постудиозно разрешување на овој проблем ако носиме ваков закон и ако има средства, ако нема средства, тогаш воопшто да не го носиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се утврди неспорно дека се појави претходно прашање дека Владата ќе треба да ни пружи многу поблиски податоци за оние штедачи што се на број над 500-тини и толку илјади, колку е нивната вистинска содржина во штедните влогови. Меѓутоа сакам да укажам господине Поповски, не се служам со имиња, меѓутоа, ќе укажам сега редовно зошто. Вие овде на оваа говорница кажавте по однос на амандманот дека секој ќе треба да добие 100 марки според законот. Овде е правото од штедење, овде Е правото од договор, колку имаш во договорот толку ќе можеш да го оствариш тоа право. Што значи дека амандманот од правна гледна точка и форма е исправен. Се применува тука правог. што го имаш од договорот. Понатаму, ќе го надополнам господинот Ефтим Манев кога говореше за бројот што ќе се појават за книшки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Обично статистиката во светот, па и ние сме дел од светот, покажува дека книшките на вака незнатен износ, најмалку 10% се лошо чуваат од имателите на книшките, од сопствениците. Другиот процент се уништуваат. Третиот процент што има удел, луѓето умираат, па настанува процес на наследување и додека да се оствари кој ќе биде, што ќе биде, што значи дека формата на оние што ќе се јават во тој момент за остварување на тоа право се ограничува со многу околности. И, на крај, времето. Никој не може да се јави, да се случи таа работа од сите 500 и повеќе илјади, да ја идеализираме сега работата, да се јават одеднаш и го користат сега тоа право сите 800 и повеќе илјади штедачи и сите 800 и толку илјади да се јават веднаш истиот ден.

Затоа, кога рече Манев и Георѓиев дека има потреба од Владата од податок од Владата по претходното прашање, да ги видиме средствата што се и како се, кои се и до каде ќе може да се покријат со реалните извори. Тогаш овој амандман навистина ќе има сила и ќе може да има економска поткрепа Вака, јас се согласувам со некои забелешки дека може да стане нешто имагинарно. Меѓутоа, ако реалноста, господа предлагачи ако не сте имале можност да ја направите оваа работа, меѓутоа, за жал, и при понудениот закон Владата уште помалку податоци дава токму во оваа смисла, да видиме колку пари се на тие книшки, колку се тие. Само се вика толку се штедачи, до толку , толку се до толку и се затвора кругот.

Понатаму, кога говоревме, пак ќе се вратам на една околност во врска со овој амандман, кога говоревме за реални и нереални пари, за продажба на ова, господинот министер за финансии мене ме убедуваше овде дека имаме откажување од право. А, овде, како ќе ги поклопуваме тие средства

од штедњата? Таму, со продажба на имот, се откажува државата од правото, а овде кој ќе се откаже од правото? Пари нема. Реалноста е тоа. Ако можеш на едно место да се откажеш, дај го тоа место сега да видиме од каде не се откажуваш.

И, заборавив, четвртиот момент, токму за ова, Владата овде, премиерот излезе и на оваа говорница рече дека 150 милиони германски марки се намалени од вкупниот долг преку фиктивна продажба преку средствата за становите. Ако тие пари сега се намалени, како можеме да имаме поголеми корисници? Значи дека овој податок или е од порано или не е точен сега. Ако е точен сега (интервенција од место)...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина, немојте.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако тргнеме по оваа норма редовно е ова што го кажува сега да го одговорам што не сум должен, меѓутоа штедните влогови кај девизите не се сите со 10 со 12, со 7, меѓутоа има и камата по видување. Па, кој одредил дека каматата е 15%? Нема таква камата, но некој и таа камата ја смета.

И, ќе кажам пак господине Душане, ако не ја знаете проблематиката за каматата не се јавувајте.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Овој амандман опфаќа една доста чувствителна проблематика и нормално што побуди една широка расправа. Од искажувањата е недвосмислено дека со овој амандман се сака да се внесе одредена правичност во смисла на правото што го дава членот 7, а да се избегнат евентуалните последици од администрирање па се што е сврзано да може

субјектот, извршителот, банкарскиот чиновник да одлучува за вакви сложени права.

Прифаќањето на овој амандман во секој случај ќе разреши доста од овие прашања. Меѓутоа, со право Владата укажува во каква состојба би се нашла Републиката ако ова биде така во целост реализирано во текот на двете години, како што е понудено во самото решение.

Од тие причини, неопходно е потребно ова прашање малку да се погледне од двата аспекти. Заради тоа, јас упатувам еден предлог до Владата и до предлагачите, во смисла на изнаоѓање едно решение со кое ќе се постигне квалитет во делот на надминувањето на овие прашања за кои беше укажано и од предлагачите на амандманот, а истовремено ќе се даде и една помала отежителна околност на обезбедувањето на потребниот опсег на средства. Зборот ми е, со прифаќањето на овој амандман од Владата и предлагачот, во една изменета форма во смисла на додавање еден додатен став што ќе оди на линија на лимитирање максимален износ што може во текот на годината да биде исплатен по овој основ, а кој износ да биде во некои сносливи рамки што ќе може да биде прифатено во делот на обезбедување потребен опсег на средства. На тој начин ќе се избегнат опасностите на што укажува Владата од аспект на обезбедување средства, односно инфлаторни елементи што ќе бидат предизвикани од линеарната примена на решението содржано во овој амандман.

Затоа, уште еднаш апелирам и до Владата и до предлагачите на амандманот во изнаоѓање на едно додатно решение со регулирање преку ставот 2, за лимитирање на вкупниот износ што може да биде исплатен во текот на годината.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Останувам и понатаму дека не е прецизен и со дополнувањето дури поголема забуна прави. Укажувам на едно, ниту една дискусија не треба ни да се надценува ни потценува. Никој не дискутира непотребно.

Сметам дека треба да се прекине расправата по овој амандман за да се прецизира, мислам на овластените предлагачи групата пратеници, Владата и 10 илјади избирачи, ако има фонд на време. Прво, текстот на законот е наменет само за вонредни прилики, да се изврши исплата. Значи, оние наведени во текстот. Редовната исплата, во главниот текст предлогот за редовна месечна исплата, 24 месеци, тоа е 1993 -1994 година, не се вклопува по природа. Може да се мисли за еднократна исплата, да се размисли на сите штедачи до 100 марки за овој период. Финансиски треба да одговори Владата односно властите.

Тоа е една обврска, а може понатаму да се задржи обврската за егзистенционални потреби. Или пак да се исклучат. Но, треба да се одлага.

Второ, овие дискусии подигнале штедни влогови па тие уште не ги знаеме, од пратеничкото прашање веќе 6 месеци. Тие терористички не ги подигнале штедните влогови. Имаме 2-3 банки што ги исплатиле. Поарно спрема нив да се упатиме. Ние се "кој ги подигнал?" Па, не ги подигнал со автомат. Овластената банка, јавна служба врши, му ги дала , исплатила уредно, преку тековна книшка. Вие се одите како некој непознат. Сметам да не ги апстрахираме работите, да се прекине расправата со тоа да се обмисли овде дали за еднократна има средства до 100 марки или само за егзистенционални или да се искомбинира. Ова е, ако се уплати по 100 марки на секој штедач, одиме во ширина на одредена солидарност. Ако одиме само за вонредни прилики, текстот го имаме. Сметам дека треба да

се прекине бидејќи текстот не е прецизен. Ние треба да исплаќаме личен доход 24 месеци. Тоа е 2.400 по штедач ако одиме секој дека има право 24 пати. Па, ќе дојде милијарда и 900 милиони марки.

Јас сметам дека треба да се прецизира. И така фонд на време немаме. Ако земеме по поранешната пракса со амандман не може да се упаѓа пред микрофон. Природно, треба да се даде време да се размисли.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исцрпена е листата на говорници.

Има збор господин Станоевски, гувернер на банката.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Моето писмо предизвика прилично расправа и одзеде многу време. Моето писмо е упатено до претседателот на Владата, а копија од писмото се упатени до претседателот на Републиката и до претседателот на Парламентот.

Прво, заради тоа што сметам , она што го слушнав од претставници на девизните штедачи треба да знае претседателот на Републиката и претседателот на Парламентот, а второ, таква обврска зедов пред претставниците на девизните штедачи да го запознам раководството на Републиката со нивните барања. Според тоа, моето барање е упатено до Владата, Владата да го разгледа на своја седница и да се произнесе, да го прифати или да го отфрли и таму требаше моето писмо да заврши.

Писмото не е упатено до ниту еден пратеник лично, па ни до пратеникот Никола Поповски. Според тоа никому од вас со тоа писмо немав намера да вршам притисок за некакви нестручни и незнам какви решенија.

Второ, во предлогот на амандманот на член 7, бидејќи јас и не знаев дека е доставен овде, денеска случајно го најдов во купот на хартии тоа писмо, навистина е направена техничка грешка. Направив преска пауза, можеби забележавте, бев до Народна банка и проверив, тоа е грешка при печатењето, треба да стои до 100 марки месечно по штедна книшка. Тоа е предлогот содржан во моето писмо. Ефектите од еден таков предлог за 1993 година, за оваа година кога сите девизни штедачи 834 илјади би го искористиле своето право изнесува околу 180 милиони марки, а за наредната година 120 милиони марки.

Видовте, во моето писмо предлага овие средства треба да се обезбедат од завршување на процесот на продажба на општествени станови. Таму веќе се обезбедени 13,5 марки во Народна банка на Македонија и од продажба на деловниот простор од која активност, според образложението во законот, треба да се остварат околу 300 милиони марки. Според тоа, ако се изведе само оваа активност коректно доволна е да обезбеди доволни средства за така формулиран член 7 за 1993 и 1994 година.

Можеби е овде сега грешка во чекори, требаше на иста седница, на ист дневен ред како претходна точка да се најде законот за продажба на деловниот простор, а потоа да биде законот за гаранција на девизните штедни влогови на граѓаните и обедување средства за нивна исплата. Ако тој закон не го донесете, ако не го донесете со содржина што ќе гарантира обезбедување такви средства какви што се проценуваат,тогаш навистина ова е еден голем исчекор од реалните материјални можности на Републиката.

Инаку, мојот предлог оди и понатаму, и внесува нешто радикално, ако од овие два извори не се обезбедат доволни средства, бидејќи јас воопшто не рачунам дека во текот на 1993 и 1994 година ќе има ефективни средства

од приватизацијата на општествениот капитал односно приватизацијата на претпријатијата, посочувам и трет можен извор ако се погреши во проценките, тоа е во рамките на проекцијата на кредитно монетарната политика за оваа година износот наменет за кредитирање на стопанството да се намали и издвојат средства за девизните штедачи. Ова е прашање по кое веројатно Парламентот треба да ја оцени опортуноста, дали е прифатлив еден таков предлог или не. Меѓутоа, веќе во петокот усвоивме измени на законот за Народна банка според кој од март идната година се ослободуваме од селективни кредити. Усвоивме и друг закон, според кој, 45 милијарди отстапување на тие организации, речиси без никаков надомест, со некоја обврска да пресметуваат камата и уплатуваат во своите деловни фондови. Според тоа, направивме една голема, така да речам привилегија.

Според тоа, по мене, создадени се реални шанси да се издвои од таа примарна емисија која до сега одеше со поддршка на еден сектор во стопанството, да се издвои дел, но ако не се обезбедат потребните средства од продажбата на деловниот простор и тоа во рамките на примарната емисија.

Ако денеска се усвои таков текст на членот 7 мислам дека Собранието треба да усвои работен заклучок, веќе на наредната седница да се стави на дневен ред Законот за продажба на деловен простор и да се стави што е можно по кратка постапка за негова реализација.

Толку. Мислам дека некои работи објаснив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Немојте да ми забележите, но прво морам да ве потсетам.

Првиот пат гласавте за амандман на Комисијата за економска политика и развој кој е истоветен со намерата на овој амандман. И, не го прифативте. Од тогаш расправаме за целокупната таа проблематика за уште еднаш да се навратиме на истата проблематика.-

Коригираниот текст на група пратеници е истоветниот текст што беше предложен од Комисијата и не се прифати од причини што пропусната моќ на овој закон е одмерена само за одредена категорија. Тоа е договор при конципирање на законот, со самите штедачи што во Владата не доаѓа еднаш и два пати и три пати, туку доаѓа често пати. Во нивните барања, во основа го акцентираа прашање' за онаа категорија граѓани што имаат потреба од нив или немаат доволно средства да обезбедат нормална егзистенција или немаат никакви средства па имаат потреба да ги користат заштедите, мора да се најде решение. Членот 7 е во таа функција и во договор со таа категорија на штедачи.

Соодветно на тоа решенијата во членот 8 и 9 се во функција на сите штедачи кои ќе се јават за такви потреби , а исто така извлекуваат средства и мора да се билансираат тие средства. Молам, не е од небо капнат закон. Расправан е во сите можни структури и со штедачите и во стопанската комора. Да ве информирам дури и во Академијата на науките и уметностите на Републиката... (реакции од пратениците со "е-е-е-е")

Без "е-е-е-е" затоа што имаат цена целата оваа работа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина .

Вие само продолжете.

(Смеење во салата)

**БЕКИР ЖУТА:**

Јас сум должен овде да слушам, цел ден ќе слушаш и ти. Да, да.

Господинот пратеник, во концепцијата своја и образложението свое дека се врши толку и таква мала измена во членот 7 и зошто толку прашина се крева јас само да го потсетам дека таа прашина чини од 32 милиони марки, вака како што е концептиран членот 7 се проширува на 158, само по тој основ. Ве молам, тоа е таа цена. А, дали со еден збор или со два збора, има цена до 158 милиони од предвидените 32 милиони по тој основ. И, мислам кога расправаме за тие проблеми, мораме да водиме сметка за билансите и билансните можности. Само во тие рамки можеме да ги реализираме правата инаку, нам и не ни треба да донесеме закон ако имаме доволно биланси, ќе ги извршувавме обврските према банките, банките ќе ги извршуваат обврските према штедачите, и немаше Собранието да расправа по тој проблем. Меѓутоа, во 6д треба да се решава проблемот и поради тоа треба да се обезбеди определена рамка.

Второ, денеска, од страна на гувернерот на НБ ни беа презентирани некои размислувања кои малку водат и на страна, би рекол, затоа што тие размислувања, прво, ако треба да бидат конципирани, треба да бидат предмет на уредување со одлуката за целите и задачите за политиката во 1993 година и Проекцијата на монетарно кредитната политика во 199 3 година. И, солуциите дека за сметка на преостанатиот дел од селективните кредити до крајот на 1993 годи да не се кредитира ниту еден денар во кредитирањето на земјоделието до крајот на 1993 година и би можеле на

овој начин да го решиме мислам дека не е решение кое може да се препорачува од стручњак и слично.

Мислам дека такви работи можат и треба да се билансираат. Тоа бара нова одлука за целите и задачите вон од параметрите за утврдување на одлуката за целите и задачите, со фиктивни параметри за креирање на одлуката за целите и задачите за да создадеме простор, па тогаш да тврдиме дека во рамките на проектираната монетарно кредитна политика за 199 3 година ќе издвоиме и дел од средствата и покрај тоа што фактички нема да биде тоа, туку ќе биде нешто друго. Мислам дека со вакви солуции не треба да излегуваме и да збунуваме.

А, уште помалку со податоци што не се одраз на стварноста. Видете, една работа се вкупните ефекти од продажба на становите, и она што се очекува од продажбата на деловниот фонд, тогаш кога Собранието ќе се согласи да го донесе тој закон. А, друго е кој дел и која структура на тие девизни средства се во ефектива, а другите се само пребиени. Ве молам , немојте да правиме калкулации за утре, за она што треба денес да го правиме. Мислам дека лоша услуга правиме за сите нас, а најмногу и за штедачите ,затоа што ќе креираме решенија во Законот што не ќе бидат остварливи, а тие со таква состојба се среќаваат, тие бараат нешто да можат да решаваат од своите секојдневни проблеми.

**БЕКИР ЖУТА:**

На крајот уште еден проблем , вие имате една изјава од поранешната Влада потврдена од оваа Влада, во овој состав, некаде во септември 1992 година, депонирана овде, според која сомневањето дали некој од министрите тогашни и сегашни министри во Владата на РМ ја злоупотребиле својата позиција тие се спремни, изјавуваат дека се спремни,не да даваат изјава, книшките нивни да ги депонираат да ги проверите, да ги проверат банките и тие да даваат извештаи дали ја злоупотребиле.

Второ, ви сугерираме пред пратениците,а ко сакаат аз себе исто така да се чисти, истото да го направат, меѓутоа, ние не можеме никого со силина на тоа да го тераме да го прави или да го правиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, сега многу идеи дојдоа. Само сега ние расправаме по овој амандман. По објаснувањето што го даде овде господинот гувернер, овој амандман може да има реална основа и да ја стекне та основа, ако се донесат и други акти еден од тие акти е законот за продажба на деловниот простор. така објасни. Инаку без тоа нема покритие. Пота второ покритеие, ако со тоа нема доволно покритие , би требало да биде односно да се измени проекцијата што е овде предложена, од Владата, а изработена во Народната банка.

Видете, ние можеме да седнеме, да чекаме,овој закон да не се донесе, додека овие работи не се свршат. Ќе го немаме овој инструмент што сегашниот член 7 го има. И веројатно на луѓето би им помогнал, ако сега го донесеме законот како што е сега предложен од Владата. Можеме да не го донесе. Меѓутоа, а да кажеме тогаш да го донесеме така со сите тие биланси кои што ќе произлезат од законот за продажба на деловниот простор и од променетата проекција на монетарната политика и нејзините

цели и задачи за оваа година. Меѓутоа тоа е полоша варијанта. Можеби е подобра варијанта ние сега да го донесеме овој закон и овој член што Владата го има и со овие цели, а кога ќе ги донесеме тие акти ќе го измениме и дополниме законот, затоа што тогаш билансно ќе има покритие. Ако сега го донесеме законот, да не го одлагаме, и тоа да го донесеме со амандманот како што се предлага, а да не е донесен законот за продажба на деловниот простор и не е изменета проекцијата за целите и задачите на монетарната политика и уште што треба да се изврши, тогаш ние работиме неодговорно. Се разбира на таков начин ние создаваме обврски, а немаме обезбедено извори. Тоа е она што произлезе од излагањето на предлагачи на амандманот, гувернерот и господинот Жута потпретседателот.

Патем, инаку, очигледно е дека неколку пати се покажува овде потребата од поинтензивна, поблиска соработка на Народна банка или на гувернерот со Владата, да не доаѓа овде до вакви разлики како што сега дојде. Тоа е, веројатно патем мој заклучок, може не е добар може не е точен, но јас тоа го стекнав и мислам за таква одговорна работа како што е целата таа монетарна сфера, таму не треба да има такви расчекорувања.

Но сега како да излеземе. Мене не ми останува ништо, а ова е ете, јас тој впечаток го стекнав за овој проблем содржан во членот 7 и во амандманот сегашен. Ние немаме друго формално право освен да ја продолжиме постапката. Може да се случи, јас можам да не ја продолжам постапката сега само во два случаи, ако предлагачите го повлечат амандманот или Владата да си го повлече законот. За една од тие две работи. ако се повлече законот, целите содржани во сегашниот нивни член 7, за нив некој к.е треба да преземе одговорност до донесувањето на закон зошто на луѓето не им се исплатува тоа што тие го предлагаат. Тоа е . Ве

молам. Затоа ако амандманот останува, јас продолжувам со постапката по амандманот.

Дали уште некој бара збор по амандманот.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи господинот претседател се обиде навистина да даде некој предлог како да ја надминеме оваа збрка што настана, за да можеме ние тројцата да одлучиме. Затоа јас ќе го замолам претставникот на Владата да ја каже разликата меѓу досегашната одлука врз основа на која се исплаќаат истите средства и која е разликата меѓу досегашниот начин ан исплаќање и новиот закон. Што ново нуди новиот закон во однос на досегашното исплаќање, на девизи по иста основа. Јас имам пример еве ќе ви кажам за смртен случај кога отишле луѓето во банката им побарале фактура од "бутел". Не врз основа на умреница туку врз основа на фактура што е век' исплатена. Кога отишле во банката со фактура, а луѓето се задолжиле да ги исплатат овие долгови, таму најверојатно, во член 14 вели поблиски прописи за спроведување на законот ќе донесе министерот за финансии, сигурно според некој пропис на Владата има список кој работи да им се признаат за трошок а кој не за нивни пари. Па според тоа венци не се признаваше, ленти на венци не се признаваат, се признава само најевтиниот ковчег. Мисла: една грозна ситуација за луѓе што се наоѓаат во таква ситуација. Затоа уште еднаш ќе го замолам претставникот на Владата да каже, за да можеме ние тројцата да одлучиме дали да го повлечеме амандманот или не. Значи која е разликата од досегашниот начин на исплаќање и законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова барање го поставуваат предлагачите на амандманот за да се определат за судбината на амандманот.

**БЕКИР ЖУТА:**

Прво да ви кажам дека никаква одлука не постои врз база на која се извршува исплата во вакви случаи што се предмет на уредување на овој закон. Меѓутоа, банките притиснати од притисокот на реалните состојби со штедачите, од сопствениот потенцијал се откажуваат од редовни пласмани во подржување на стопанството и еден дел од тие средства ги пренаменуваат. И тој дел, исто така односно за него, 50% треба да обезбеди Републиката за да им го рефундира на банките заедно со каматата. Банките од својот потенцијал притиснати од состојбите, реални што се среќаваат со луѓето во секојдневието од своите средства, а нема одлука врз која што банките тоа го прават. Квалитетната разлика со овој закон е што на банките треба да им се обезбеди можност за овие намени средства. А сега тие од сопствениот потенцијал под притисок на состојбите излегуваат во сусрет на штедачите во одредени ситуации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако можев да разберам досега не постои законска обврска од овој карактер, туку од објективната ситуација колку таа ги тера банките тоа го прават и даваат свои средства. Сега со законот се создава таква основа.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Од се ова што беше речено, јас пак колку можев да разберам, значи дефакто постои каква таква исплата. Можеби не е регулирана преку законот, меѓутоа, банките стекнати зашто сепак имаа таква обврска, зашто на крајот на краиштата никој не земал штедна книшка кај Владата туку отишол кај банката, тие ги исплаќаат. И за мене барем во разговори со

другите претставници подобро е Република Македонија да обезбеди закон што ќе нуди можност секој да подигне дел од својот штеден влог, отколку да биде на оној начин што е понуден со законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи можам да разберам дека не го повлекуваат амандманот.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Никако.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Дами и господо, мислам дека законот денеска мора да се донесе, неминовно нема одлагање. Граѓаните, девизните штедачи чекаат на овој закон. Меѓутоа предлогот што го предложи претседателот на Собранието господин Стојан Андов мислам треба да го прифатиме и така да изгласаме. Меѓутоа станав и сакам само да додадам, да направиме една пресметка на девизните потреби вака предвидени со законот и додаден амандманот што се предлагаше, месечно 10 0марки да прима секој вложувач и да изнајдеме по месеци колку за првиот , вториот, третиот до 24 месеци за две години. И тогаш ќе ни биде јасно колку средства се потребни колку средства можеме да обезбедиме и ќе најдеме реално за дополна измена на законот откако ќе биде донесен законот за деловен простор. Така на некој начин мислам дека штедачите не се во земјата еден дел, други штедачи се што имаат само по десет или 15 марки на штедна книшка, а трети кога дава гаранција банката на штедните влогови кога еден ден ќе им се вратат сигурно нема да ги вадат од банките и ќе останат таму натаму да се користат. Така што мислам сега со ваквите преземени активности од страна на Владата, министерствата, мислам дека и ја подобруваме состојбата за враќање на

средствата на граѓаните и мислам дека довербата ќе се врати на граѓаните за штедните влогови и денарски и девизни. Значи зборот ми е да се направат месечни пресметки и кога ќе биде законот за продажба на деловниот простор,да биде присутна и таа пресметка за де видиме како ќе се одрази.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сега веќе на крај разбрав дека во овој момент, сепак, не постојат реални извори на средства за да може да се прифати амандманот, видо изменет во форма како го доставија тројцата предлагачи. И дека тој амандман може да се прифати, реално да живее во законот, само ако претходно се создадат други услови. Тоа е да се донесе законот аз продажба на деловниот простор на начин на кој што е предложен и ставен во процедура.

Оттаму е извлечен и заклучокот од господинот претседател на Собранието овде , на таков начин и да се постапи, доколку условно се донесе тој закон. Сепак тоа наведува на заклучок дека судбината на овој амандман зависи од овој парламент, само не денеска, туку претходно од донесувањето на таквиот закон што треба да создаде услови, реални како и можности за спроведување на амандманот во практиката за да можат девизните штедачи и да го остварат своето право што ќе биде инкорпорирано во законот.

Оттаму, ако тука веќе нема двојбеност во размислите дека тоа треба да биде така, јас предлагам и работен заклучок во врска со усвојувањето на овој закон овде, тоа да се направи , донесувањето на законот аз продажба на деловниот простор да биде најдоцна до 15 јуни оваа година, а во меѓувреме најкасно до 30 јуни 1993 година да се изврши измена, евентуално измена и дополнување на законот за гаранција за депонираните

штедни влогови на граѓаните. Ако на некој начин ние како парламент овде својата енергија ја искажеме само на оваа седница, а заборавиме на практичните обврски што ќе произлезат понатаму, мислам дека ќе ни биде промашена и оваа седница, а и нашата функција како парламентарци и сериозни луѓе.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници,јас сум да ви кажам искрено, воодушевен од искажувањата од одделни пратеници особено од потпретседателот на Владата кој ни објасни дека ако овој амандман се прифати што предвидува сите штедачи да добиваат по 100 марки месечно дека е нереален односно дека е една фикција. Затоа јас ќе се навратам и ќе кажам дека целиот овој закон, исто така за мене е ако така се размислува, е една фикција. И цело време ние овде се убедуваме дека треба да донесеме закон а всушност донесуваме политичко покритие на една коалициона политичка влада, која немајќи реални услови и средства да го разреши проблемот со девизните штедачи и девизните заштеди, ни предлага овој парламент да учествува во донесувањето на една политичка одлука, односно да не претстави како Централен комитет на некоја партија. Јас затоа мислам дека Владата треба да си го повлече овој закон тоа е политичка одлука а не закон и да не ги земјава и да не ги мати девизните штедачи и сите нас овде ако парламентарци и целото граѓанство во Република Македонија.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Би сакал само да укажам на моментот, бидејќи членот 7 предложен од Владата не е еднаков спрема сите граѓани. Тој, ако оди до Уставен суд истиот ќе ја доживее судбината како и другите закони, кои по тој основ одат пред Уставниот суд. Не можеме граѓаните да ги ограничиме во нивните права кои имаат право на своите штедни влогови подеднакво сите. Каде е таа рестрикциај што ја прави законот? Тоа е едниот дел.

Другиот дел каде имаше повеќе размислувања и дискусии по поднесениот амандман од нас тројцата пратеници, сметам дека некој дел од пратениците пак ја злоупотребија мислата искажана од гувернерот. Сега се навраќаме дека е неопходно да се донесе законот за продажба на деловниот простор. Колку разбрав од Законот за продажба на становите и од законот за продажба на деловниот простор треба да се соберат околу 300 милиони ДМ. Овој закон кој денеска ќе се донесе ако се прифати тој амандман не значи дека тие пари уште денеска ќе се подигнат. Се знае редоследот. До сега продажбата на станови тече, веројатно треба да има соберено такви пари за месец,два,три, тоа што предлагаше господинот Наќе Стојановски нека се донесе законот за продажба на деловен простор до крајот на мај или јуни оти тој е во процедура. Кој го оспорува да не се донесе? Зошто ни се тие работни заклучоци кога е веќе во програма на Владата и пуштен во процедура. Нека се форсира законот и да се донесе. А парите кои треба да се исплатат по овие критериуми ги слушнавме колку треба да изнесуваат. Затоа ми се чини дека треба овој амандман да се прифати како граѓаните би биле еднакви со своите права пред банките на кои им се заробени девизите и не треба да правиме разлика и овде каде се обесправени сите од иста држава и од исти банки.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека заради некои дискусии кои беа овде мораме да се разјасниме по некои работи.

Прво, дали има политика во овој закон, нема да навлегувам, меѓутоа, едно да се знае. Прво, со овој закон се нуди гаранција на штедните влогови на граѓаните на Македонија која до сега ја немаа. До сега гарант за штедните влогови на граѓаните од Македонија беше федерацијата. Таа федерација не постои и спрема тоа нема кој да гарантира. Сега зема гаранција Република Македонија со овој закон. Тоа е прва работа.

Втора работа бараме некаква праведност и од претходниот дискутант во распределбата на нешто што го немаме. Јас незнам дали претходниот дискутант е свесен каде живее, во која држава, па дали е свесен за состојбите во оваа држава. И јас би сакал да ги поделиме сите пари подеднакво и да не биде никој обесправен. Меѓутоа, ајде реално да гледаме. Ако се прифати овој амандман еве ја математиката која некој ја бараа. Првиот месец ќе греба да се издвојат 43 милиони 583 марки. Вториот месец ќе се издвојат 32 милиони марки. Третиот месец ќе се издвојат 25 милиони марки и четвртиот месец и другите понатаму до 1994 година ќе се издвојат некаде 19,5 милиони месечно за да се покријат сите да можат да земат по 100 марки. Па дури и така да направиме пак ќе биде неправедно оти пак е неправедно по мене некој со 500 марки да си ги земе сите 500, а овој со 1 милиони или 2 милиони марки не може да ги земе. Значи, и во таква ситуација со овој амандман пак некои луѓе ќе бидат обесправени. Апсолутна правда нема да постигнеме. Меѓутоа да се вратиме на она што е клучно. На можностите на оваа држава. Дали оваа држава може до 199 4 година да даде од прилика 180 милиони марки за овие 15-16 месеци. Реално е дека нема и заради тоа дали е подобро да

кажеме не, не исплаќаме ништо од девизните заштеди, туку ќе чекаме ќе видиме како ќе се собираат пари, дали ќе има прилив, па кога ќе имаме реално покритие за тоа, тогаш ќе донесеме закон за да биде праведен. Ако тоа го направиме повторно нема да бидеме праведни према граѓаните. За мене е поприфатливо решение она што може да се даде да се даде на граѓаните макар да не може на сите, меѓутоа, дел од тоа и државата ќе се ослободија а веројатно и многу граѓани кои имаат девизни заштеди, а имаат проблеми било од социјален или друг карактер ќе можат на некој начин да дојдат до оваа своја депонирана заштеда и веројатно сепак на тој начин би испаднале во пресрет на граѓаните и затоа многу е нереално да го прифатиме амандманот, а мислам дека не е во ред ако го одбиеме законот, бидејќи сепак овој закон нуди за одредена категорија на луѓе дел од она што го имаат како штедни влогови тие права да си ги остварат и да си ги земат. Затоа мислам дека најприфатлива опција е да го прифатиме законот онака како е понуден без да се усвои овој амандман.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, се трудам да бидам прилично коректен и сакам да му кажам на претходниот дискутант дека јас знам каде живеам, јас живеам во суверена Македонија, а тој треба да знае каде живее затоа што ако тој смета дека токму со овој закон се презема гаранција за девизите на РМ дека државата гарантира, нека го земе "Службен весник" број 24/1992, па нека види кој гарантира за тие девизи. Малку нека ги прочита законите до крај.

Од друга причина сакам уште еднаш да укажам дека доколку овој закон, повеќе дискутанти дискутираа дека се работи за фикција и што сметам дека е,ако државата смета да обезбеди 5-10 милиони долари нека

го каже тоа инаку не би се согласил никогаш граѓаните да влегуваат малку поднаведнати за да ги бараат сопствените пари. Ќе треба да одат во центрите за социјални грижи испарталавени голи и боси и да се молат за леб. Ако оваа држава има начин и метод да обезбеди начин на разрешување на девизите кои им се потрошени, нека го реши тој случај, а ако нема нека го остави така како што работеле банките до сега.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Да се разјасниме со господинот Манев иако е правник го прочита законот, меѓутоа, не детално. Тој закон што тогаш беше понуден се викаше закон за преземање на депонираните девизни влогови на граѓаните, а ова е гаранција . Преземањето и гаранцијата не е иста работа и треба да го знаете тоа. Во тоа е работата.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, очигледно пак сакаме да манипулираме со сите нас овде, а најповеќе со граѓаните и да ги дотераме до некој ќорсокак.

Многу внимателно го следев излагањето на господинот потпретседател Беќир Жута, го следев и излагањето на господинот гувернер на Народната банка на Македонија и мислам дека овде се анипулира со извесни бројки. Од познавање, од непознавање народот вели се правиме големи рачунџии, есапчии, сите тука превиме есап, а не таму каде што треба.

Навидум, овој амандман што е предложен од страна на група пратеници две дами и еден џентлмен изгледаше како да е прифатливо и нема да биде лошо, меѓутоа, ако се направи еден мал есап, мала пресметка што значат 854 илјади книшки по 100 марки првиот месец, па

вториот месец ќе останат 326 илјади, па третиот месец 257 илјади, па четвртиот 198 илјади ќе се намалат, како ќе се исплатуваат така ќе се намалуваат и ќе останат тие што се до илјада марки. Тоа ќе значи некаде ако е по 100 ДМ околу 165 милиони марки. Затоа велам разни бројки кажуваме. Овие до 10 0 марки можат да се и 50 марки и 7 марки не ги земам сите по 100. Прашање е, онаа на што даде одговор господинот потпретседател на Владата дали РМ во својата актива може да ги покрие овие средства? Одговор добивме дека не може. Ако не може дали сакаме условно да ја дотераме РМ во банкрот, дали тоа сакаме? Јас верувам дека тоа не го сакаме никој освен опозицијата. Можеби на тоа мисли. Меѓутоа, верувам дека ние како граѓани, како пратеници и како одговорни треба да бидеме на таа линија да им обезбедиме на штедачите она што можеме да го обезбедиме а не она што не можеме да го обезбедиме. Инаку, со необезбедување се знае што е, оставете тоа паѓање на Влада , ќе избереме друга Влада и ќе распуштиме Парламент. Тоа многу остро ќе звучи воопшто во светот Заради тоа мислејќи прво да го поддржам тоа што го предложија група пратеници, сега сум апсолутно го ценам мислењето на господинот потпретседател и сум за тоа да се донесат прво законите кои треба да бидат донесени па потоа да расправаме за тој амандман, а за сега да се прифати само законот.

**ХАМИД АЛИУ:**

Прво, немав намера да дискутирам по овој амандман, меѓутоа, ме изненади фактот што имаме разни концепции и разни начини и разни приоди кон оваа точка на дневниот ред.

Прво, една работа треба да расчистиме желбата и можноста Желба е желба, а можноста е можност. Јас верувам дека Владата друга можност нема, туку овој концепт што го дава и што го имаме. Ако е така по која

логика имаме разни калкуланти и разни министри за финансии овде. Ако се работи за само 100 марки зошто не кажеме и 200 и 300 марки може . Ако е така, тогаш Владата нека достави преглед што може и како може ако не може со овој концепт што е даден, а факт е дека истата Влада рече дека со Законот за продажба на становите ќе има еден одреден износ на средства, второ ме изненадува фактот што гувернерот на Народната банка ако има подобар концепт, па Владата не му е далеку зошто не седне со Владата и да го расчисти овој проблем и трето, ако некој мисли како господинот гувернер на НБ дека со продажбата на деловни простори ќе има такви средства прво, нека се проба во овој Парламент да се донесе законот за денационализација, па ќе видиме колку деловен простор ќе имаат господата да продаваат.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Господа пратеници, нема да ми замерат предлагачите на амандманот но јас како пратеник бидејќи имав само овој закон и само овие билансни можности со кој што соодветствува предлогот на законот јас инсистирам од предлагачите на амандманот најпрвин бидејќи овој е доста поголемо проширување од она што се нуди како предлог на Владата, на сите пратеници да ни достават и да имаме во увид што значи фактички овој амандман преточен во средства кои се потребни за него. Како прво, колку пари се потребни за да се покрие овој амандман од кој извори бидејќи тие извори што се понудени во овој закон се за членот 7 како што е предложен во Законот. Бидејќи има тука проширување, фактички до две години по штедна книшка потребно е 1.900 западногермански марки по штедна книшка за двете години. За едната 1.200 и за оваа година за 7-те месеци 700 значи 1.900 западногермански марки се потребни за овој амандман по штедна книшка. Јас за да се определам дали ќе гласам по овој амандман за

или против навистина сакам да имам пред се колку изнесува вкупно целокупните потребни средства за спроведување на овој амандман, но не само тоа него да ни се предложи друг член од каде извори, бидејќи од овие извори што сега Владата ги нуди може да се оствари само членот 7 како што е и предложен во Законот, а извинете навистина сакам да знам од каде парите ќе бидам и во колкав износ за спроведување на овој закон, па ќе ве молам овој амандман навистина ако сакате во крајна линија изискува финансиски средства за да може да се спроведе и мислам ако не во образложението бидејќи сега ни беше даден амандман, сигурно во усното образложение од страна на предлагачите на амандманот ние како пратеници мора да знаеме колку вкупно средства се потребни за спроведувањето на овој амандман и од кои извори, бидејќи спремен мене овие извори кои што се нудат во Законот не се возможни да ги покријат билансните можности на амандманот што го нудат предлагач? те на овој амандман. Мислам тоа е и најбитната работа во овој амандман. Ако нема билансно покритие на амандманот мислам треба да знаеме, ако има покритие да знаеме од каде ќе биде тоа. Еве тоа беше моето залагање. Тоа го барам од предлагачите на амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас би сакал да констатирам дека сите имаме желба да го решиме проблемот. Пред се Владата потоа ние сите тука. Мислам дека ова што беше речено тука дека мало се обезбеди покривање на средствата, покритие на платите, мислам дека е основно. Во Комисијата за економска политика ние се раководевме од желбата да се ликвидираат штедните книшки до 100 марки мислам од тоа тргнуваме затоа инсистиравме на такво решение. Меѓутоа, ако човек ги направи сметките малку поозбилно ќе дојде

до следната ситуација. Нас драги мои колеги само за првиот месец кога ќе стартираме со примена на овој закон нас ни треба 36 милиони 683 илјади и 800 марки Вториот месец пошто ќе отпаднат првите 500 и нешто илјади штедни книшки веќе се намалува износот а не многу на 29 милиони 851 илјада и 800 марки. Третиот месец на 23 милиони 898 илјади марки и така продолжува до 10-тиот месец. Да би после од 11 месец се свела цифрата на 18 милиони 994 илјади и така да продолжи до 24-тиот месец. А тоа значи за првата година за првите 12 месеци со овие осцилации се потребни средства од 285 милиони 709 илјади и 900 марки а за наредните 12 месеци ни требат 227 милиони 929 илјади и 200 марки или вкупно за да се оствари членот 7 така како што мислиме меѓу нив и јас на жалост и тоа без рачуница а кога ќе се направи рачуница ќе испадне дека нас ни треба не 400 и нешто милиони марки туку 508 милиони 638 илјади и 900 марки. Ја незнам Владата барем сега за сега јас не гледам сигурни конзистентни извори за покривање на оваа давачка. Според тоа да не губиме време да го прифатиме предлогот на Владата и да тргне работата да покриеме тоа што можеме објективно, да не се занесуваме.

Благодарам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Како еден од пратениците кои го поддржуваат овој амандман, а и сам ќе бев предлагач само не бев тука да се потпишам кога го даваа моите колеги. Тука госпоѓата Славјанка и сите од партиите во коалиција што ја имаат Владата цело време прашуваат од каде средства од каде средства. Јас ќе упатам едно прашање многу кратко, еден од вас нека стане да ми одговори на тоа прашање. Дали навистина сакате да се реши проблемот со девизните штедачи или не. Доколку одговорите со да, тогаш ќе станам и ќе ви објаснам како многу лесно и во рок од недела дена ќе се реши проблемот со девизните штедачи. Тврдам дека вие не сакате да го решите.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Овде не доведува во една работа да се сомневам зошто од СДС стално, грчевито го бранат тоа да не помине кога сите пратеници настојуваат да помине овој амандман. Тоа да ми дава за право да речам дека изгледа тие парите ги имаат земено сега па да не се открие, па сега ќе носиме ваква политичка одлука. Истото ќе стане и со Сорос, кога ја баравме програмата каде ќе ги дадеме парите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Мицевски амандманот е на дневен ред, не е Сорос.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Ова само заради госпоѓата Стојановска која што постави едно прашање. Прашува од каде средства за амандманот. Вели поддржувам да го изгласаме законот заради тоа што само тој е валиден овде. Јас се прашувам од каде средства за дејностите што се овде дадени за покривање т.е. во член 5 вели девизни резерви, средства остварени од продажба на станови, деловни згради и претпријатија со општествен капитал. Прво и

прво тие закони воопшто не се донесени. Значи, може да се каже ако дојде некој со сметка за свадба извинете законот уште не е донесен, или немаме продадено ниту едно претпријатие неможам да ви издадам 1000 ДМ за свадба. А по закон обврзани се. Значи до сега банките издавале незаконски, со некоја одлука, до сега издавале банките исти вакви средства а сега Владата нуди гаранција за истите тие средств^ Па истите средства ќе се издаваат. Јас не гледам некоја разлика од тоа што досега се издава и од тоа што сега треба да се издава.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас господине претседателе и почитувани пратеници ја сфатив сериозно понудата на г-дин Пановски и како штедач јас изјавувам дека навистина сакав да се реши проблемот и го замолувам да каже како за една недела ќе го реши тој проблемот. Ако го реши за една недела проблемот јас му ја поклонувам мојата девизна заштеда него. И ако го реши за една и пет години јас му ја поклонувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, сега ќе минеме на друга тема. Ние имаме амандман овде.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Доколку навистина господата сакаат да го решат проблемот во цел свет се знае како се решаваат проблемите со девизни штедачи. Банките кои што се задолжиле и им се должни на штедачите доколку не можат да им ги вратат парите ќе си одат на добош и ќе си ги земат тие што им должат. Се знае кои се банките, сите државни банки. Истите тие државни банки се знае кој им должи. Сите големи фирми. Вие и самите дадовте информација дека околу 93% од тие средства се кај нас, во нашето стопанство инвестирани. Многу лесен е проблемот. И на запад и во сите пазарни економии е така. Ако дадеш пари во банка, а банката пропадне и парите ти пропаднале. Тоа е така. Затоа проблемот многу лесно се решава

а се нема слух за решавање, а ниту се сака да се реши. Јас тврдам дека вие господо не сакате, од Владата не сакате да го решите тој проблем. Тоа го тврдам.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас само нешто во врска со предлогот на Пановски. Прво, бидејќи ми е колега по струка како електроинженер, нас на факултет овие работи не не учеа и незнам од каде овие работи волку ги знае. Веројатно му го кажал неговиот претседател на партија, кој што е директор на Југобанка и веројатно таква политика води директорот на Југобанка и тоа е некакво решение. Меѓутоа, ние можеме банките да ги уништиме, утре во стечај да ги однесеме, меѓутоа пари од каде ќе најдеме да ги вратиме. Не е проблемот банките.

Можеби не беше детален Пановски меѓутоа апелирам до Владата од лично мое име нека го повлече законот, а апелирам до ова Собрание да го овласти претенкиот Пановски, бидејќи е пратеник може да достави закон, нека достави закон за да ги решиме девизните заштеди.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Изјавата на претходниот дискутант само кажува дека и они како партија и оваа Влада овде се неспособни да владеат. Нема проблем, јас се согласувам ќе давам предлог и тоа во рок од 7 дена, но под услов да и го повлечете вашиот закон денеска и да си ги спакувате куферите од Владата и да си одите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да се разбереме. Да работиме како Собрание. Овие престрелки се можни преку весници, преку конференции за печат, не овде. Овде секој ќе излезе ако има што да каже, со проект. Ќе си да даде во постапка ќе го испрати до претседателот, ќе го дистрибуираме, ќе се види во комисии колку вреди инт. Невозможно е од говорницата тие работи да се решаваат. Никаде во ниеден парламент така не се работи. Да се концентрираме на амандманот.

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака.(33 пратеника)

33 пратеника гласаа за амандманот.

Според тоа констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 за додавање на две нови алинеја поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Собранието за овој амандман е известено дека не е прифатен.

Јас ве молам, ако се повторуваат истите амандмани од исти причини Владата не ги прифаќа затоа што се проширува и ги надминува материјалните можности за реализација на предложениот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (23 пратеника) 2

3 пратеника гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 за додавање две нови алинеи поднесен од патеникот Трајан Мицевски

Отворам претрес по амандманот на член 8 после алинеја 7 да се додаде нова алинеја 8 и да гласи:"За набавка на земјоделска механизација

Го повлекува господинот Златанов.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нова алинеја 5 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата не го прифати и овој амандман од истите причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор. (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (22 пратеника)

22 пратеника гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за додавање нова алинеја 5 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. БЕКИР ЖУТА:

Не може Владата од објективни причини ова решение да го прифати и ве молам да не се поддржува.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Овој амандман го поднесов од причини што девизните штедачи требаше да се примамат со тоа што ако вака Владата го прифати членот 8-г да може 10% да подигаат во годината од штедните влогови, а можеби секој нема да го подига и ќе се овозможи други штедачи што ги чуваат дома девизите да ги внесуваат.

Од друга страна, покрај тоа што досега Владата не прифати ниеден амандман во интерес на штедачите, се ги одби, и ги сведе само на оние 100 германски марки и тоа можеби на десетина загрозени од штедните штедачи. Значи, овој закон ептен нема никаква содржина освен една политичка, нејќам да речам, лага, дебела лага затоа што не прифати ништо во интерес на штедачите. Што имаат интерес штедачите. 100 германски

марки даваат на социјално загрозените штедачи и сега истото го даваат, што толку голема булка денеска, цел ден истрошивме толку енергија за расправа а Владата ништо не прифати во корист на штедачите за кои цела година се дискутира барем нешто да им се овозможи. Сега и ова не го прифаќа Владата и треба по мое мислење Владата ако не може да си оди дома.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (23 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 10-а поднесен од пратеникот Трајан Мицевски.

Отворам претрес по амандманот на член 11 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Извинете, во законот стои дека треба да се донесе закон. Тоа формално не е законска содржина. Според тоа мораме да го елиминираме тој амандман бидејќи не е амандман.

Отворам претрес по амандманот поднесен од пратеникот Михаил Пановски, на член 11 да се измени тој член и да гласи: "За исплатите што банките ги имаат извршено на сопствениците на старата девизна заштеда во периодот од 27.04.1992 година, до денот на стапување на сила на овој закон Република Македонија ќе изврши повраќај на средствата што банките ги употребиле за исплата".

Дали некој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам само да кажам дека овој амандман воедно ги содржи сите заложби од заклучокот, или предлогот на законот, како беше формулирано

претходното што се одби од Комисијата за економска политика и развој. Исто така, сакам да кажам дека во периодот од 27 април 19 92 година односно од денот кога Република Македонија монетарно се осамостои под притисок на девизните штедачи, а со ветувања од тогашната Влада дека по итна постапка ќе биде донесен посебен закон банките од сопствени извори на средства вршења исплати на девизните штедачи, како во денари така и во девизи за најнеопходни потреби на граѓаните, како лекување, смртни случаи, свадби, школарини, социјални случаи и слично. доколку овој проблем не биде разрешен на начин како се предлага сметам дека правата на граѓаните по овој закон банките тешко ќе можат да ги извршуваат, затоа што досегашните исплати по овој основ ја имаат нарушено редовната ликвидност на банките.

Бидејќи правата на граѓаните се утврдени со Предлогот на законот а тоа истовремено значи и обврска за банките за да не дојде во прашање извршувањето на законот и исполнувањето на овие права на граѓаните сметам дека најпрво треба да се реши овој отворен и актуелен проблем како во предлог амандманот.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата не го прифаќа овој амандман од билсни причини, меѓутоа јас морам да ве потсетам дека содржината на член 11 во Предлогот на законот е преземена од постојниот закон и никакви нови решенија нема затоа што се предлага престанувањето на последниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (21 пратеници)

Според тоа констатирам дека амандманот на член 11 да се измени и да гласи како што е прочитано Собранието не го усвои.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Јас го заклучив претресот, не го видов господинот Гошев барал збор по текстот на законот.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сакам да објаснам зошто нема да гласам за овој закон кој што е многу чувствителен очекуван закон се разбира, односно ќе бидам воздржан во врска со гласањето од неколку причини.

Прво е заради тоа што вака крупно прашање како што е девизниот долг и вкупните внатрешни долгови на Република Македонија заедно и надворешните и слично на тоа се решаваат само во рамки на една

осмислена, целосна стабилизациона програма и дека парцијалното пристапување кон вакви прашања доведува до решение кој што нема многу да ни помогнат.

Ние не сме расправале за една сеопшта стабилизациона програма, стручно подготвена од сите страни проценета,, ние не сме расправале за надворешниот долг во целина како се решава. Има објаснување зошто не е пристапено на тоа, меѓународно признавање, финансиска помош од странство и слично на тоа. Ние не сме расправале за целината на внатрешниот долг, за можноста еден дел од тој внатрешен долг да се претвори како јавен долг, за начините како може да се врши амортизација на тој јавен долг и слично на тоа. Но, предлагаме да речеме конкретни решенија како што е ова во случајот, повеќе пати повторуван со слична идеја и се доведуваме во ситуација како што и денеска имаше во дискусиите и во образложенијата извори да претендираме повеќе партии како што е на пример деловниот простор еднаш да го предвидуваме за покритие на дел од штедните влогови, друг пат за обесштетување на поранешните сопственици и слично на тоа. Според тоа пристапот е навистина нецелосен, не испроверен добро иако е прашањето е крајно сложено, се разбира, од тие причини не гледам дека овој закон нешто ќе помогне. Тој има една добра страна за разлика од некои предлози порано, таа добра страна е што не претендира на печатење на пари иако имаше предлог со печатење на пари да се решава штедниот влог, меѓутоа во таа смисла имаше и некои предлози пак во таа смисла што не беа добро прифатени.

Но, има два мали недостатоци, едната е што навистина е во право господинот Манев кога вели дека Уставниот суд има голема шанса ако се покрене да го оспори овој закон како и многу други заради тоа што граѓаните се еднакви пред законите, девизните штедачи се еднакви пред

законите и слично на тоа. И другиот недостаток е и овие минимални претензии што ги има да задоволи социјални случаи или од оние што имаат свој динар да претвори во социјални случаи и тие не се до крај избилансирани, туку во образложението читаме многу претпоставки дека ќе се соберат пари од продажба на деловен простор од станови и слично на тоа, така да немаме еден целосен биланс да видиме што се предвидува како минимум дека ние со усвојувањето на овој закон ќе го обезбедиме, а овој Парламент донесува во минатото многу, а се случи и во овој мандатен период, и Собрание порано, да донесува закони кои што немаат целосно материјално покритие. Тоа се причините заради кои јас едноставно ќе бидам воздржан во гласањето.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал исто така да го искористам своето право да кажам зошто ќе гласам за овој закон и зошто исто така ќе кажам дел од опозицијата е против овој закон, со три кратки констатации.

Прво, бидејќи со овој закон се создаваат услови за постепено надминување на проблемите на девизните штедачи односно почетно и праведно надоместување на неправдата на овие штедачи која им е нанесена сега од претходната Влада и од претходните институции.

Второ, на овој начин кај одреден дел на опозицијата и посебно кај една политичка партија се губи една одредена категорија граѓани кои досега се користеа за политичка манипулација и средство за постигнување на свои политички цели, а не да го решат нивниот проблем.

Трето, бидејќи барањето да се зголеми износот на денарската против вредност за одредени девизни штедни влогови, а тоа беше и овој последниот амандман има една едноставна цел, фактички да се навлече овој Парламент односно Владата да преземе такви обврски кои што утре

не може да ги реализира, а потоа утре кога тоа ќе се случи исто таа Влада ќе биде прогласена за виновна и овој Парламент затоа што е создадена една политичка манипулација.

**СТОЈЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас како опозиционен пратеник и член на таа опозициона партија сакам да си го искажам своето гласање односно начинот на кој ќе гласам во овој Парламент по овој закон.

Прво, целиот овој закон за мене е една политичка фикција и политички маркетинг на коалиционата Влада и единствено можно решение според мене на аферата со девизните штедачи, е во повторно склучување на договори меѓу банките и штедачите односно имателите на девизни сметки и тоа на доброволна основа затоа што оваа држава, Република Македонија се третира како правна држава односно има уставни и законски решенија и од областа на облигационото право. Граѓаните како оштетени странки можат да си ги бараат девизните заштеди преку г4аѓанска парница со почитување на облигационите односи затоа што договорите ги склучувале со банките , а гарант на тие средства била Народната банка на бившата СФРЈ, а сега гарант е РМ како сукцесор на таа бивша СФРЈ. За тоа сме сите свесни и секаде во светот одиме и бараме и се јавуваме како рамноправен сукцесор на таа СФРЈ.

Донесување на закон како што е овој го сметам за политичка одлука на оваа коалициона и политичка Влада која бара покритие за политички закон без економска логика од ова Собрание кое е законодавно тело, а не , ќе повторам централен комитет на некоја партија. Владата не ги посочи виновниците и причинтелите на оваа афера на девизните исчезнати заштеди, овде како што се кажа, тие се исчезнати, па ќе ве замолам господа пратеници како можат да исчезнат, дали некој ги стави во огин и ги изгоре

итн. Кој е крајниот корисник оваа Владата требаше да каже. Дилемата дали да се исплаќаат до 100 или до 200 германски марки месечно мислам дека не го разрешува проблемот, туку е само една демагогија за враќање на одговорноста и правна и морална за причинителите на оваа афера.

Од овие причини, почитувани пратеници ќе бидам воздржан, не сакам да учествувам, во донесување на политички одлуки во еден ваков дом како што е Собранието на РМ како врховна законодавна власт.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Ми се чини дека нема да се замериме и јас имам право да кажам зошто нема да гласам односно зошто ќе бидам воздржан за овој закон . Од сите дискусии што беа досега се расчистија некои работи и се виде колку може да им се даде на штедачите, односно да им се овозможи да си можат да си подигнат. И досега тие подигаа а и од сега ми се чини ништо ново не им се понуди. Веќе заклучокот дојде до тоа. Овој закон зошто е. Тие и досега толку земаа и отсега ќе земаат. Тие имаа права преку банките да си подигаат пари толку колку што може да им се даде и без овој закон. Се дојде до тој заклучок. Само, овој закон сега е една фарса за Владата од сега наваму да може пред штедачите да рече ете Парламентот изгласа закон ние не можеме ништо повеќе од тоа да ви дадеме од колку она што го изгласа Парламентот. Значи вината пак да помине од Владата на Парламентот. Друго не е ништо овој закон.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Во интерес на демократијата сакам да си го кажам своето мислење. Во принцип само еднаш сум бил воздржан секогаш сум бил конкретен за или против. Против изгласување на овој закон сум од причини што сметам дека членот 7 е неуставна категорија и цврсто сум убеден ако било кој ја

покрене уставноста на член 7 пред Уставниот суд дека овој закон ќе падне, од причина што мислам дека член 7 ги ограничува граѓаните во остварувањето на нивните права и врши селекција на граѓаните.

И така во ова Собрание беа донесени, а предложени од оваа Влада еден куп закони кои што потоа Уставниот суд ги оцени како неуставни, нема да биде ништо необично еден закон повеќе, еден закон помалку не ги менува многу работите, но, само ќе потсетам дек< во земјите со повеќе годишна демократија било која влада па макар и еден закон да донесе неуставен , автоматски паѓа. Кај нас оваа Влада донесе досега неколку закони и одлуки кои што Уставниот суд ги поби, а ние кај нас сеуште немаме свест и медиуми за демократија и од тие причини се случува она што сега се случува.

Исто така и од една друга причина нема да гласам за овој закон поради тоа што во меѓувреме одредени банки во Републиката се трансформираат во акционерски друштва, што значи не се повеќе државни банки. Ме интересира како може државата, тоа сме ние, Парламентот и Владата, со изгласуваше на овој закон би наложил на банки врз кои што нема ингеренции да исплаќаат одредени девизни средства, со самото тоа што самите банки се акционерски друштва ние немаме никакви ингеренции врз тие банки во водењето на нивната банкарска политика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас спротивно на оние што сметаат на оние што дека нема да гласаат за законот, јас ќе гласам за законот. Еве зошто. Кога ќе го анализираме член 8 можеме да претпоставиме дека од прилика секој граѓанин кој има заштедено да дојде во ситуација да земе од банката одредени заштедени средства.

Ќе ви кажам само примери. Во Македонија во просек имаме околу 15 илјади регистрации на бракови. Тоа значи се 15 илјади потенцијални кандидати, тоа значи се 15 илјади семејства кои што можат да дојдат во ситуација да го користат ова право. Има околу 15 илјади смртни случаи, што значи дека тука имаме потенцијални неможности и таа категорија на граѓани, тоа е можност да ви кажам дека околу 4 илјади студенти за партиципација за школарина можат да го користат ова право, исто така влетуваат во овој закон. Да не зборувам за лица кои што треба да користат за лекување во Републикава и надвор од Републикава, да не зборуваме за лица кои треба да користат лекарства потребни за лекување итн. итн. Тоа е една голема бројка кои ќе користат. И јас како пратеник да ви кажам немам право да не гласам за овој закон кој е во корист во најголем број на граѓани во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Минуваме на гласање.

Кој е за законот молам да крене рака? (53 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање ( 8 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за гаранција на РМ за депонираните девизни влогови на граѓаните и за обезбедување средства и начин за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните во 1993 и 1994 година.

Минуваме на **точка 10** - Предлог за донесување на закон за изменување на кривичниот закон на РМ, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и ОНО и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес за донесување на Закон.

(реакција на пратениците во салата).

Седете ве молам уште малку.

Молам кој бара збор?

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас имам процедурална забелешка, бидејќи овој закон е од доста суштествен карактер, а работиме без пауза од како почнавме, сметам дека не би требало така брзо овој закон да мине во ваква атмосфера која што се создаде пред малку, а имајќи во предвид дека еве можеме да продолжиме и утре и друг ден сметам дека би требало ние денеска да останеме на овие точки до кои што дојдовме. Сега не би требало да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, третиот ден од неделата сме забележале апсолутно немаме ефикасна работа и многу имаме приговори од пратениците, трети ден да работиме.

Затоа предлагам да се договориме, да се обидеме уште некој закон сега да донесеме дали можеме.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина се работи без пауза и се чувствува замор кај пратениците. Меѓутоа, мора да го осудиме начинот на кој што претседателот на Собранието се обиде да го пробутка овој закон, кривичниот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Јас се обидувам .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не,не, ве молам напуштете ја говорницата, вие нема што да се обидувате, се разбира како се разговара со претседателот

Во вторник во 10 часот ќе продолжиме со работа.

(седницата прекина со работа во 18,40 часот).